# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 15 декември 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,

Пратениците Станка Анастасова, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Дарка Петрушевска, Амди Бајрам, Горан Мисовски, Дарко Димитриески, Фијат Цаноски, Маринела Тушева, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Теута Арифи, Талат Џафери, Хисен Џемаили, Јулиета Марку, Горан Петров, Имер Селмани, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам предлгот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со друиги точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници. Сите 76 гласаа за, нема, воздржани нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, е не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се приајвил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, а координаторот на пратеничката група може да говори повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Извештај на Европската комисја за напредокот на Република Македонија за 2008 година.**

Извештајот на Европската комисија и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија,ви се поделени.

Во оваа пригода сакам да истакнам дека Извештајот на Европската комисија претставува своевидна алатка за наше поуспешно и побрзо имплементирање на европските стандарди во сите сфери. Ваквиот пристап ние го правиме, затоа што го побараа некои од нас, туку и за добробит на сите граѓани на Република Македонија, институциите, односно целокупното општество. Разгледувајќи ги извештаите на работните тела, морам да истакнам дека ние како Парламент, но и како поединци сериозно и конструктивно сме пристапиле по Извештајот на Европската комисија. Верувам дека тоа ќе го покажеме и на денешната седница што е и наша обврска како пратеници и како законодавен дом.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Извештајот на Европската комисија да се пријават за збор.

За збор се јавија: Јани Макрадули, Ѓорѓи Оровчанец, Петар Поп Арсов, Горан Минчев, Јован Манасијевски, Емилијан Станковиќ, Силвана Бонева, Андреј Жерновски, Јован Лазарев, Тито Петковски, Весна Бендевска, Џеват Адеми, Горан Сугаревски, Сафет Незири, Андреј Петров, Александар Спасеновски, Цветанка Иванова, Ермира Мехмети, Бесим Догани, Менде Диневски, Флора Кадриу, Никола Ќуркчиев, Соња Мираковска, Игор Ивановски, Лилјана Поповска, Ќенан Хасипи, Радмила Шеќеринска и вицепремиерот господинот Ивица Боцевски.

Молам, да се подели примерок од пријавените до координаторите на пратеничките групи.

Има збор господинот Ивица Боцевски, повелете.

**Ивица Боцевски**: Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, дами и господа, дозволете ми на самиот почеток на моето обраќање да го потенцирам своето задоволство што моето прво обраќање во националниот дом се однесува токму на врвниот стратешки приоритет на Република Македонија односно европската интеграција. Исто така, би сакал да потенцирам дека годинава Собранието на Република Македонија направи нов европски и

демократски пробив, со тоа што го разгледуваше Извештајот на Европската комисија на своите работни тела и комисии и на пленарната седница каде што ќе го дискутираме Извештајот сега. Тоа во политичката практика највидливо ја покажува нашата подготвеност за продлабочен дијалог и консензус во однос на исполнувањето на Копенхагенските критериуми, а тоа значи остварување на европските стандарди во сите области на нашето живеење. Најнапред би сакал да потенцирам, дека европската интеграција претставува клучен и врвен приоритет за Владата на Република Македонија. Оттаму и заложбата на Владата на Република Македонија за забрзување и динамизирање на процесот на пристапување кон Европската унија, како и определбата и праксата за обезбедување на широк политички и граѓански консензус помеѓу сите политички и граѓански чинители во земјата. И не само тоа. По однос на европската перспектива несомнено реализирајќи ја идејата на татковците на европската идеја, големите мислители како Шуман ,Аденауер, Де Гол, Моне, идејата за европска перспектива поаѓа од заедничкиот стремеж, односно реализирање на она што е историски и цивилизациски и припаѓа на Република Македонија.

Почитувани дами и господа, пристапувањето кон Унијата освен што претставува стратешки приоритет кој се темели на сите придобивки од членството, претставува и генерациски проект на актуелната генерација македонски политичари. Случувањата на Балканот во претходната декада и раздвојувањето на општественото ткиво направија транзиција која што беше оквалификувана со корупциски скандали, со шверц и лошо владеење. На актуелната генерација на политичари во Република Македонија им припаѓа ролјата, повторно да го раздвижат и да го заробат духот од промените кон крајот на осумдесетите, заедничката визија за подобро утре која што сите ние заедно во тоа време ја слушавме преку песната Винц оф чеинџ на Скорпион.

Почитувани пратеници, нашата заедничка непосредна цел **е** Република Македонија колку што е можно побрзо да влезе во наредната фаза на еврпоската интеграција. Владата на Република Македонија за да покаже иницијатива и да покаже целосна сопственост на процесот на европска интеграција веднаш по добивањето на Извештајот изработи сеопфатна анализа на оценките и препораките содржани во Извештајот и ја усвои скицата за реализација на препораките на Европската комисија.

Почитувани дами и господа, оваа скица претставува инситуционален одговор на Република Македонија на секоја реченица содржана во забелешките на Европската унија. Преку реализација на овие мерки ќе обезбедиме континуитет и одржливост на реформските процеси, согласно реализација на главните проиритети од партнерството за пристапување во рамките на демократската поставеност на сите инситуиции на македонскиот уставен систем.

Понатаму во самиот Акциски план содржани се над четири и пол страници индикатори врзани со спроведувањето со наредните избори.

Воедно, апелирам до сите пратенички групи и до сите политички партии во Република Македонија да овозможат во текот на наредната година да го покажеме целокупниот политички и демократски капацитет во Република Македонија и нашата демократска зрелост со тоа што ќе организираме и ќе одржиме фер и демократски избори. Република Македонија ова може да го направи, Република Македонија ова го налравила и јас сум убеден дека во март Република Македонија ова и ќе го направи. Со тоа ќе покажеме уште еднаш дека Република Македонија има доволно политички, административен и граѓански капацитет уште утре да ги започне преговорите за членство. Сите скептици ќе ги разубедиме во текот на наредната година. Оваа определба беше покажана токму тука во Собранието на Република Македонија. Дозволете ми да истакнам дека консензуални измени на Изборниот законик подготвија терен за организирање на модел избори. Со тоа уште еднаш ќе успееме да ја покажеме и политичката и демократската зрелост на Република Македонија. Овој политички консензус беше покажан и со навременото компонирање на Државната изборна комисија и одржувањето на Првиот работен состанок на Државната изборна комисија. Тоа покажува јасен сигнал дека ние сме целосно подготвени да вложиме максимум напори за организирање на фер и демократски избори во март. Сепак ова клучно прашање ниту една мерка нема да вроди со конкретни резултати и со конктретен плод доколку сите оние кои што имаат свој удел во политичките процеси во Република Македонија, значи сите присутни во салата меѓу другото, не ја понесеме одговорноста пред нашите граѓани и пред нашите партнери од Европската унија.

Во однос на реализацијата на клучните приоритети од Партнерството за пристапување и оценаката дадена во Извештајот дозволете ми да се осврнам на неколку клучни нешта. Во делот на примената на Законот полиција во најголем дел реформата е спроведена. Сепак, во однос на забелешките од Извештајот со новиот Закон за внатрешни работи се предвидуваат одредби за зајакнување на системот на кариера на полициските службеници согласно најдобрите европски практики и во целост се земаат предвид коментарите на Европската комисија, зајакнување на независноста и деполитизацијата на високите полициски службеници.

Како што беше нагласено во Извештајот за напредок, значаен напредок во Република Македонија беше постигнат во областа на реформата на правосудството, спроведувањето на Стратегијата 2004 година на судските реформи

е успешно реализирана. Покрај уставните и правните измени со кои се гарантира независноста и ефикасноста на судството, механизмите кои се утврдуваат согласно Стратегијата се функционални и даваат резултат. Постигнувањето на судската реформа се согледуваат и преку драстичното намалување на новите предмети и намалувањето на заостанатите судски предмети. Првичните наоди од 2008 година споредбено со податоците од 2006 година покажуваат намалување на ново пристигнати предмети за околу 41% и намалување на заостанатите предмети за околу 14%. Постигнатите резултати наметнуваат темпо за одржливост на реформата и препораките на Европската комисија и во тој правец тие се целосно пресликани во Акцискиот план.

Свесни сме исто така дека реформата на јавната администрација ќе пратставува клучен предизвик. За таа цел ние сме целосно посветни за спроведување на Законот за државни службеници со посебен осврт кон вработувањето на државните службеници и нивното унапредување низ системот на државната администрација. Механизмите за развој на кариерата се веќе функционални, а во тек е и екипирање на одделението за човекови ресурси и обезбедување на континуиран и одржлив систем на обуки на државните службеници. Заради имплементација на Законот за државни службеници подготвени се и нови измени и дополнувања на Законот кои што се работат во соработка на СИГМА ОЕЦД и кое што наскоро ќе пристигне во Собранието на Република Македонија.

Во областа на борбта против корупцијата останува главен приоритет на Владата на Република Македонија натамошното продолжување на борбата против корупцијата и организиранито криминал. Дозволете да истакнам дека само во последните две години Република Македонија забележа драстично подобрување на рангирањето на Транспаренс Интернешнал корапшн персепшн индекс, односно Република Македонија се рангираше на 84-то место кое што претставува подобрување од 21 место во однос на претходните години.

Почитувани дами и господа, во наредниот период ќе продолжи да работи Советот за антикорупција, со кој претседава премиерот, каде што се разгледуваат натамошните легислативни мерки поврзани со борбата против корупцијата.

Република Македонија ќе продолжи да го развива и својот мултиетнички карактер врз основа на Охридскиот рамковен договор, што претставува модел инструмент не само од регионално туку и од европско значење. Верувам дека како и до сега и во наредниот период сите политички чинители ќе останат посветени на унапредувањето на меѓуетничките односи и на јакнењето на демократските капацитети на Република Македонија врз основа на принципите содржано во Охридскиот рамковен договор.

Посебно внимание исто така ќе вложиме во подобрувањето на статусот на Ромите во Република Македонија. Република Македонија е првата држава во Европа која што има ром министер, кој меѓу другото е задолжен за спроведување на Стратегијата за Ромите и спроведување на Акцискиот план за Декадата на Ромите. Во наредниот период очекуваме со поголема сопственост и со поголема моќ на ромската заедница оваа декада да биде и посоодветно спроведувана.

Во делот на регионалната соработка дозволете ми да истакнам дека во текот на 2009 година очекуваме да пристигнат во Брисле апликации за членство од повеќе европски и балкански држави. Ставот на Владата на Република Македонија и ставот на сите граѓани на Република Македонија е дека нашата држава ќе ги подржи сите чекори на сите држави од регионот во напредок на процесот на пристапување кон Европската унија. Република Македонија ќе ги подржи напорите за членство и на Србија и на Косово и на Албанија и на Црна Гора и на Босна и Херцеговина и за таа цел искажавме подготвеност и во Брисел да ја понудиме сета расположива политичка подршка и техничка помош за нашите соседи и за поширокиот регион на процесот на нивна европска интеграција.

Почитувани дами и господа,

Во изминатиот период посветивме огромно внимание на процесот на визна либерализација. Дозволете ми да истакнам дека во Брисел Република Македонија ја нарекуваат реформска ѕвезда во однос на постигнувањата врзани со визната либерализација. Ова беше направено благодарение на континуираните напори и континуираната координација на повеќе министерства, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и на Секретаријатот за европски прашања.

Во наредниот период очекуваме овој процес да добие и своја реална политичка завршница, за што ќе апелирам и на поголема активност на Собранието на Република Македонија во однос на лобирањето и претставувањето на македонските постигнувања во делот на визната либерализација.

Почитувани дами и господа,

Би сакал да истакнам пред вас дека пред нас стои една година полна со предизвици врзана со европската интеграција. Факт е дека и догодина ќе продолжат тешкотиите во однос на ратификацијата на договорот од Лисабон. Факт е исто така дека догодина ќе имаме и европски избори, ќе имаме и формирање на Европска комисија. Факт е исто така дека догодина огромен дел од времето во Европската унија ќе се посвети

на воспоставување на односи меѓу Европската унија и новата администрација во САД предводени од Барак Обама. Факт е исто така и дека дел од одлуките врзани со следната фаза на македонското евроитегрирање се донесуваат со консензус. Намера на Владата на Република Македонија и наша заедничка работа е нашата стратегија, во идниот период, да биде да не дадеме ниту една причина, да не дадеме никакво алиби за натамошно одложување на процесот на европска интеграција на Република Македонија и натамошно одложување на следните фази на овој процес.

Затоа, остварувањето на Акцискиот план ќе биде основа со која сите ние заедно ќе можеме пред Брисел и пред државите членки да излеземе со аргументи дека нашите заложби се преточени во извршени обврски.

Воедно, уште еднаш ќе истакнам дека Република Македонија го има целосниот политички, институционален, административен и граѓански капацитет, уште утре, да ги започне преговорите за членство. Нашата стратегија во наредната година ќе биде да не дадеме ниту едно алиби, ниту една причина, никој да не даде причина за натамошно одложување на овој процес за Република Македонија.

Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван заменик премиер, колешки и колеги пратеници,

Дозволете да дадам едно мое видување за извештајот и за она што мислам дека треба и како Парламент да го направиме.

Денес можам да се сетам дека во декември 2006 година поставив пратеничко прашање до премиерот на Владата господинот Никола Груевски кога Македонија ќе ги започне преговирите со Европската унија. На веб-страницата може да се провери, тоа прашање се уште не е одговорено. Тоа е една типична слика како ги третираме европските процеси во Република Македонија и како ги третираме приоритетите во Република Македонија. А кое се приоритетите на Владата, најдобро кажува цитатот на претседателот на Владата господинот Никола Груевски, кој после изјавата на господинот Оли Рен дека Македонија нема да добие датум за почеток на преговори, новинарите го најдоа на снимање на спот со Милчо Манчевски во Велес и на прашањето да ја коментира изјавата на господинот Оли Рен, вели: не сум ја прочитал таа лоша порака од Оли Рен, кога ќе ја прочитам ќе дадам коментар. Единствено што знам и што беше уште одамна објавено - колку одамна тоа не знаеме - е дека оваа година нема да го добиеме датумот за почеток на преговите за влез во Европската унија.

Тоа е најдобрата слика кој е приоритетот на Владата на Република Македонија, спотови, реклами, огромни буџетски пари од граѓаните во рекламирање на Владата, а на клучните прашања кога Македонија ќе ги започне преговрите со Европската унија и во кој правец оди Македонија, за тоа нема одговор. Тоа се приоритетите на Владата. За жал, факт е дека Република Македонија или Владата трета година по ред ја губи шансата да направи барем еден од ветените 100 чекори напред кон Европската унија. Во 2006 година виновна беше ДУИ, во 2007 година виновен беше СДСМ, во 2008 година виновен е Брисел.

Да видиме што велат оние кои што го ценат напредокот на нашата држава на патот кон Европската унија. Европската унија порачува: “Не барајте вина надвор за домашни проблеми”, “Политизацијата најголем проблем во Македонија”, “Македонија е сама виновна поради негативниот извештај”. Тоа се оценки на оние кои кажуваат дали Македонија напредува или заглавува во балканската кал.

Европскиот извештај - Библија за европските аспирации, вели претставникот на ОБСЕ Радикати во Македонија.

И сега, наместо да ги слушнеме препораките, се поставува прашањето дали ја сфативме пораката, дали сакаме да преземеме одговорност и дали сакаме да промениме нешто.

Претседателот на Собранието пред некој ден, заедно со координаторите на пратеничките групи, беше во посета на Британскиот Парламент. Од таму, според извештаите на новинарите ја прифатив идејата и се согласил дека е добро Владата прво проектите да ги даде на Собранието пред парламентраците, а потоа пред медиумите. Да видеме дали сакаме нешто да промениме.

Ова е скицата за која зборуваше и господинот Боцевски за реализација на препораките. Колку од вас пратеници го имате добиено ова? Го има на веб-страницата, ама без она клучното, без Анексот 1 и освен членовите на Националниот совет за евроинтрегрaции, кој на нивно барање го имаат добиено, ние како потпретседатели и координатори го немаме. Тука пишува: носител Собранието на Република Македонија; 2. носител претседател на Собрание и кооридинатори на пратенички групи. Закон за Парламент - рок април 2009 година. Значи повторно ние не зборуваме сами за приоритетите, не сме дел од процесот, а некој го дефинирал, го дефинирал и рокот и она што треба да се заврши, без да не консултира нас како Собрание. А ќе се согласите дека Законот за Парламент е нешто што ги интересира и позицијата, не само опозицијата.

Затоа, да не не чуди што Европската комисија пишува: недостаток на демократски капацитет на институциите. Или препорачува: потребни се

натамошни значајни чекори за унапредување на политичкиот дијалог.

Република Македонија и Собранието на Република Македонија ја пропушти шансата еден од бенчмарковите, а тоа е Деловникот да биде донесен консензуално, да го испочитува. Таа шанса ја пропуштивме, ја пропушти парламентарното мнозинство кога ги носеше законите во серија. Но сега не гледам дека сакаме работите да ги промениме. Со овој Деловникот или со оваа скица која што ни ја одредил некој друг работите ќе течат онака како што одредил некој друг без да не праша нас. Но она што е пострашно, имплементацијата на Деловникот, ќе наведам еден пример. Минатата недела пет луѓе, бидејќи толку се доволно, одлучија да се одземе хранарината од работниците од Република Македонија. Пет луѓе на една Комисија од 13 членови, присутни беа 7, пет од позицијата, само пет луѓе одлучија во Република Македонија. Нема пренос на телевизија, нема дебата, нема новинари во доцните часови, бидејќи тие не можат да пратат што се случува во седум сали одеднаш за ист закон и пет пратеници одлучуваат да се скрати едно право на работниците, а тоа е да се укине хранарината. На тој начин не може да зборуваме ниту за квалитетни закони, ниту за унапредување на политичкиот дијалог, ниту за градење или подигнување на капацитетот на Собранието. Се додека друг го прави тоа, надвор од овие сали тоа ќе ни се случува, а штетата ја трпат граѓаните само тогаш кога ќе видат, тоа го нема на спотовите. Тоа ќе го добијат со платата во јануари месец.

Би сакал да потенцирам уште две работи.

Прво, сакам да изразам отворена подршка на одлуката на Владата да ги укине концесиските договори, тоа е еден дел кој го поздравувам, кој е направен од Владата на Република Македонија и го обележувам во делот на Извештајот, но од друга страна, она што сум посебно загрижен е она што го пишува во делот на енергетиката.

Европската комисија заклучува: во областа на енергетиката земјата не е соодветно подготвена. Сега да не ги бараме виновниците во политичките партии, се знае кој е најодговорен за најнеодговорната политика што се води во овој момент, а тоа е во областа на енергетиката, македонката Влада ќе остане рекордер и ќе влезе во Гинисовата книга на рекорди дека во изминатата година распиша 7 тендери од областа на енергетиката, сите пропаднаа, сите самата ги поништи. Тоа најдобро зборува за каква политика односно неполитика станува збор и во колкава неизвесност влегуваме како држава кога никој не се грижи за она што е најосновно, а тоа е енергијата во Република Македонија.

Се надевам дека оваа скица како што се вели ќе биде дел и прво расправана од Собранието и комисиите, а потоа одобрена. Се надевам дека во Република Македонија ќе се врати победничката атмосфера, бидејќи премиерот беше на утакмиците со Германија и Русија, изгубивме, кога не дојде победивме во ракомет, најдобро така и да остане. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Дали можеме на ваква седница со една точка на дневен ред реално да дадеме придонес на нашиот критички осврт врз интегративните процеси наши, евроатлански. Тешко. За десет минути вие можете само поглавјето од Извештајот да го прочитате, а камо ли да дадете аналитички пристап на се она што треба да се каже.

Според тоа, драги претседателе, поентата ми е што со десет минути деловнички можевме барем овде да ги продолжиме дискусиите, можеме само да кажеме воопштени работи од една страна и од друга страна, можеби тие ќе делуваат и популистички, меѓутоа, сепак ќе бидат во манир на она што и премиерот го прави во стилот можеби е така, можеби не е, времето ќе покаже.

Времето покажа дека Република Македонија три години не добива датум за преговори и времето покажа дека до крајот на 2009 година нема да добиеме датум за преговори. За што станува збор? Станува збор за изместени работи во оваа држава, изместена демократија, изместени институции со различен капацитет, на овој или оној начин прикажан, што надуван, што излажан, најлажни реформи кои ги имаме и сега треба да дадеме ние оценка за овој извештај. Јас мислам дури Извештајот е многу подобар отколку што можеше да биде, затоа што ни прогледале за многу работи што се вика низ прсти.

Негативноста на Извештајот сама по себе се дефинира со тоа што ние немаме датум за преговори.

Сега да тргнеме по ред зошто дојдовме и како дојдовме до оваа ситуација. Кога беа изборите, ние зборуваме дека за 6 месеци Македонија можеме да ја ставиме со состојба да биде блиску, односно да влезе во интегративниот евроатлантски процес. Тоа го повторувавте сите, пред се лидерот на кампањата Радмила Шекеринска и тоа важеше до пред некој ден кога беше министерскиот совет. Меѓутоа, Владата се одлучи за друг пристап. И сега кога бевме во Брисел, тука има сведоци и од позицијата и од опозицијата, главната нивна поента е: малку повеќе потрудете се, а и малку повеќе сфатете ги работите какви се, со други зборови не дозволувајте Македонија да биде заборавена земја. Значи ние се доведуваме во позиција да стануваме заборавена земја, меѓутоа, дефинитивно се доведовме до тоа да бидеме последно, буквално последна земја во Европа.

(Претседателот господин Трајко Вељаноски излегува од салата и со седницата продолжи да раководи господинот Рафис Алити)

Значи или реформите не важат, или се лажни во некој сегмент, или лажно се преставуваат како резултати кои ни носта извесни подобрувања и бенефит. Сега стигнавме да сме последни во секој поглед во Европа, по економски раст, по економската развиеност, гледаме дека и Албанија не претекна, буквално сите земји во Европа, и оние пред кои бевме веќе сме зад нив.

Што може да се каже во оваа ситуација за нас? Може да се каже дека оваа Влада тешко да ќе може да не извлече од оваа ситуација. И ако се прашаме зошто, одговорот е многу едноставен. Оваа Влада не сака управување и напредување на земјата, оваа Влада сака владеење со овој народ и тоа го прави. Значи принципот е како да не владеат, а не како да одиме напред, за тоа што за три години дојдовме во позиција по сите параметри да бидеме последни во Еворпа.

Прва работа што треба да ја научиме, тоа е да ја развиваме демократијата и забрзување на процесите, како што кажа премиерот овде, а како тоа ќе го направиме, со кои алатки. Со дијалог и дебата кои не постојат во Република Македонија? Тие се основните алатки за забрзување на тој процес. Со несфаќање на пораките кои ни се пренесуваат? Имавме пред некој ден изјава од премиерот дадена во Брисел, упатена до сите нас, во која што тој буквално ни кажува, можеме што сакаме да правиме, да се трудиме, да не се трудиме, да правиме реформи или да не правиме реформи, еве, ви кажав, Грција е онаа што нас не спречува во нашите интеграции, ние реформи се сме направиле. Јас не знам дека овој пат на Минстерскиот состанок во Европската унија имало вето од Грција, туку има негативен извештај за нашите демократски процеси и има негативен извештај за она што во Македонија се случува како процес кој треба да биде интеграционен. Тука имаме заостанување, во некои сегменти имаме и назадување.

За да опишам што значат реформи, ќе ви кажам на пример како се гледа и оценува она што е во здравството. Две години сме сведоци на тоа преку кампањи најразни од секаков вид, дали по весници, дали по електронски медиуми, ние сме бомбардирани со такви реформи во здравството, просто не можеме да се соземеме колку здравството ни е добро. Сега што испаѓа после две години? Дали се сеќавата, воведување на ДРГ, 40 милиони евра за опрема во здравството, принцип на лиценцирање и нов принцип при менаџирање. И што се не, да не спомнувам, избор на директори. Сега се е паднато во вода со еден акт, затоа што не мислеле сериозно на реформите. Значи има десетина дена како Фондот за здравство упати барање сите установи, медицински, јавни, дас бидат на салдо нула, и тие што добро работеле, и тие што лошо работеле ги израмнија и ги пикнаа во уремноловка. Она што викавме дека ДРГ ќе развиваме, па економски принципи на работа, па го растурија Клинички центар заради тие економски принципи и после две години гледаме дека тоа не важи.

После две години, гледаме дека тоа не важи. Па за која реформа зборуваме. За кои лиценци зборуваме кога кандидатите кои чекаат по година дена да го положат испитот за лиценци, сега сфатија дека не оди работата, не можат кадровски да ги стават тие луѓе што сакаат. Имаме промена во системот, односно немаме конкурсна постапка за избор на директори. Ќе имаме избор од страна на Владата. Така да, Владата не може да води сметка за овие работи. Значи, две години, приказните за реформата слушавме и во еден потез сфативме дека немаме реформи, дека нема ништо, дека тоа е само перење на сите што се ангажирани околу овој процес и убедување на јавноста дека нешто се прави добро за нивното здравје. Пробајте да се лечите па ќе видите колку ќе се излечите и кое здравје ќе го добиете.

Истовремено, додека траеше кампањата на последните избори, имавме директно кажување и од премиерот и од носителите на листи дека 40 милиони евра се инвестирани во здравството. Каде се инвестирани. Гледаме пропаднале тендерите. Значи, едно евро не е финансирано. На сметка на тоа, сметајки дека процесот оди наопаку Светска банка својот партиципиент од 10 милиони во инвестирање за опрема во здравството го повлекува и практично имаме минус 10 милиони евра. Значи, дојдовме да имаме лажни реформи. Значи, имаме лажни реформи, имаме независно судство, меѓутоа, пресудите се партиски, имаме државни службеници кои пополека стануваат партиски службеници. Со други зборови, имаме Влада која што господине заменик премиер не постои термин кај нас, но во рок музиката има “аем грејт притендер”, знаете точно што, другите ќе сфатат.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Оровчанец.

За реплика се јави господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, не се јавив за реплика, туку за една молба процедурална.

Ако може, кога расправаме за вака важно прашање, колегите пратеници да не разговараат по телефон, или ако разговараат да не викаат многу, да можеме да се слушаме едни со други. Навистина нема смисла или да речеме сега да ги исклучиме телефоните. Исклучете ги луѓе, оваа е седница, сала каде што се работи. И вие да поведете сметка за таа работа, затоа што од кај вас се гледа кој што прави. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Андов.

Сите треба да придонесеме. Оваа тема е сериозна и сериозно треба да се однесуваме.

За збор е пријавен пратеникот Петар Поп Арсов, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, почитуван вице премиер,

Верувам дека на денешната седница ќе имаме мошне плодна, конструктивна дебата на која што ќе слушнеме и критики, меѓутоа ќе ги слушнеме и оние позитивни констатации кои што се препознаени од страна на Европската комисија и кои што се нотирани во Извештајот.

На почетокот би сакал да кажам дека без оглед на фактот што не е препорачан датум за отпочнување на преговори за Република Македонија, сметам дека Република Македонија треба да продолжи по својот евринтегративен пат и тие заложби да ги засили во уште поголема мера, со цел да го оствариме еден ден оној наш приоритет за полноправно членство во Европската унија од една страна, а од друга страна да го достигнеме она ниво на кое се наоѓаат европските земји, да го достигнеме оној квалитетен живот во европските земји, затоа што Европската унија и европските земји се добар репер кон кој што се стреми Република Македонија и треба да продолжи да се стреми, без оглед на тоа дали во иднина за оној зацртан период за кој што сметаме дека еден ден треба да постанеме земја членка на Европската унија ќе го оствариме тоа или не. Имаме некои други пречки кои што се евидентни и кои што не се дел од Копенхагеншките критериуми, но сепак Европската унија да ја внесеме овде во Република Македонија. Инаку, овој Извештај беше мошне конструктивно разгледан од самата прва седница на која што господинот Ерван Фуере пред комисиите за европски прашања, надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет кога го презентираше, а подоцна и на седниците на комисиите кои што го разгледуваа секоја од својата област и од свој домен на интерес, оваа седница ќе ни даде можност малку поотворено пред пошироката јавност, да ги кажеме нашите забелешки.

Што се однесува до она како јас гледам на овој Извештај, ќе ги повторам оние веќе познати забелешки и оценки дека овој Извештај е реален, истакнува повеќе позитивни моментикои што како што реков, Европската комисија ги има препознаено и ги иманотирано во Извештајот, меѓутоа ги нотира и нештата на кои што треба да се работи и кои што треба да се подобрат. Јас во таквите нешта,не гледам ништо негативно. Сметам дека ние како земја кандидат за членство во Европската унија, меѓутоа и самите земји членки на Европската унија треба постојано да се трудиме да ги подобруваме состојбите во нашата земја и нештата да заземаат еден позитивен тек.

Сега би сакал да набројам неколку аспекти, кои што по мое мислење му даваат една позитивна димензија на овој Извештај, иако во јавноста сакаше да се наметне слика дек аовој Извештај е негативен, исклучиво поради фактот што не е препорачан датум за отпочнување на преговори.

Во овој Извештај за прв пат не срекавам момент каде што се потенцира дека меѓуетничките односи се најголемиот проблем во Република Македонија, што беше случај во претходниот Извештај, што беше случај на укажување од страна на сите европски емисари кои што доаѓаа овде во Република Македонија и ние кога одевме, дека треба да работиме на подобрување на меѓуетничките односи. Напротив, овде се нотира дека меѓуетничките односи се на задоволително ниво, имаат позитивен тренд, а следствено на тоа, исполнувањето на Охридскиот рамковен договор, како една база, како еден столб, кој што ги артикулира интересите на етничките заедници, се третира како нешто кое што оди вопозитивна насока.

Исто така, во делот на судството, ако судството до пред година, две, се оценуваше како нешто кое што ќе ги кочи реформите кои што се рпеземаат во Република Македонија од веќе добро познати и разбирливи причини, реформите во судството се потенцираат како позитивно достигнување за Република Македонија во минатата година.

Се потенцира фактот дека функционира Судскиот овет, Совет во целост, се потенцира фактот дека функционира Апелациониот суд во Гостивар, Управниот суд во Скопје, Советот на јавни обвинители, така да Европската комисија јасно препознава што е постигнато во овој дел.

Борбата против корупцијата е исто така оценета дека има позитивен тренд иако се укажува дека таа борба треба да продолжи. Свесни сме дека таа борба треба да продолжи, затоа што борбата не е само за земјите кандидати за членки во Европската унија, таа борба е потребна и во самите земји членки на Европската унија и еден ден ние кога ќе бидеме земја членка во Европската унија, таа борба не смее да застане. Меѓутоа, факт е дека овој моменте позитивно оценет и се укажува на фактот дека треба да продолжи.

Ќе се вратам неколку месеци наназад, ќе се осфрнам на делот на енергетиката. Ние го имавме Законот за енергетика, веднаш по конституирање на овој парламентарен состав, каде што се разгледуваше Законот за енергетика и каде што од бројни пратеници беше изнесено дека овој Закон е лош, дека ќе добиеме негативна оценка, дека Европската комисија негативно ќе не оцени. Меѓутоа, се случува токму спротивното. Токму за овој Закон ние имаме позитивна оценка и се укажува дека овој закон го приближува македонското законодавство во делот на енергетиката со европското законодавство.

Царинската унија е чисто кристално позитивна оценета ако и таа, како и некои други сегменти од општественото живеење беше дел во кој што владееше и корупција, владееше криминал, ние имаме тука чисто кристална оценка. Иако тогашните критики мислам на оние од јули месец во однос на Законот за енергетика, се испоставува дека немале основа. Се прашувам

дали и денешните критики што е сосема легитимно дека ќе бидат истакнати дали ќе имаат некоја реална основа во однос на тоа зошто не сме добиле датум за отпочнување на преговори.

Сакам да кажам нешто за она што на некој начин го оценуваме како негативно и поради кое еве ние официјално не добивме датум за отпочнување на преговори. Тоа е, политичкиот дијалог и изборите во јуни месец. Јас не можам да се изначудам и не ми е јасно како ние како политички партии, релевантни политички партии да дозволиме да бидеме негативно оценети во тој дел.

Ако се земе предвид фактот дека сите политички партии од 1990 година, па до денес во еден период соработувале меѓу себе и имале владина соработка, дури во еден момент и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ имаа владина коалиција, ние сега имаме една широка коалиција од над 20 партии. Сме соработувале и со Либералите и со НСДП и со ДПА, ПДП и т.н. и со Социјал демократите, ние дозволивме да бидеме негативно оценети. Дали можеби треба да внимаваме во тие наши настапи како ја окарактеризираме политиката во Република Македонија, кога излегуваме од Парламентот што изјавуваме во врска со политичкиот дијалог и т.н. за да не создаваме негативна слика во однос на Република Македонија која што еве на тој начин и се одразува. Исто така во однос на изборите кои се одржаа во јуни, точно е дека имаше неколку инциденти на неколку избирачки места кои што фрлија мошне темна дамка на целокупниот изборен процес, кој што во најгоелм дел во Република Македонија се одвиваше во фер и демократски избори.

Меѓутоа, морам да го потенцирам фактот дека за прв пат една Државна изборна комисија подржана од Владата и од соодветните министерства кои што имаат удел во делот на изборите се спроведе повторување на изборите, не само на оние места каде што имаше сериозни инциденти, туку на сите места каде што имаше неправилности, како што се полнење кутии, гласање еден за повеќе лица и т.н. Тие неправилности да бидеме искрени и реални беа одлика на изборите во Република Македонија од 1990 година до последниве избори. Сите државни изборни комисии прогледуваа низ прстите, заради мир во куќа. Меѓутоа, прв пат една Државна изборна комисија направи напор, ги повтори на неколку наврати овие избори и ги валоризираше гласовите онакви какви што се, односно еден човек еден глас и добивме изборни резултати онакви какви што ја отсликуваат волјата на граѓаните во Република Македонија.

На крајот, во однос на она што исто така со една две реченици е потенцирано во Извештајот, а тоа е спорот за името, сметам дека покрај тоа што не е дел од Копенхагеншките критериуми, сметам дека и покрај тоа што не се потенцира како проблем кој што ја запира Република Македонија во нашиот евроинтегративен пат, сметам дека треба да обрнеме мошне сериозно внимание и ова прашање не смееме да го занемаруваме и не смееме на некој начин да замижуваме пред она што се вика проблем и покрај тоа што Извештајот не третира дека името е најголем проблем. Ако ни беше проблем за влегување во НАТО можеби ќе ни биде проблем за влегување во Европската унија. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Поп Арсов.

За реплика пријавени се пратениците Макрадули Јани и Жерновкски Андреј.

Збор има пратеникот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Сакам да му реплицирам на претседателот на Комисијата за европски прашања. Прво со прашање дали тој како претседателна Комисијата за европски прашања има еден друг Извештај што гио имаат сите граѓани во Република Македонија, дали господинот Боцевски дал некој друг Извештај или овој Извештај што го имаме пред нас е Извештајот што важи за Република Македонија. Алфа и омега на Извештајот кој и да каже некој се изборите. Заради изборите катастрофални што ги организира оваа Влада ние се вративме 10 години наназад. И вие ги потенцирате изборите како добра работа? Како претседател на Комисија за Европски прашања. Мислам дека тоа е скандалозно број 1.

Втора работа, ако читам ист Извештај, јас овој Извештај го имам добиено. Во делот на енергетиката,наместо да се извините на граѓаните на Република Македонија за покачена електрична енергија, за неизвесност, за рестрикции во 21 век, како да сме во Боцвана ние ја палиме. Цитирам во Извештајот. Во моментот нема доволно финансиски средства за осигурување на потрошувачка од 90 дена. Подготовките во оваа област се во рана фаза. Административниот капацитет на Регулаторната комисија за енергетика не е доволен. Нејзината независност не е зајакната, особено во однсо на регулирање на цените на пазарите во која конкуренцијата не е доволна. Тендерот за приватизација на ТЕЦ Неготино беше откажан. Цитирам: праксата на вклучување на претставници од компанијата за производство на електрична енергија во евалуционите панели за тендери не е коегзикстентна со осигурувањето на конкуренцијата на пазарот на енергија. Или да ви преведам, не го ставајте Чинговски да ги води тендерите и Здравев, затоа штоправат криминал. Ако не, читајте што пишува овде. И на крајот, да заврши, во областа на енергетиката земјата не е соодветно подготвена. Како го читате ова позитивно. За ист Извештај ли правиме муабет. Мислам дека ако одиме во правец да не ја сфатиме повторно лекцијата и да ги поправаме грешките што ни се напишани во Извештајот и да мислиме дека е супер, тогаш ништоне сме направиле и оваа седница може веднаш да се прекине, бидејки тогаш нем аникаква сфрха. Ако немаме капацитет како пратеници да покажеме со

прст на областите што не чинат и да апелираме час поскоро да се поправат, тогаш не сме ја постигнале идеата и намерата на оваа седница и тогаш навистина можеме да се зафатиме за законите што ни се тука да седнеме и да разговараме. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Макрадули.

Контра реплика пратеникот Поп Арсов Петар, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам господине Макрадули, не ми беше целта да ве предизвикам, со цел да најдете забелешки на моето излагање.

Јас уште на почетокот реков дека Извештајот содржи позитивни аспекти кои што се нотирани со назнака дека нештата треба да бидат подобрени. Значи далеку од она што вие сакате да претставите дека Извештајот е целосно негативен и е Извештај кој што ја уназадува Република Македонија.

Што се однесува до изборите. Јасно е дека изборите фрлија темна дамка, меѓутоа овие факти што јас ги изнесов се исто така точни и факти кои што ги знае целата јавност. Овие факти се нотирани и во најновиот Извештај, драфт верзијата на господинот Ерик Мер, кој што треба да биде усвоен од Европскиот парламент.

Што се однесува до Законот за енергетика, јасно прочитајте дека во една реченица пишува: со донесување на измените на Законот за енергетика во јули 2008 година, земјата дополнително го приближи своето законодавство кон законодавството на заедницата во областа на енергетиката.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Поп Арсов.

За реплика се јави господинот Жерновкси Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам.

Потпретседателе јас кога го слушав претседателот на Комисијаа за европски прашања, почнав од почеток да го читам Извештјот, затоа што, ако го слушнавте нашиот коелга, фактички вие сте на одличен пат, датумот за преговори само што не стигнал и Македонија цврсто граби кон Брисел. Ме чуди таквата поставеност на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои што сметаат дека со игнорирање на Извештајот, особено со игнорирање на критичкиот дел од Извештајот, а таков е Извештајот, тогаш мисли дека на јавноста ќе и наметне нешто невозможно, така да господине претседател на Комисијата за европски прашања ме потсетувате на претседателот на Парламентот кога евроамбасадорот Фуере го донесе овде Извештајот, тогаш не само тој што не ја прими критиката за работата на Парламентот, туку му даде негов Извештај, тоа беа стенограми од седниците, така да фактички, не само што не беа примени критиките, туку беше кажано дека Брисел и евроамбасадорот воопшто не ја гледаат точно состојбата во македонскиот Парламент и македонската држава, туку напротив, решиле да критикуваат.

Јас ќе ве прашам нешто што е во доменот на вашата работа, а пак во репликата на колегата Макрадули го спомнавте евро пратеникот Мер кој што го подготвува Извештајот. Вие велите дека овој Извештај од Европската комисија, всушност не е ништо полошо од оној претходниот.

Затоа би Ве прашал Вас, стриктно прашање на кое што треба да го знаете одговорот, затоа што фактички Вие, во Вашата комисија работите токму на ова поле или би требало да работите на ова поле. Во Извештајот од 2007 година, известителот за Македонија Меер препорачува во 2008 година, како што знаете Македонија да го започне, односно Европската унија да додели датум за преговори. Зошто, Ве прашувам Вас, ако е иста состојбата, па дури и подобра, зошто во Извештајот за 2008 година такво нешто не постои? Како тогаш, било препорачано во 2008 година да се добие датум за преговори, а сега во Извештајот за 2008 година ниту збор за тоа дека Европскиот парламент, инаку најсилниот лобист за Република Македонија воопшто не препорачува такво нешто? Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Жерновски.

Контра реплика пратеникот Поп Арсов Петар, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Во ред, благодарам господине Жерновски.

Инаку, мојот одговор на господинот Макрадули, исполнувањето на Нацрт-извештајот на господинот Меер беше во контекст на случувањата на изборите.

Меѓутоа, кога веќе ме прашувате во однос на тоа зошто не е препорачан датум, доколку добро го прочитате Извештајот, односно Драфт-Резолуцијата на господинот Меер, можете да сретнете една реченица според која што јасно се кажува дека проблемот за отпочнување на преговорите на Република Македонија може да се решаваа паралелно со решавање на проблемот на спорот со Република Грција. Ззначи сепак има една реченица што господинот Меер заговара решавање на овој проблем. А, верувам дека конечната верзија на овој извештај кога ќе биде донесен и усвоен од Парламентот во март месец , дека ќе го содржи и датумот за отпочнување на преговори. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Збор има пратеникот Минчев Горан.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретедателе.

Почитувани колеги од парламенетарното мнозинство, почитувани претставници од власта,

Европската комисија веќе почна да го пишува извештајот за наредната година. А ние дури сега отвораме дебата за она што како извештај или пак собраниска расправа за она што како Извештај ни е доставено до Собранието.

Како и да е, подобро некогаш отколку никогаш. А, бидејќи за некој месец ни претстои изборен циклус, се надевам дека на оваа седница ќе бидат сугерирани, дадени и прифатени предлози што ќе спречат да се повтори, благоречено, оваа неуспешна година за Република Македонија или пак за македонските интеграции.

Како што за жал, сите знаеме оваа година Република Македонија остана без датум за отпочнување на преговори за членство во Европската унија, но како кандидат потврдивме и во нешто сосема друга, за што не смеевме , а тоа е во исполнувањето на основните политички критериуми.

Со многу потези, настани и чекори што беа преземени, покажавме една , навистина, голема незрелост како држава, а власта, предводена од ВМРО ДПМНЕ покажа една навистина голема неспособност да создаде една нормална атмосфера во политичкиот живот.

Добивме критики во оние делови за кои што се подразбира, по дифолт, дека воопшто не е дозволена грешка, а камоли катастрофа. Тука , пред се , мислам на се што е поврзано со изборите. Од денешен аспект се гледа дека апсолутно нема ниту една друга причина за да се одржат предвремените избори, освен да се исполни желбата за апсолутна власт на Никола Груевски. Залудно беше тоа што од сите страни стигнуваа предупредувања за предвремените парламентарни избори, што одржани токму во тој момент наговестува забавување на реформите.

Ситуацијата по изборите, навистина, излезе уште пострашна. Затоа што не беше само реформскиот процес во прашање. Се случи екстремно насилство, голем број на нерегуларности, практично по изборите сами си ставивме трн во здрава нога на нашиот евро-пат.

Додека не дојде на власт актуелнава владеачка гарнитура, за Европа, почитувани колеги пратеници, пред неколку години бевме лидер во регионот. Со избори, такви какви што беа , предвремени, најлошо организирани досега, станавме лидер и по број на ранети и по број на убиени лица.

Дали силното мнозинство што го има ВМРО ДПМНЕ во Парламентот е поголем приоритет за Македонија, отколку нејзината не само европска, туку нормално кажано сегашност и иднина?

Со секој направен потез власта докажа дека првото е најважно. Дека партискиот и личниот интерес на поединци е главната сила што ќе води. Ништо друго почитувани пратеници.

Сето останато е колатерална штета на таквото владеење.

Во деновите пред да го добиеме извештајот на Комисијата Никола Груевски покажа колку е ноншалантен и како се однесува кон ова прашање .

Колегата Макрадули кажа неколку изјави, меѓутоа ќе ми дозволите и да повторам. Мене лично не ми се веруваше , неговиот прв коментар на најавите дека Извештајот ќе биде неповолен, Груевски во негов стил, најлежерно изјави , цитирам: “Нешто прочитав, не го знам целиот текст, има време, ќе видиме”.

Почитувани колеги пратеници,

Нели е срамота најодговорниот човек за состојбите во државата, со една таква невидена леснотија да коментира за едно најважно круцијално прашање за Република Македонија . Дури и ефектот што беше во јавноста од еден ваков неповолен Извештај, пак пробавте да го избалансирате. За жал, сепак, тоа Ви беше приоритет, а не да се согледаат актуелните аномалии и да се отстранат. Па тоа Ви се поклопи со 100-те дена Влада, па на јавноста повеќе недели прикажувавте едно вистинско реалити шоу со постојани репризи. Еднаш групни сеанси имавме од страна на цела Влада, некојпат само министрите.

Меѓутоа, важно е да се сеат заблуди за народот да не се прашува зошто земјата станува се поизолирана.? И зошто сме заглавени во калта на нашиот пат, за што постои апсолутен концензус меѓу сите граѓани во Република Македонија ? Зарем два-три популистички, за волја на вистината морам да кажам дека се и без ефекти, т.н.преродбенички чекори, треба да бидат замена за европскиот пат на Македонија?

Почитувани колеги пратеници,

Јас искрено не мислам така. И знам дека мнозинството граѓани на земјава и тие кои токму на оваа власт и ја дадоа својата поддршка, не мислат така.

Во изминатиов месец фрчеа разни изјави за исполнети 90%, 95% , па можеби и за некои други постари времиња 102,5% од бенчмарковите, но на крајот вистината дојде. Ве демантираше токму овој текст, односно овој извештај. Овој извештај, што на крајот и покрај сите негирања, моравте да го прифатите како реален.

Во неколку можности преставниците на владата изјавија дека во економските критериуми сме имале голем успех. Да. Во некои делови е наведен еден извесен напредок и навистина, имаме доблест и како опозиција тоа да го поздравиме . И треба да се поздрави.

Но, дали пак некој од ресорните министери го прочита следново, повторно цитирам од Извештајот: “Бројните ад хок промени на законите со што се регулира деловното работење ја попречува предвидливоста и сигурноста на деловното опкружување”. За еден странски инвеститор да ги вложи своите пари во земјава, нема, почитувани колеги пратеници од ВМРО ДПМНЕ, да биде доволна само реклама во Фајнејншел тајмс или пак во било кое друго светско гласило. Кога тој ќе согледа, се мисли на инвеститорот, дека во нашата пракса законите се

менуваат така често и брзо, зарем мислите дека ќе ја оцени земјата како стабилна и како добра земја за пласирање на своите пари, на своите средства, односно земја за инвестирање? Верувајте дека нема, затоа што сите , многу помпезно најавени инвестициони проекти или инвестициониот бум или економските реформи за што Владата на ВМРО ДПМНЕ ја доби довербата на граѓаните, ќе завршат како само пред неколку недели, проекти што ќе останат само на ниво на меморандуми за разбирање.

Кога на тоа ќе се додаде фактот дека интеграцијата на Македонија е закочена и неизвесна, тој инвеститор, навистина, воопшто нема да размислува. Тука ќе ги наведам само кратко само 172-та закони што се донесени во една иста постапка. Па имавме состојба каде Претседателот на Собранието се извинуваше, меѓутоа повторно сме сега сведоци на една иста таква постапка. Но, тоа е базичниот проблем на актуелната власт, тврдоглаво да се тера за нешто што сите велат дека греши.

Со таков еден пристап, почитувани колеги пратеници или пак претставници на власта, едноставно мораме да престанеме, затоа што како држава, мораме да ги санираме сите штети што ги создадовте во изминатите две години. Мора да се вложат сите капацитети да не ни се повторат сите вакви немили настани.

Само кратко, останува како сериозен факт улогата на Грција во кочењето на тие процеси, но морате да признаете дека и ние како држава им дадовме аргументи за да ги користат против нас.

Грција не ни организираше катастрофални избори, Грција не ни ги штанцаше законите, Грција не ја врши партизацијата на администрацијата.

Затоа, почитувани колеги, мораме во наредните месеци, посебно на наредните избори да докажеме каква зрела држава сме. Мора да се исчистат темните дамки врз младата македонска демократија. Мора да докажеме дека и ние заслужуваме европска иднина.

Почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство, на крајот дозволете ми да упатам еден апел до Вас. Подигнете ја свеста. Ствете се над партиските интереси. Овозможете и сигурна иднина на оваа држава. Во спротивно оваа магла што ја ширите еден ден ќе заврши. Само се плашам да не Ви биде многу доцна. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодариме и ние.

Збор има пратеникот Манасиејвски Јован,

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван заменик претседател на владата, почитувани колеги пратеници,

Се определив овие десет минути што ни следуваат по Деловникот за дискусија на Извештајот исклучиво да ги посветам на коментари на делот на Извештајот во делот на економските критериуми, затоа што сметам дека оваа година, како и претходните, Владата, на еден интелигентен начин се обидува да протури една заблуда, една лага дека проблемот е само во политичките критериуми, а дека кај економските критериуми без малку состојбите се одлични. Оваа заблуда се повторува еве континуирано трета година веќе. Таа е прифатена и од пошироката јавност, за жал и веќе стигнуваат првите сметки од така прифатената заблуда.

Инаку, ако говориме, ма да не ни доликува цинично да говориме, но во вакви ситуации човак мора и помалку да биде и циник, ако се гледа делот на политичките критериуми, каде што состојбите се катастрофални, тогаш делот со економските критериуми навистина изгледа розово во споредба со претходниот катастрофален дел. Така што , навистина, некој може да добие впечаток дека токму поради таа ниска основа за компарација, дека состојбата е таму добра.

Меѓутоа, за жал, состојбите се дури иполоши од минатата година и тоа во Извештајот, кај клучното прашање, прашањето на обновената нерамнотежа што ја имаме, економска нерамнотежа, многу добро е констатирано.

Дозволете ми накусо, низ неколку параметри да ги анализарам овие делови од Извештајот и да укажам на повеќе слабости што се детектирани.

Прво, тоа што е основно и што експлицитно Извештајот го констатира во самиот почеток е следно, забавено е спроведувањето на реформите пред и по изборите. Тоа експлицитно стои. Што значи тоа? Пред и по изборите целиот тој период, добро знаеме од искуството, пред самата кампања, кампањата, изборите, формирањето на новата влада трае помеѓу четири до шест месеци. Значи, почитувани колеги пратеници, половина година е целосно загубена. И тоа се констатира во Извештајот.

На ова, се разбира и јас лично, ЛДП предупредуваше пред самите избори, укажуваше-луѓе ќе ја утнете работата со ваков пристап. Сега тоа се констатира и во делот каде што наводно велиме дека сме најдобри.

Јас сега прашувам, има ли некој доблест од Владата да ја преземе одговорноста заради ваквите констатации? Гледаме дека рејтингот на премиерот Груевски, на Владата и понатаму е добар. Тогаш, чуму беше тоа брзање изборите да бидат во јуни? Можеше премиерот да почека шест месеци. Немаше да му падне рејтингот . Дури и ќе се зголемеше, како што покажуваат податоците. И сега, комотно, на добиен позитивен извештај ќе можевте да свикате избори и на изборите уште подобро да поминете отколку во јуни. Можеби и мнозинство од над 100 пратеници ќе имавте. Чуму таа нетрпеливост? Чуму тоа брзање? Крајно неодговорно однесување. Крајно неодговорно однесување што гледаме дека дури и таму каде

што сметаме дека сме релативно добри е констатирано како сериозна забелешка.

Велам најголем дел од мојата дискусија сакам да ја искористам за демаскирање на оваа заблуда што ја имаме дека наводно во економијата ни оди добро.

Во Извештајот експлицитно стои дека долгорочно, ваквата економска политика е неодржлива. И тоа, ако го читате внимателно, ќе го видите. Дозволете ми само два цитати да извадам. “Надворешната нерамнотежа значително се прошири, ставајќи крај на неколкуте годишни севкупни резултати од балансираната тековна сметка”. Значи, почитувани колеги пратеници тоа што десет години беше вредност и се одржуваше, сега со спроведувањето на оваа економска политика на Владата е фрлено на буниште. Тоа веќе го немаме.

И затоа, токму овој клучен елемент, ние сме полошки од Извештајот во 2007 година. Е зошто сме полоши? Затоа што погледнете ги параметрите, трговскиот дефицит во 2007 година ни беше 21%. Во 2008 година е зголемен за цели 33%. Трговскиот дефицит во 2008 година е 28%. Погледнете кај другиот елемент на дефицитот на тековната сметка, кај приватните дознаки. Приватните дознаки, што во голема мерка ја одржуваат нашата стабилност во 2007 година се движеле во величини од 18% од БДП а сега се намалени на 15% од БДП. Катастрофален пат какко резултат на овие два процеси ние имаме дефицит на тековната сметка, досега незабележан од цели 14%.

Што ова значи за македонските граѓани, да разберат? Доколку продолжиме уште две години со оваа политика, ќе мора да прогласиме банкрот на државата. Затоа што овие процеси, за жал во еден момент стануваат иреверзибилни. Гледаме како се влошуваат. Празното јуначење на министерот за финансии дека не ни е потребен аранжман со ММФ, за жал е израз на неговата потисната свест дека токму тоаќе се случи, ако и натаму продолжиме, а според Предлогот на буџетот ќе продолжиме со ваквата економска политика. Ние самите ќе го побараме ММФ на крајот од наредната година за позајмица, за да се спасуваме од банкрот. Затоа што ваквите процеси водат кон банкрот на државата.

Многу битно прашање околу кое што е всушност вториот дел на економските критериуми на Извештајот сконцентриран, а тоа е конкурентноста на македонската економија.

Извештајот на Европската унија и на европските бирократи во својот бординг е поинаков да кажеме од класичните извештаи преку економски параметри. Меѓутоа, тука сите би ги упатил на најновиот Извештај што е издаден пред месец дена од Светскиот економски форум во Давос, најрепрезентативното тело што ја мери конкурентноста на националните економии. Да потсетам, се мерат 12 групи на параметри. Се мерат 109 индикатори. Значи, тоа е најпрецизна крвна слика на економијата во една држава.

Што велат рангирањата на Економскиот форум од Давос?

Велат дека ние 2006 година сме биле на 84 -тото место. Сега после две години со ударнички реформски напори ние сме за пет места подолу, на 89-тото место. Сега објаснете ми како со толку спроведени реформи ние паѓаме на најбитното прашање, во делот на конкурентноста на националната економија.

Да бидам попластичен за луѓето кои не следат, конкурентноста на националната економија е најбитен индикатор затоа што се мери колку сте вие способни вашите производи да се натпреваруваат на европскиот и на светскиот економски пазар.

Овие бројки покажуваат дека способноста на македонските фирми, на македонските производи да се натпреваруваат, опаднала.

Не се работи само за релативни параметри, туку се работи за апсолутни параметри, бидејќи коефициентот по кој се мерат е, за жал, идентичен, непроменет.

Сега, ставете ги претходните параметри за кои говорев, за дефицитот на тековната сметка и за падот на конкурентноста во светлината на она што ни се случува последните два месеци, особено последниот месец, ни се заканува колапс на македонскиот извоз. 2/3 од македонскиот извоз, почитувани колеги, го чинат металната и текстилната индустрија. Двете се соочени со можен колапс. Јас ве прашувам каква ќе биде сликата на дефицитот на тековната сметка, на трговскиот биланс ако овие трендови продолжат, а очигледно е, според нарачките кои требаа да стигнат до сега, а не се стигнати, ќе продолжат. Бидејќи умот не ни доаѓа, Извештајот во економскиот дел ќе биде лош, за жал, и во 2009 година, меѓутоа, на страна нема тогаш толку да не интересира што стои во Европскиот извештај, туку ќе не интересираат страотните ефекти врз македонската економија, кои, за жал, како што кажав, ни се случуваат.

Оттаму, да заклучам, заблудата што ни се форсира дека економските критериуми се во ред е целосно погрешна и јас се надевам дека ќе имаме прилики во текот на оваа расправа до крај да ја пласираме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Петат Поп Арсов, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам претседателе.

Навистина ми е жал што господинот Манасијевски направи обид во делот на економските критериуми да создаде слика дека имаме негативни оценки од страна на Европската комисија. Јас не би сакал да давам свои коментари, свои оценки во однос на она што го презентираше господинот Манасијевски, само ќе

прочитам неколку дела од Извештајот, па нека се донесе заклучок сам по себе.

Во еден дел се вели: “Растот на производството се зголеми на 6% од првата половина на 2008 година во споредба со 5% во 2007 година и 4% во 2006 година”. Господинот Манасијевски констатираше дека Извештајот во овој дел е многу полош во однос на 2007 година.

Главните фактори кои го поддржаа порастот беа инвестициите и личната потрошувачка. Порастот на извозот се забави додека увозот и понатаму изразено се зголемуваше рефлектирајќи ја големата домашна побарувачка. Читам интегрален текст, не издвојувам никакви поедини реченици.

Индустриското производство се зголеми во просек од 10% во текот на првите 8 месеци од 2008 година во споредба со околу 2,5% за истиот период минатата година.

Општо земено економската активност беше поинтензивна во споредба со минатиот период. Онаа констатација дека овој Извештај во однос на 2007 година е полош, читајќи го ова, не држи.

Исто така би прочитал уште еден дел, долгот на општата државна власт се намали на околу 21% од БДП до средината на 2008 година. Властите продолжија да ја подобруваат ефикасноста на даночната администрација и да го поедноставуваат даночниот систем. Генерално, сметките на јавниот сектор останаа балансирани, а ефинаксноста на даночната наплата се подобри итн, итн, да не читам се што е напишано е позитивно нотирано од Европската комисија само сакам да укажам на тоа дека не се согласувам со констатацијата дека овој Извештај е понегативен во економскиот дел во однос на оној што беше во 2007 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Џабе се трудите да читате одредени делови господине Поп Арсов, треба и да ги разберете, бидејќи јазикот на Европската унија е јазик на најсофистицирана политичка коректност, така што ако не знаете да го читате Извештајот во неговата суштина, тогаш доаѓаме до вакви ситуации во кои доаѓаме.

Погледнете што вели Извештајот по ова клучно прашање. Дека надворешната рамнотежа значително се прошири ставајќи крај на неколку годишните, десет годишните, да ви преведам, од тогаш имаме рамнотежа. Севкупни резултати од балансираната тековна сметка.

Господине Поп Арсов ова значи дека вашиот буџет драматично се влошува дека не си ги покривате сметките и ако продолжи оваа тенденција нужно ќе дојдете до банкрот. Тоа е читањето.

Инаку, околу растот, рековте растот од 6% на 3 ноември, на 14-ти 5,5 рече министерот Славески, вчера премиерот Груевски го слушнавме во Битола вели 5% раст, секој ден ви се топи по некој процент.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе, почитуван вицепремиер,

Добро е што денеска пред сите пратеници се наоѓа Извештајот на Европската комисија за напредок во 2008 година и тоа на барање на СДСМ. Иако денеска е 15-ти декември, поминаа цели 40 дена од објавувањето на Извештајот на Европската комисија добро е денес на оваа пленарна седница да разговараме отворено за забелешките во овој Извештај бидејќи веќе сме длабоко навлезени во периодот кога се пишува наредниот извештај за напредокот на Македонија во 2009 година.

Колегата Минчев кажа, јас ќе повторам или на арапски кажано “подобро некогаш отколку никогаш” да разговараме за она што е нотирано во овој Извештај, а што всушност е тесно поврзано со она што го посакуваат над 90% од граѓаните во Република Македонија, а тоа е полноправното членство во Европската унија.

Нашето интегрирање во Европската унија е стратешки приоритет поддржан со меѓуетнички, социјален, политички, културен и ако сакате општествен над партиски консензус. Се разбира тоа е обврска и за СДСМ и за ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, ДПА и за сите политички партии во Република Македонија. Од тоа ако некој сака, не може да избега. Но, за жал, мораме да констатираме дека Република Македонија влегува во четвртата година кога нема датум за преговори или поточно три години под раководство на владеачката партија под водство на ВМРО-ДПМНЕ во некои видоизменети коалиции, Република Македонија не добива датум за преговори.

Неспорен е фактот дека овој Извештај е реален и на начин својствен за Европската комисија ја отсликува состојбата во Република Македонија, сугерира што Република Македонија направила, уште повеќе што не направила и во кој првец треба да се движи во иднина. Исто така е точно дека во овој Извештај има дел кој е наменет за опозицијата, но уште повеќе е точно дека повеќето забелешки се однесуваат токму за однесувањето на власта во 2008 година. Затоа е неопходно овој Извештај да го читаме објективно, да го анализираме со сета сериозност и критичност и да се обидеме во иднина да ги надминеме сите слабости и забелешки, посебно во политичките критериуми кои треба да го дефинираат нашето членство во Европската унија.

Овој Извештај дава јасна порака на Владата и владеачкото мнозинство дека всушност не треба виновникот да се бара на друга адреса.

Тврдењето на Владата дека ако Република Македонија не добие датум за преговори, ќе биде виновен единствено друг, падна во вода. Република Македонија не добива датум за преговори и заради тоа што овој Извештај содржи многу сериозни забелешки. Овде треба да бидеме сосема искрени. Факт е дека оваа година Европската комисија направи еден атипичен чекор за неа. Еврокомесарот за проширување Оли Рен дојде во Скопје и ни кажа дека оваа година Европската унија има намера да ни даде датум за преговори и дека тоа планира да го стори. Меѓутоа, што сторивме ние? Република Македонија на некој начин ја прокоцка оваа шанса со тоа што реши да оди на предвремени избори кои заради лошото организирање ни станаа дополнителен критериум за Европската унија. Со еден збор добивме единица по демократија и од осум европски критериуми станаа девет, од европски матурант станавме првоодделенец.

Затоа и како политички партии седнавме на маса и разговаравме за измени и дополнувања на Изборниот законик каде ги инкорпориравме сите забелешки на ОБСЕ, ОДИХР и Европската унија и сега немаме друг избор освен следните претседателски и локални избори да бидат без ниту една грешка, без минимум неправилности, бидејќи тоа ни стана критериум за нашите еу интеграции.

СДСМ како одговорна опозиција е свесен за овој предизвик и затоа ќе дадеме и ќе имаме максимален придонес кон обезбедување услови за фер и демократски избори во 2009 година. Впрочем, свесни дека времето е кратко, имавме доблест и заради континуитет ги предложивме истите членови на Државната изборна комисија, ќе бидеме многу внимателни во изборот на партиските претставници во избирачките одбори кои ќе поминат процес на сериозна едукација. Но, истовремено мора сите политички чинители, а најмногу власта како најодговорна да обезбеди услови следните избори да бидат фер и демократски затоа што ниту едно извинување нема да ни помогне.

Во Извештајот има крупни забелешки заради тоа што ова Собрание донесе 172 закони по итна постапка до 4 август, но, за жал, Владата продолжи и понатаму да носи закони во забрзана постапка и го претвори ова Собрание заради волјата на владеачкото мнозинство единствено во нејзин сервис. Начинот на кој беше донесен Собранискиот Деловник е нотиран како проблем, бидејќи нормално во ниту една земја членка на Европската унија не постои пример каде Деловникот не се носи во висок степен на консензус помеѓу сите парламентарни партии, а камоли да биде донесен без присуство на опозиција.

Факт е дека неговата имплементација ни создава проблеми, затоа мора да покажеме демократска зрелост, да покажеме дека умееме да водиме вистински политички дијалог со кој овој проблем заеднички ќе го надминеме.

Она што ме загрижува е тоа што овој Извештај има сериозни забелешки при изборот на судии, за прв пат ни се случува поименично да биде спомнат министер во една влада, во случајот министерот за правда кој доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ каде се констатира дека изборот на судии трпи влијание посебно од него. Токму оваа забелешка покажува дека сме биле во право кога критикувавме дека фамилијарно партиските врски се клучни при избор на судиите, во изминатите 25 месеци колку што ВМРО-ДПМНЕ повторно е на власт избрани се над 150 нови судии, за жал, извисија стручни соработници со по 12-15 години стаж за сметка во основните, апелационите и Управниот суд да бидат инсталирани фамилијарно партиски послушници на ВМРО-ДПМНЕ и роднини со високи функционери во Владата и во партијата.

Нотирани се сериозни забелешки за слободата на медиумите во кои се констатира дека сеуште се ранливи на политички влијанија, дека нема соодветна законска регулатива за концентрација на сопственоста, посебно се критикува финансиската положба на Советот за радиодифузија и јавниот радиодифузен сервис. Не може да очекуваме поинакви оценки кога Владата две години не утврдува модел за наплата на радиодифузната такса и очигледно намерно тоа го прави за да МРТВ и Советот за радиодифузија се држат во финансиска зависност.

Дополнително да ве потсетам дека по итна постапка без повторно присуство на опозицијата, донесовте измени и дополнувања на Законот за радиодифузна дејност со што се предвидува стечај и ликвидација на МРТВ и затоа не не зачудува што сега ни се случуваат по 12 саати пренос на седници на Влада или по четири пати репризирање на рапортирањето на премиерот по повод 100-те дена.

Овие забелешки што ги спомнав како и многу други се нотирани во Извештајот покажува дека Владата избрала погрешна тактика односно она што го говореше почитуваниот вице премиер за евроинтеграции дека 90% од критериумите што ни ги даде Европската унија сме ги исполниле, а оваа година Македонија не добива датум за преговори затоа што виновен е единствено некој друг, не се точни. Затоа добивме ладен туш од Брисел кој јасно ни потенцираше дека не треба да ја бараме одговорноста на друго место, туку таа одговорност лежи кај нив. Тоа е точно, точно е дека одговорноста лежи кај сите нас, но најповеќе кај Владата и владеачкото мнозинство. Впрочем, премиерот и ВМРО-ДПМНЕ бараа поголема одговорност и затоа отидовме на предвремени парламентарни избори. Бараа 61, добија 63 пратеника. ВМРО-ДПМНЕ сега има и 2/3 и Бадинтерово мнозинство, но во исто време имате и апсолутна и 2/3 одговорност дали Република

Македонија четврти пат по ред нема да добие датум за преговори. Власта ја има најголемата одговорност затоа што Македонија тапка во место. За жал, споредувајќи го овој Извештај со извештаите на Хрватска, Албанија, Србија и Црна Гора ќе заклучиме дека Македонија веќе не тапка во место, почнува да се враќа назад. За жал, за нас е времето кога Македонија уживаше голема поддршка од своите пријатели од меѓународната заедница, времето кога на нас се гледаше со симпатии. Македонија има се помалку поддржувачи и пријатели, полека но сигурно ги разочаруваме сите оние лобисти кои работеа и лобираа Македонија да напредува се повеќе и повеќе. Македонија станува се поизолирана земја, тоа треба искрено и отворено да си го кажеме за да сите заедно ги отстраниме сите оние слабости затоа што веќе започна да се пишува европскиот извештај за Македонија за наредната година. Но, дали може тоа да стане реално.

Вчера на медиумите го гледавме македонскиот премиер како за него својствен емотивен занес на една партиска трибина вели Македонија што и да стори Грција нема да прифати ништо. Нема Европска унија и НАТО за Македонија. Бадијала било се она што го говори СДСМ и Претседателот Црвенковски, со тоа се ослабнувала нашата позиција.

Почитувани, Република Македонија во 2005 година доби кандидатски статус. Голем дел од сите нас што седиме во оваа сала тогаш бевме на Градскиот плоштад каде го славевме кандидатскиот статус заедно со граѓаните.

На сите ни е јасно дека за Македонија не постои План Б. Не постои алтернативен развоен концепт за Македонија кој ќе обезбеди економски развој, нови работни места, сигурност, безбедност, одстранување на визните бариери за влез во Европската унија и НАТО. Ако некој мисли поинаку или ако премиерот и ВМРО-ДПМНЕ мислат поинаку треба да ни кажат кој е алтернативниот концепт за Република Македонија. СДСМ не верува дека постои таков алтернативен концепт за Македонија без Европската унија и НАТО затоа сметаме дека треба да престанат сите алиби политики, секој да си ја понесе својата одговорност за остварување на она што граѓаните го бараат од нас, а тоа е полноправното членство на Република Македонија во Европската унија. Благодарам и се извинувам за малку подолгиот говор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, нема проблем.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги.

Имаме многу сериозна точка на дневен ред, ќе започнам од таму каде заврши колегата Емилијан Станковиќ, врвен приоритет на сите граѓани на Република Македонија, врвен приоритет на парламентарното мнозинство, врвен приоритет на опозицијата треба да биде и е нашето интегрирање во НАТО и во Европската унија.

Затоа ќе кажам дека врвен приоритет денес за сите нас е многу сериозно да разговараме за Извештајот на Европската комисија, да не ја префрламе одговорноста едни на други, туку сите да се најдеме себе во Извештајот, бидејќи, според мене, Извештајот е заедничка слика на нашето заедничко работење, Извештајот никого не амнестира од нас сите овде што седиме во Собранието и извршната власт, туку Извештајот треба да не обврзе што е тоа што треба да го направиме како Република Македонија за да може да добиеме позитивен одговор односно датум за преговори со Европската унија.

Сериозноста на пристапот кој го имаме сите ние заеднички кон овој Извештај на Европската комисија се гледа и од самиот факт што за прв пат во Собранието на Република Македонија сите комисии во Собранието на Република Македонија детално го гледаа Извештајот во делот во кој се надлежни.

Детално се зборуваше за сите пропусти, слабости, но и за тоа што е кажано во Извештајот, што е добро оценето дека го направила Република Македонија.

Јас се радувам од фактот што сите комисии во Собранието на Република Македонија имаат речиси идентични заклучоци по однос на Извештајот на Европската комисија. Тоа покажува дека имаме сите заедно заеднички став кон овој Извештај, заеднички приоритет и сметам дека заеднички ќе успееме да го сработиме сето тоа што е внатре наведено и да можеме да добиеме датум за преговори.

Сериозноста на пристапот се гледа и од тоа што Владата на Република Македонија изготви акционен план со јасно наведени чекори, рокови, што е тоа што треба да се направи за да се отстранат сите забелешки кои што се дадени во Извештајот на Европската комисија. Значи, Извештајот е наш патоказ по кој што треба да одиме и тоа треба да биде нешто околу кое што ние заеднички ќе разговараме, а не да се критикуваме дека мнозинството не направило ништо, а еве опозицијата цело време се труди да направи нешто за доброто на земјата. Знаеме дека не сме совршени, дека не сме направиле се што е најдобро. Но, добро е тоа што има охрабрување во овој Извештај за прогресот што го има направено Република Македонија во исполнувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација за прогресот во економијата, за функционалното пазарно стопанство во Македонија, за судството, за полициските реформи, за консолидација на мултиетничката демократија во Македонија, за позитивниот напредок во областа на исполнување на критериумите за добивање на безвизен режим. Значи, овие сите охрабрувања кои што ни се дадени внатре, значи прогресот кој што е забележан, треба да не поттикне и понатаму да

продолжиме сите заедно со реформите, да стигнеме таму каде што сакаме да стигнеме, амандман тоа е да добиеме датум за преговори.

Сметам дека сите политички партии во Република Македонија треба заедно со Владата, се разбира да работиме посветено на исполнување на политичките критериуми. Политичките критериуми беа тие кои што беа основниот предуслов Република Македонија да добие датум за преговори. Сметам дека одржливиот политички дијалог овде пред се во Собранието на Република Македонија помеѓу политичките партии и наш врвен приоритет, меѓусебната толеранција, разбирање, почитување, е основниот предуслов како што по
чнавме и понатаму така да продолжиме за да завршиме со позитивна оценка во тој дел, за да можеме да имаме одржлив политички дијалог нормално потребно е сите политички партии да бидат овде во Парламентот на Република Македонија, да немаме вон институционално дејствување да немаме напуштање на Парламентот и мислам дека оваа лекција веќе од сите политички партии е научена и дека нема да бидеме повторувачи по демократија и да имаме постојано оценка единица и тоа да биде впишано и во наредниот извештај на Европската комисија. Мислам дека тоа е минато, ќе остане зад нас и дека тоа што не очекува сите напред е навистина во Република Македонија да имаме една конструктивна атмосфера, еден одржлив политички дијалог и конечно да се тргнат политичките критериуми како предуслов за недобивање на датум за преговори.

Исто во овој контекст ќе кажам дека фер и демократски избори не се само обврска на парламентарното мнозинство, или на Владата на Република Македонија. Фер и демократски избори се обврска на сите политички партии во државата. Сите ние кои што ќе одиме во кампања за неколку месеци треба на своите гласачи на граѓаните со кои што се среќаваме јасно да им укажеме најпрво на строгите законски санкции кои што се предвидуваат за сите оние што ќе се дрзнат да го нарушат изборниот процес. Сите ние сме должни да ги дисциплинираме прво сопствените активисти, а потоа да гледаме во туѓиот двор. Значи, одговорноста не е само на парламентарното мнозинство и повторно ќе кажам на Министерство за внатрешни работи, на Владата на Република Македонија, бидејќи не може на секој граѓанин во Република Македонија да стои по еден полицаец и да го чува да не направи некоја изборна нерегуларност. Значи, одговорноста е на сите политички партии, јас сум убедена како што со консензус го донесовме Изборниот законик, дека така ќе успееме со консензус и по ова прашање сите да влијаеме изборниот процес да биде фер и демократски и конечно Република Македонија да го положи испитот и да немаме единица од демократија и посебно од областа на спроведување на изборите.

На самиот крај, не би сакала многу да должам, бидејќи многу беше говорено, сакам само да кажам дека останувам со убедувањето дека Европската унија, земјите членки на Европската унија, ќе умеат позитивно да го оценат сето тоа што ќе го направиме заедно, дека Европската унија нема да ја остави Република Македонија надвор од нејзиното семејство како што тоа ни се случи на Самитот на НАТО во Букурешт, заради противењето на една земја членка, наспроти исполнувањето на сите критериуми. Убедена сум заради тоа што Европската унија нема да сака да им даде сила и поттик на охрабрување на екстремистичките сили овде на Балканот, значи, овде во нашиот регион кои што мислат дека со самиот факт што Република Македонија не влезе во НАТО, со самиот факт што продолжува Грција со противењето за влегување на Република Македонија во Европската унија, дека Република Македонија ќе остане надвор од безбедносниот чадор на НАТО, надвор од Европската унија и во контекст на регионалните случувања, односно случувањата посебно во Косово, дека се можни поместувања на границите во регионот. Затоа мислам дека со таков ризик нема да тргне Европската унија и нема да дозволи Република Македонија доколку ги исполни сите критериуми кои што се бараат од нас, да остане надвор од Европската унија, бидејќи тоа би било темпирана бомба внатре во утробата на Европа. Јас сум убедена дека сите ние заеднички ќе направиме се да ги исполниме критериумите, но и сите заеднички како што тргнавме во периодот сега што е зад нас, дека ќе продолжиме да лобираме во сите земји, најпрво во регионот да добиеме што поеќе наши пријатели кои што ќе бидат наши гласноговорници во Европската унија, ќе лобираме кај нашите пријатели во земјите членки на Европската унија, пред се, кај нашите колеги парламентарци, кај претседателите на Парламентите да не поддржат, прикажувајќи им го напредокот кој што го прави Република Македонија и овој законодавен дом, Најпрво да се тргне кафезот, бариерата, визниот режим, кој што го имаат сите граѓани на Република Македонија и да можат граѓаните слободно да почнат да патуваат и Република Македонија да стане дел од големото европско семејство. Тоа е првиот чекор.

Вториот чекор сите заеднички повторно мораме да го направиме, да им укажеме дека ние сме тие кои што заслужуваме да бидеме дел од големото европско семејство, бидејќи направивме се, да им укажеме дека ние сме тие кои што сакаме преговори и понатаму со Република Грција, дека овој процес не го кочиме, дека тужбата која што беше поднесена до Меѓунарониот суд во Хаг е само свртување на вниманието на европската јавност, дека преговорите излегоа од рамките на спогодбата и треба да се вратат во рамките на спогодбата. Република Македонија да не биде уценувана за нејзиниот прием во меѓународните организации токму онака како што се обврзала Грција со времената спогодба од 1995 година.

Сите овие прашања треба да бидат наш заеднички интерес, тоа е нашата заедничка борба што предстои пред нас. И јас сум убедена доколку сме обединети, доколку сите заедно настапуваме, дека ќе успееме Република Македонија да ја внесеме заедно во Европската унија, а за кратко време убедена сум дека ќе се види дека Република Македонија треба да биде веќе дел и од НАТО, бидејќи треба да се почитуваат и меѓународните договори не само од страна на Република Македонија, туку и од нашиот сосед кој што за жал, не попречи во интегрирањето во НАТО. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Реплика има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Многу е тешко после еден ваков инспиративен говор кој што потсетува на времето на работните акции да се дискутира. Ама јас сепак, морам да ја прашам колешката, изгледа не се согласуваме во некои работи. Ве слушам наназад на различни места и кога имаме средби како координатори кога беше Извештајот и кога имаме средби како членови на Националниот совет да зборувате дека всушност ова што е во Извешајот како критика за работата на парламентарното мнозинство во Собранието на Република Македонија и не е страшно, затоа што цитирам: “И претходно се гласале закони по итна постапка и пред тоа имало моменти каде што биле прифатени проекти, или предлози од страна на опозицијата. Единствена разлика е што тогаш била опозицијата, денеска не е опозиција”. Ако за вас е тоа само што тогаш не била опозицијата, не можам да ве разберам.

Тоа што сакам да ве прашам, зборувате за приоритетите, зборувате дека, во вашиот говор зборувавте дека сте ги прифатиле критиките и дека сега треба да се свртиме напред кон посветла иднина и велите дека Македонија и Владата се ќе направи и сите ние заедно, зборувам во духот на вашата дискусија, ќе направиме се да бидат прифатени препораките. Она што сакав да ве прашам е дали сметате дека гласањето за одлуката за избор на Државната изборна комисија каде што со гласовите на вашата партија, пратеничката група на која што вие сте координатор, претставува работење како што вие велите во правец на прифаќањето на препораките на ОБСЕ, ОДИХР, односно во врска со прифаќањето на препораките за изборите кои што следат во март, претседателски и локални.

Вие ќе ми одговорите мене дека со тоа не е прекршен законот, вие тоа добро го знаете. Затоа моето второ прашање до вас ќе биде, бидејќи претпоставувам кој одговор ќе ми го дадете, зошто не бевте присутни на гласањето. Бевте присутни пред да дојде одлуката за Државната изборна комисија, бевте присутни по одлуката за избор на Државната изборна комисија, значи веднаш на втората точка, но кога беше гласањето за Државната изборна комисија вие почитувана координаторке на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ побегнавте од гласањето. Моето прашање кое што сакам да ви го поставам пред целата македонска јавност е зошто побегнавте од гласањето и дали сметате дека гласањето против изборниот законик, а велите дека тој е многу важен за иднината на Македонија е она што вие сметате дека треба да го правите во Парламентот на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега,

Најпрвин за носењето на итни закони во Собранието на Република Македонија. Ќе ве потсетам едно. Од 170 закони кои што се донесоа во Собранието на Република Македонија по итна постапка, 25 дена учествувавте сите вие како опозиција во носењето на тие итни закони. За 25 дена 95 закони заедно донесовме, беа усвоени 65 амандмани од страна на опозицијата. Значи, поднесени амандмани од опозицијата. 75 закони донесовме за 17 дена. Значи, со истото темпо со кое што се договоривме да ги исчистиме сите закони од претходниот мандат, со истото темпо продолживме откако го напуштивте Парламентот на Република Македонија. Во однос на Државната изборна комисија согласно Изборниот законик договор е помеѓу политичките партии, секоја политичка партија да даде свои претсавници во Државната изборна комисија. Факт е дека само од СДСМ беше дадена жена. Значи, договорот требаше да го направат сите политички партии во Парламентот, да се почитува тоа што е предвидено.

**Трајко Вељаноски:** Извештајот на Европската комисија

Реплика има Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Јас го почитувам ставот на мојот поранешен координатор Јани Макрадули кој што зема збор од позиција на координатор на пратеничка група, дека никогаш нема да и реплицира на колешката Бонева како координаторка на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа, јас не можам денеска да го почитувам овој став, затоа што сакам заради јавноста да дополнам некои работи, или да и поставам прашања на колешкаста.

Прво, точно е дека за прв пат Извештајот на Европската комисија се гледа во матичните работни тела на ова Собрание. Меѓутоа, подготвувајќи се за денешната седница, видов од стенографскит белешки, три години наваму пратеничката група на СДСМ барала овој Извештај да се гледа на комисиите на работните тела и впрочем ова беше предлог на колегата Јани Макрадули во моментот кога го примавме Извештајот на Европската комисија од господинот Фуере каде што беше побарано од негово име на нас, сите пратеници од СДСМ да се разгледува овој извештај на работните тела. И добро е што ваква пракса се воспоставува.

Околу прашањето за одговорноста. Точно дека сите ние како пратеници и како парламентрни групи имаме одговорност. Но, одговорноста секако не може да биде иста на парламентарните групи кои што се на власт и оние што се во опозиција. И тука би поставила неколку прашања. Дали одговорност беше на парламентарната група на СДСМ распишувањето на предвремени избори 2008 година и додавањето на дополнителен, уште еден дополнителен критериум на грб, или на врат на Македонија? Дали нерегуларностите на изборите ги предивикавме ние и треба да сносиме одговорност? Кој командува со полицијата. Се знае, за да првиот изборен круг, првиот ден на изборите 1 јуни имаше команда скоро сите полицајци да се вмешаат во изборниот циклус за подоцна во вториот круг на гласање да се даде нова команда каде што навистина целосно беа полицајците исклучени од оваа работа. Имавме привидно, или подобри избори од првиот круг. Кој управува колешке, со јавната и државната администрација за да може вакво мислење да имаме од Европската комисија, дека во државната и јавната адмнинистрација сеуште имаме политизација и дека се примаат работниците врз политички критериуми а не врз критериуми на она што е постигнато.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Значи во однос на тоа дали е прифатено од страна на ВМРО ДПМНЕ овој Извештај да се гледа во сите комисии, факт е дека благодарение на нашата волја и на нашата заложба тоа стана реалност, бидејќи во сите комисии, јас како координатор, претседателот на Собранието и сите координатори баравме од претседателите на комисиите да расправаат за Извештајот на Европската комисија и да имаме заеднички заклучок. Затоа и формиравме работна група за заклучоците.

Второ, дали одговорноста за предвремените избори е ваша? Јас ќе кажам едно. Блокираноста на Собранието, не носењето на законите внатре во Собранието, преговорите кои што веќе беа почнати да се прават помеѓу политичките партии за формирање на ново парламентарно мнозинство, фактички не воведе веќе, не беше вовело во еден предизборен период. И нормална последица за деблокирање на Собранието беше нови парламентарни избори.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Колешке Бонева,

Јас ценам што вие сакате да створите една слика која што би гарантирала, или би обезбедила една перцепција на строгост во овој дом. Меѓутоа, состојбата не е таква како што ја претставувате. Додека не погледнете критички во однос на себе, не мислам лично само, тогаш нема да имаме и прав акционен план и права Агенда. Дали сте излегле од Македонија и дали ги слушате пораките кога ќе излезете од Македонија? Тоа што ни се кажува, тоа е како да се зборува на малоумни луѓе, затоа што очигледно после толку време луѓето сфатиле дека ние несериозно приоѓаме, или не ги сфаќаме што сакаат да ни кажат. Вие зборувате за самоизолирање, не зборувате за лобирање. Сега во Брисел 10 пратеници велат: ве молиме, не се самоизолирајте. Мислам треба да сфатите која е разликата меѓу ова што вие го зборувате и што тие не опоменуваат. Понатаму, околу идентични заклучоци. Не можеме да имаме идентични заклучоци, затоа што вие низ призма на успех гледате, а јас гледам низ призма на критичност, затоа што за мене овој Извештај ќе беше одличен Извештај, ако завршеше, да Македонија ги исполнува критериумите за започнување за преговори со датум тој и тој. Сега, не можете да зборувате политички, дека овие политички прашања, или политичките критериуми биле вакви, или онакви. Не може со политичко насилство меѓу кои и изборите беа еден тип не само политичко, туку и физичко насилство, да се направи нешто со напредок на Македонија.

Дојдовме во неформални разговори, еве сега во НАТО, на ручек да ме прашаат во која група сум јас, во патриотите или во предавниците. Значи до тука сме дојдени, на неформален разговор.

Според тоа, г-ѓо Бонева, заложете се да имате поконсистентна европска политика, а не оправдување на политиката. Не може премиерот да заврши со тоа: ќе видиме, времето ќе покаже. Не постои Акционен план кој ќе се спроведе со малодушност, не времето ќе покаже, ние треба да покажеме во одредено време резултат.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Контра реплика за г-ѓа Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Најпрво знам дека никој во ова Собрание не изрекол дека има патриоти или предавници во однос на ова прашање и не сум слушнала такво нешто.

Понатаму, не зборував за никакво оправдување на политиките, ниту пак сакав да создадам перцепција на прогрес, она што е прогрес, како прогрес забележано во Извештајот го спомнав, меѓутоа, и она што е критика во извештајот исто така го спомнав, очигледно не сте ме слушале. Многу јасно кажав за изборите, за насилството и што е тоа што треба да направиме да не ни се случува во март идентично нешто, за да не добиеме повторно оценка единица. Значи многу јасно и критички гледам на тој дел.

Тоа што велите дали сте излегле од Македонија, овие два месеци бевме во најглавните европски центри и зборувавме за напредокот на Македонија, зборувавме за нашите полити, зборувавме зошто ја дадовме тужбата пред Меѓународниот суд во Хаг и објаснувавме зошто Република Македонија не работи на сопствената самоизолација, туку напротив, работиме да

станеме дел од европското семејство. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Реплика има г-ѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувана колешке Бонева, навистина мораме сите да признаеме, а пред се вие дека ова е најлошиот извештај што сме го добиле. Како и да го читаме, самото тоа што го немаме датумот за преговори говори колку е лош овој извештај. Единствено морам да признам дека вака ако продолжи да се чита и да се гледа на работите, особено од парламентарното мнозинство, секако и од Владата, единствено е подобар од оној што ќе го добиеме до година.

Затоа, јас би ве замолила да седнете многу одговорно да пристапите кон проблемот и што се однесува до изборите, точно, тоа е еден од критериумите, но ќе ве потсетам колешке Бонева како вие зборувавте за Изборниот законик што го носевме во 2006 година. Имено, дека најодговорна за спроведување на фер и демократски избори е Владата, затоа што ги има сите институции. Потесетувам на тоа и се надевам дека тоа ќе го пренесете на институциите со кои вие владеете, односно кои ги управуваат кадрите од ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Знаете кога ќе ја поправиме единицата од демократија во парламентот? Кога ќе седнеме сите заедно и она што ни го укажуваат надвор, ќе ја вратиме уставната улога на Парламентот да биде коректор на власта, да води контрола за спроведување и имплементација на законите кои овде се носат од страна на извршната власт, кога реков контрола мислев на извршната власт, и кога заеднички ќе ги направиме измените во Деловникот кој само ги уназадуваат демократските процеси во Македонија и работата на парламентот, затоа што ниту еден Деловник во светот го нема пријавувањето во првата минута. Конкретно денес бев со нашите пријатели од Полска, земја која е меѓу ретките на Самитот на НАТО која ни даде целосна поддршка. Што требаше? Наместо да лобирам и зборувам за нашата земја, наместо да зборувам со нив за олеснувањето на визниот режим, да ги оставам на пола реченица и да дојдам да се пријавам за дискусија и да говорам за извештајот? Дали требаше тоа да го направам. Кога ќе ги направиме тие работи заеднички, кога ќе го имате чуството на колегијалност и одговорност, тогаш ќе зборуваме за дијалог и унапредување на работата во парламентот, се надевам дека тогаш ќе ја поправиме единицата за демократија, пред се во парламентот, а потоа и надвор од него.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Реплика за г-ѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, се согласувам во едно со вас, дека Деловникот е заеднички интерес и заеднички треба да го носиме. Ако бевте во Собранието на Република Македонија заеднички ќе го носевме. Но не значи тоа дека Деловникот не може да биде изменет и дополнет со согласност на сите нас.

Јас сметам дека потребно е малку подолг временски период да помине, можеби уште неколку месеци, да видиме како функционира Деловникот на работа во Собранието, бидејќи прв пат се соочуваме со ваков начин на функционирање на комисиите во Собранието на Република Македонија , да дознаеме што е тоа точно што треба да го промениме, што може да ни овозможи многу полесно функционирање на парламентот во периодот што е пред нас.

И уште нешто, за напредокот на Извештајот морам да ви укажам дека во 2006 година единствено напредок беше забележан кај едношалтерскиот систем, олеснување на процедури, 2007 година веќе имаме напредок во економија, полиција, судство, борба против корупција, прогрес во 2008 година е забележан во многу повеќе области отколку досега.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Реплика има г-дин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко, очигледно денес ќе имаме две слики како во вчерашната емисија од “Еднооки”, кога ќе се разбудиме од ова ќе видиме каде ни отишла државата.

Сосема прецизно ќе ве прашам колешке Бонева и се надевам дека првпат во животот ќе одговорите едно прашање. Ова се бенч марковите што ги доби Македонија од Европската унија во март 2008 година. Тука пишува точно: Деловникот да биде донесен консензуално. Бидејќи зборот “ консензуално” го избришавте, исполнети се 75% од задачите.

Ве цитирам: “основен предуслов за политичките критериуми е одржлив, политички дијалог во Собранието”. Дали сметате, со да или не одговорете ми ве молам, дали оваа скица со која што вице премиерот Боцевски неколку пати се фали дома и надвор, во Берлин ја покажа, каде што во политичките критериуми од 12 на 9 места го има Собранието, не требаше да ја погледнеме на координација, барем толку да заслужиме, и второ, зошто Деловникот, промените на Деловникот не се во овој акциски план. Дали сметате дека ова беше во градење на одржлив политички дијалог, ве цитирам, корисно да се направи на координација, да го видиме прво ние, а потоа да го видат новинарите, Берлин итн., или ќе заглавиме во розевата слика, што со 50 милиони евра сака Владата да ни ја претстави. Одговорете ми со да или не, ве молам. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Контра реплика за г-ѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван колега.

Прво, велите дали Деловникот требаше да биде донесен консензуално. Затоа и две и пол години договаравме, преговаравме и стигнавме до таму да имаме само две поголеми разлики околу јазикот и време траењето на дискусиите и најголем дел од забелешките да ги испегламе едни со други. Мене ми е жал што во моментот на носење на Деловникот не бевте присутни, но пак ќе кажам и тоа не е причина за понатаму да не разговараме за промени на Деловникот.

Второ, дали скицата односно Акцискиот план на Владата во делот на Собранието требаше да биде резултат на нашето заедничко договарање, сметам дека тоа што е напишано е резултат на тоа што го слушаат претставниците на Владата и вице премиерот за евро интеграции кога доаѓа на нашите координации, но се согласувам дека крајниот резултат требаше да биде даден на кооридинација и сите заеднички да го потврдиме. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Има реплика г-ѓа Шекеринска Радмила, повелете

**Радмила Шекеринска:** Благодарам г-дине претседател.

Имавме прилика да чуеме од координаторот на најголемата пратеничка група во ова Собрание како треба да изгледа Македонија за да добие датум за преговори. Сакам да го искажам мојот став дека изгледите ни се катастрофални, ако ова е рецептот за 2009 година. Ќе ви издвојам само три прашања кои ми отскокнаа и навистина ме шокираа кога ги чув. На пример, од тоа дека во ред е прво Владата да носи таканаречена скица за справување со критиките кои сме ги добиле од Европската комисија, во која што ќе стојат обврски на парламентот, ама за кои што парламентот нема да биде ни прашан. Доброе што се га во републиката координаторот на пратеничката група се дистанцираше барем од ова. Значи, во сликата на Македонија во 2009 година Владата ќе му диктира на Собранието тоа што ќе треба да се работи и во оваа зграда. Тоа и досега се случуваше, ама никој тоа вака експлицидно не го потврди како скицата на Владата и како говорите на претставниците на најголемата пратеничка група.

Второ нешто што ќе ни се случува во 2009 година, тоа е дека за да се почитуваат законите треба партиските претставници да се соберат и да се договорат дека ќе ги почитуваат законите, оти кога ја доби критиката ВМРО ДПМНЕ дека од три петставника нивни во ДИК ниту еден не бил жена, одговорот на координаторот на ВМРО ДПМНЕ беше знаете, не се договоривме. Зарем во Македонија треба на средби партиски да се договараме дека ќе ги почитуваме законите? Или партијата која што има три пратеника ќе го прочита законот и ќе свати 30% од тројца претставници **е** еден претставник кој треба да го предложи. Опозицијата го почитуваше тоа правило и воведе квота од 50%, вие ни 33% не сакавте да воведете.

И третата порака која ја испративте е дека, за да имаме фер и демократски избори, практично партиите треба да бидат тие кои ќе се ангажираат. Ова за мене навистина се три шокантни лекции. Ако ова е така, ако ова е политиката на ВМРО ДПМНЕ треба да заклучиме дека во Македонија парламентарната демократија умре, дека имаме владина демократија или уште поточно кабинетска демократија, второ, дека во Македонија не владеат законите, туку владеат политичките претставници, не на граѓаните, и трето и најстрашно од се дека во Македонија не постои полиција и не постојат институции, туку регуларноста на изборите ќе ја гарантираат партиските тројки. Ова веќе не е единица од демократија, ова е почеток на крајот на македонските демократски процеси.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Контра реплика за г-ѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам, почитуван претседател.

Г-ѓа Шекеринска јасно кажа во однос на скицата и мислам дека нема потреба да повторувам. Во однос на Државната изборна комисија тоа што кажавте дека ВМРО ДПМНЕ како политичка партија требало да даде еден претставник, јас ќе го кажам следното. Мислам дека како што се договорија лидерите на политичките партии дека треба да има претставници од една, од друга, од трета политичка партија, значи сите што имаат парламентарни групи внатре во Собранието на Република Македонија, така требаше да се договорат од сите политички партии да седнат и да кажат од која политичка партија ќе биде предложен кандидат жена за да може да се знае дали ќе се исполни на крај резултатот, да биде исполнет условот кој што е предвиден во законот.

Во однос на тоа дека изборите се обврска само на Владата и на мнозинството, пак ќе кажам фер и демократски избори се обврска на сите партии во Република Македонија.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,35 часот.

(пауза од 14,3 1 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,43 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За збор е пријавен господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски**: Почитуван претседателе почитувани колеги пратеници, меѓутоа кога нема добволен број за работа во ова Собрание тоа зборува за интересот за оваа тема воопшто..

(Некои пратеници му дофрлуваат од место да побара камерите да регистрираат колку пратениц се во салата)

Не, не мислам да барам, како некои пратеници од ВМРО ДПМНЕ, камерата да покаже кој се тука кои не, не може да ги окривам колегите туку моето прашање е зошто дискутираме за Извештајот на Европската комисија месец и пол откако тој дојде во Собранието на Република Македонија.

Можам со жалење да констатирам дека ако дојде материјал од “Илинденска” бб., од Владата на Република Македонија, тој ќе биде разледуван по итна и по скратена постапка. Ако дојде важен, многу важен, најважен материјал за Република Македонија од Брисел тогаш тој наместо по итна тој ќе биде разгледан по многу спора постапка. Наместо по скратена постапка ќе биде разгледан по продолжена постапка, така што евидентно е дека овде се прави разлика за тоа од каде доаѓаат материјалите.

Инаку сега чувството е да дискутираме за нешто што е веќе надмината тема, иако н е би требало да биде така, дискутираме за Извештајот на Европската комисија односно Европската унија за Маекдонија со минимален, минимален интерес од страна на пратениците на Република Македонија.

Се надевам дека во иднина тој Извештај ќе биде разгледуван веднаш за да има интерес и од страна на пратениците и од страна на новинарите односно јавноста на Република Македонија.

Треба да знаеме дека политичарите треба да ги оценуваме според ветувањата што ги даваат за тоа како планирале да ја остварат својата работа или како да ги остварат приоритетите на своето работење. Затоа веднаш, на самиот почеток ќе го споменам експозето на премиерот Груевски веднаш при неговата инагурација кога стана премиер пред две години, повеќе од 2 години кога ги изнесе приоритетите на Владата на Република Македонија односно на неговата Влада.

Ако го земете тој документ во раце тогаш ќе видите дека беше кажано дека тој и неговата Влада очекуваат датум за преговори во 2007 година, а во 2008 година да станеме полноправна членка на НАТО. Сега јавноста и ние заедно со јавноста и вицепермиерот Боцевски треба да оцени дали Владата на Република Македонија односно премиерот Груевски беше во право. Дали 2007 година ние добивме датум да преговори. Не, ниту добивме 2007 година, ниту добивме 2008 година. Дали станавме членки 2008 година? Не станавме.

Јас ќе ви ја прочитам изјавата на еден министер кој што многу паметно игра. Вие сте го виделе ли министерот за надворешни работи некаде кога ќе дојде Извештај за Европската унија, кога ќе дојде нешто за НАТО сте го виделе некаде? Исклучителен мудар политичар. А дојдат критички тонови од Брисел никаде го нема. Тука ќе ги видите Боцевски кој што вака или онака, кој што доаѓа секогаш да бидам реален, да се соочи со она што го пишува во извештаите, министерот за надворешни никаде го нема. Тоа е една стратегија која што опозицијата мора да ја разоткрие, и никогаш нема да го најдете министерот за надворешни работи кога се дискутира за Извештај за Европската унија. Зошто? Затоа што е негативен. Да имаше датум за преговори прв ќе дојдеше овде. Прв ќе дојдеше овде да ни кажува што е битно за Република Македонија, каков е успехот на Владата, се разбира негов и на премиерот Груевски. Никаде го нема. Што изјави токму тој во 2006 година. Вели нашата амбиција е следната година, кон крајот на 2007 година да имаме датум за преговори. И сега пазете ги анализите на Владата. Ние би можеле како помала земја, наместо преговорите, како што покажуваат искуствата на другите земји кои што траат пет или шест години, ние со едно силно темпо кое што го најавува Владата да ги завршиме преговорите за 4 до 5 години. Па така триумфално завршува реално да се очекува со постојана работа, како што видовме нели сите овие години, Република Македонија да стане членка на Европската унија во 2012 или 2013 година.

(Министерот Боцевски моментално излегува од салата)

Според ова, ќе излезе Боцевски и јас би излегол на негово место, како да не си излезам за вакви работи, ќе си излезам и нема да се вратам, во тоа е работата, ќе видиме дали ќе се врати.

И според овие работи треба да ги оценуваме политичарите во Република Македонија , без разлика кој е на власт. И ние кога ќе се вратиме и тогаш треба граѓаните да не оценуваат и опозицијата тогашна за тоа што сме ветиле и што сме оствариле. Значи не само што 2007 година не сме добиле датум, ние 2012 година сега според Милошоски треба да бидеме членка на Европската унија. И еден ден ќе дојде во Собранието и еден ден ќе го прашам, или што изјавувал овој за кој што нели ќе го спомонеме овде..

(Претседателот го опоменува дека времето му истекува)

Зошто имам 5, зошто немам 15 минути.

**Трајко Вељаноски:** Не, добро, во ред е грешка. Си имате 15 минути.

**Андреј Жерновски**: Блгодарам.

Што изјавувал тој што ќе го спомонеме, или не смееме да го спомонеме па ни се одзимаат зборови затоа што не е присутен во салата. Ако сакате да го споменете Груевски мора да е присутен во салата, феномен во македонскиот Парламент.

2005 година кога Македонија добива кандидатура станува земја кандидат за членство во Европската унија, огромен успех, успех за кој што нели, досега не е постигнат вели за А1, и за двајцата и за него и за господинот Љубчо Георгиевски, отсуство на конкретен предлог кога да почнат преговорите со Европската унија е доволен сигнал за тоа што колку ни е успешна Владата, значи тогашната Влада. Значи, тој ист

Груевски кога сега е премиер кој што така ноншалатно од три пати по ред го игнорира тоа што нема датум  за преговори, тогаш во 2005 кажува дека кандидатскиот статус всушност е никаков успех затоа што не сме добиле датум за преговори. И гледајте сега што бара, што вели тој: отсуството на конкретен датум ќе значи нова неизвесност за Република Македонија. Нов пораз кој ќе доведе до ново разочарување кај граѓаните. Слично на тоа кога стана јасно дека Македонија нема да добие покана за членство во НАТО до 2006 година. Какво тогаш било разочарување, сега не разочарување трета година по ред што не добија. Како сега не е успех тој кандидатски, а сега не е неуспех тоа што всушност не добивме датум за преговори. Како интересно политичарите кога се во опозиција на еден огромен усех кога се обиде колу што можеше според неговиот политички  капацитет да фрли сенка на тогашниот успех и не беше присутен на прославата, кажа дека ништо од тоа што сме кандидат немало од датум за преговори. Сега 3 години по ред ништо не можеме да слушнеме од него, односно може да слушнеме нешто меѓутоа сосема различно.

Ако ги гледате сите овие изјави, ако го споредите тоа што го имаме добиено како Извештај ќе видите дека компасот е целосно изгубен. И треба да се спомене тоа што претходно моите колеги, особенон господинот Макрадули обрна внимание на тоа  кои се  причините зошто има ваков негативен Извешта, кои се причините зошто немаме датум?

Една од најголемите причини се изборите. Сите кои што гласаа во овој Парламент за да има предвремени избори во Република Македонија се виновни за тоа. И ВМРО ДПМНЕ и ДУИ и сите помали политички партии.Сите ја носат вината зошто имаме ваков извештај.

Денеска во Република Македонија, две години, 2,5 години наназад имаме политичари на кои што им е поважен сопствениот рејтинг и нивната политичка партија отколку рејтингот и интересот на Република Македонија, односно граѓаните на Република Македонија.

Денеска почитувани дами и господа Грција во Брисел кога ја попречува интенцијата на Република Македонија да биде полноправен член на Европска унија и НАТО ги користи аргументите што Владата на Република Македонија ги даде после изборите, односно за време на изборите. Тие не велат дека на Македонија и ставаат вето, тие сега го употребуваат она оружје што беше дадено на денот на изборите. Тие велат не може оваа земја да биде член на Европска унија и НАТО, не може да биде член на ова семејство кога тие не можат да го одржат она што е круцијално, основно, базично за една демократска земја како што е Република Македонија.

Ако во една земја не само што не сте организирале фер и демократски избори, туку имате и човечка жртва и навистина дали таа земја заслужува да биде полноправна членка на Европска унија и НАТО. Изборите беа потоп за Република Македонија. Потоп за амбициите на Република Македонија да стане полноправна членка на Европска унија и НАТО. Време е премиерот да излезе и да каже тоа беше тешко. Грешка беше што се организираат вонредни избори во Република Македонија. Укажуваше опозицијата на тоа, меѓутоа воопшто не беше битно.

Како се однесуваме кон новите избори за кои што тука, на големо, на големо се зборува колку се битни. Имав средба со првите луѓе на ОБСЕ и се изненадени од тоа како ние го имплементираме односно политичките партии го имплементираат тоа што е договорено на средбата во Клубот на пртеници. Не можам да се согласам дека вистинска порака дека сме ги сватиле препораките од овој извештај, препораките од извештајот од Советот на Европа се всушност дека ние вршиме избор на пример на Државната изборна комисија  која што се коси со законите во Република Македонија. Едноставно, многу лоша порака праќаме со тоа што веднаш на стартот пред да се одржат избори ние кажуваме дека на тој начин ние ги подразбираме тие преговори, ние на тој начин подразбираме имплементирање на толкувањето на законите во Република Македонија односно дека ние на овој начин се подготвуваме за тие избори. Не знам дали доволно ни е јасно што значат изборите кои што ни престојат, претседателските и локалните.

Внимавајте што ни укажаа. Ни укажаа дека еден испукан куршум, не испукан куршум во човек, еден испукан куршум воопшто, во воздух ќе биде крај, дефинитивен крај за нашите амбиции. Како се подготвувавме видовме до сега што се случуваше во Собранието на Република Македонија.

И после таквите избори Груевски вечерта излезе со оценка за изборите, ако се сеќавате, оценката беше ова е победа за Македонија. Македонија победува на изборите. Тоа е битно, не е битно што наведе тој. Победило ВМРО ДПМНЕ, битно е што победила Македонија.

И според тогашните цитати во светските медиуми и според овој извештај на Европска унија дали ви личи на вас дека победи Македонија. Колку премиери, колку шефови на држави, премиери, претседатели му честитаа на премиерот тогаш. Ниту еден поправете ме ако грешам. Првите честитки дојдоа по одржувањето на вториот круг, една или две, односно кога беше прегласувањето.

(Во салата влезе вицепремиерот Ивица Боцевски)

Сега, малку за господинот кој што се врати во салата ако можам нешто да споменам.

Господине Боцевски, мислам дека со процентите и вас ви е доволно важно дека една многу лоша стратегија, стратегија која што доживеа неуспех во Брисел и тука треба да ја промените. Ниту 75, па по две недели станаа 95% не се нешто што може да се затаи, затоа што стратегијата на Владата наречена “за ништо не сме виновни иако

ја водиме оваа држава” не може повеќе да успее, иако сега изгледа поради високиот рејтинг дека тоа ќе успее. Барем не проаѓа во Брисел сега за сега, а на крај нема да пројде и во Република Македонија.

На надворешен план е виновна Грција, на внатрешен план е виновна опозицијата. Виновно е Собранието, сите се виновни само Владата на Република Македонија не е виновна.

Јас и на средбата со претставникот од директоратот за проширување го прашав, се извинувам за вас во Брисел дали е виновна Грција што немаме датум за преговори или Македонија. Одговорот беше повеќе од јасен. Уште еднаш заради јавноста, не толку заради нас, бидејќи верувам дека повеќето внимаваме на сите тие изјави, изјавата на еврокомесарот Оли Рен следниот ден беше дека “прашањето за името е нешто што е надвор од доменот на Европската комисија односно дека не влијае за она што се однесува за датумот за преговори”. Тоа треба да го внимаваме како стратегија што ја гради Владата на Република Македонија.

И сега имаме нова стратегија, забележувате, замена ќе правиме со неуспехот со, се надевам дека ќе добиеме идната година визна либерализација. Сега, имаме анкети, како да тоа е најбитна работа, нон стоп стратегија за да се покрие неуспехот од аспектот на тоа што не сме добиле датум за преговори. Нема замена за тоа.

Со добивање на датум за преговори тоа ќе беше најголемата погодност што можеше Република Македонија да ја добие.

Времето е ограничено, едноставно не може да се направи споредба за тоа што беше Република Македонија до вчера во Брисел во очите на нашите пријатели. Денеска сме земја која што е на дното на Европската Унија, денеска е Македонија напуштена од приоритетите на Европска унија, денеска за жал драматично се запоставени надворешно политичките приоритети, и суштинското преговарање во врска со проблемот со името и се разбира исполнувањето на условите.

Дозволете ми на крај да констатирам со жалење не со радост, со жалење дека оваа актуелна Влада и овој премиер не може да ја однесе Република Македонија во Европска унија. Тоа е факт, тоа е по трет пат констатирано со овој извештај на Европска унија и тоа ќе продолжи за жал и понатаму.

Ако сакаме да бидеме членови на Европска унија и ако сакаме да ги вратиме позитивните моменти тогаш ќе треба вистинска промена на политичката сцена во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик претседател на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

Дозволете ми јас накратко да се обрнам на Извештајот на Европската комисија и тоа најмногу во областа во која што изминатите две години и работев како заменик министер, односно во областа на образованието и науката. Оценката на Европската комисија за оваа област дека е забележан добар напредок. Значи добар напредок и тоа е една од подобрите или најдобрите оценки за сите ресори во Извештајот и се разбира дека на тоа влијае многу фактори, пред се донесувањето на целокупната законска регулатива која што беше предвидена со агендата за добивање на датум. Значи донесени се сите закони, други таму се истакнува и пофалува дека е донесен и Законот за основно образование во кое што се овозможи со него децата на дипломатите и на сите странци кои престојуваат во Република Македонија можат да учат на мајчин јазик под исти услови како и децата од Република Македонија.

Понатаму, донесен е Законот за образование на возрасни, Законот за високо образование каде што се вели дека сега е донесена рамката за спроведување на економските реформи. Тоа е една од најважните точки во тој закон и интеграцијата на Универзитетот, она што сега веќе е во завршна фаза за разлика и кое што со одржувањето на статутот на Универзитертот Св. Кирил и Методиј, како и Статутот на другите универзитети треба да поминат во ова Собрание во најскоро време всушност се воведува и целосна интеграција на универзитетите во Република Македонија.

Понатаму, оформен е центар за средно стручно образование кој што беше предвиден со Законот за средно стручно образование и донесени се соодветните програми кои што се предвидени зо Законот за средно стручно образование.

Донесен е законот и формирана е националната агенција за образовни програми, како што се програмата за “Доживотно учење”, програмата “Млади во акција”, каде што сега се отворени фондовите на Европска унија и може да се конккурира во овие две области за добивање и подршка на земјите на Европска унија.

Исто така, истакнато е дека е зголемен и Буџетот за образованието. Јас би кажал и конкретни бројки. Во 2006 година кога дојдовме на власт, значи ова парламентарно мнозинство, издвојувањето за образование од Буџетот на Република Македонија беше 3,2% од бруто националниот доход, а сега, оваа година, со овој Буџет кој што ќе го усвоиме до нова година таа цифра стигна до 6%, што е надмашена бројката која што беше предвидена со програмата “Преродба во 100 чекори”. Да ве потсетам, дека таму беше предвидено дека издвојувањето за образованието ќе се зголеми на 5% од бруто Националниот доход, а веќе ние овде со оваа година достигнуваме ниво од 6%. Се разбира се создаваа многу услови за подобрување на образованието во сите области, како што се

комјутеризација, реновирање на училиштата, градба на нови училишта, градба на нови спортски сали итн. итн.

Во областа на науката донесен е закон за научно истражувачка дејност, донесен е законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој и забелешка е таму дека покрај тоа што се донесени овие закони сепак има ограничување поради малите средства кои што се предвидени со буџетот на Република Македонија. Значи, овие средства беа некаде 0,25 до 0,30% од бруто националниот доход, сега веќе со Буџетот на Република Македонија за 2009 година ќе бидат 1%.

Во извештајот се вели дека во земјите на Европска унија ова издвојување е околу 3%, иако според мои согледувања не е во сите земји, далеку е од 3%, ретко има земји со 3%.

3% за наука имаат Америка и Јапонија и некоја членка од Европската Унија, меѓутоа тие 3% не се само од јавни средства, дури не со Буџетот, туку повеќето од 50% се издвојуваат од приватниот сектор, а тоа е во најголем дел од големите компании.

А во Извештајот се вели дека во земјите на Европската унија  ова издвојување е околу 3% иако според мои согледувања не е во сите земји, далеку од 3%, ретко која земја има 3%, 3% за наука имаат Америка и Јапонија и некоја членка на Европската унија, меѓутоа, тука не се тие средства 3% само од јавни средства предвидени со Буџетот, туку повеќе од 50% од тие средства се издвојувања кои што ги прави приватниот сектор и тоа во најголем дел големите компании. Во науката, по програмата ФП-7 има доста проекти кои што се во фаза на реализација, оваа година настапивме и со програмата Еурека која што исто така од идната година ќе биде достапна на нашите научни истражувачи да можат да конкурираат на овие програми. Јас случајно имав делови од Извештајот на Хрватска, можам да кажам дека нашиот извештај многу личи на Извештајот од Хрватска, ист принцип, иста терминологија, исто ниво на реализација, дури не се знае кој е подобро оценет, дали нашиот или Хрватскиот, но се разбира, Хрватска веќе има дата на преговори. Прашањето мое е, сега дали доколку ги исполнивме сите услови и доколку овој извештај беше позитивен, ќе добиевме дата на преговори.

Мислам дека на сите ни е јасно дека немаше да го добиеме датумот на преговори, како што се случи со НАТО. Да се потсетиме дека целата агенда, се што беше предвидено во програмата за пристапување во НАТО беше исполнета. Ниедно прашање не остана отворено, но се случи, она што се случи во Букурешт, Македонија не стана членка на НАТО. Дали е сето тоа поврзано со нашиот јужен сосед Грција, дали е сето тоа поврзано со името, одговорот е да, нешто слично се случи и со исполнувањето на осумте критериуми, на осумте бенчмаркери за пристапување, односно за визната либерализација, каде што се сеќавам, при крајот на 2007 година, кога ни беше кажано исполните ги овие осум услови, вие во 2008 или кон крајот на 2009 година ќе имате целосна визна либерализација, односно визите ќе бидат укинати и тоа главно беше реадмисијата, решавањето на проблемот со Полициската академија, како што овде ние го решивме и со закон потоа, биометриските пасоши, борба против организираниот криминал, едиствен визен центар за издавање на визи на Република Македонија, потоа, интегрирано гранично управување кое што веќе исто така е реализирано, што значи дека сите услови за визна либерализација се исполнети, а ќе видиме во 2009 дали повторно ќе преовладат овие услови, овие критериуми или ќе преовлада по втор пат политичкиот критериум, политичкиот пробле со нашиот јужен сосед, наметнатиот проблем околку нашето име.

Јас не се согласувам дека има заклучок дека името е надвор од агендата за добивање датум на преговори. Името не е надвор од таа агенда, не е никаде напишано тоа меѓутоа, секаде се кажува, и пред некој ден беше јасно кажано од министерот за надворешни работи на Франција. Јас затоа велам дека ние не треба овде внатре околу ова прашање да се расправаме и да се караме, но да бидеме единствени, да ги исполниме сите услови и понатаму да се бориме за датум на преговори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседател, господине заменик премиер, почитувани колеги,

И оваа малку излишана атмосфера во собраниската сала говори колку навистина сме свесни за тоа што добивме како оценка од Европската унија за прогресот на Македонија и колку имаме мотив, желба, нешто квалитетно да промениме барем на тој план, на психолошки план.

Јас навистина го ценам ентузијазмот, волјата и оптимизмот на господинот Боцевски, дури употреби една реченица, дека Македонија е подготвена да ги почнеме разговорите. Меѓутоа, ме загрижува песимистот на премиерот. Премиерот не пропушта прилика на јавни средби, дури и вчера имавме можност да го слушнеме од Прилеп да говори како Македонија да направи се, да ги направи сите реформи, дури постои противењето на Грција нема шанси да добие датум за преговори. Премиерот така не смее да говори. Премиерот мора да ги мотивира граѓаните на Република Македонија дека постои и демократски капацитет, постои потенцијал, имаме луѓе, имаме институции дека само на таков начин ќе можеме да совладаме една препрека. Дека Македонија не смее да се демотивира, заради тоа што пречи Грција, ние какви чуда да правиме во реформите, датум за преговори нема да добиеме.

Македонија мора да ги направи сите реформи, не заради приемот во Европската унија и никогаш да не бидеме примени во Европската унија, Македонија мора да има компатибилна економија, конмпатибилен систем со земјите членки на Европската унија, ако ништо друго да може да живее со нив, да врши трговија, да има сличен економски систем, да има размена итн, да се движиме. Значи ние мораме да ги направиме реформите.

Според тоа, не смееме да внесуваме дефитизам, тоа премиерот треба да престане да го говори. Алиби му е тоа. Сите знаеме дека му е алиби. Меѓутоа, ги демотивира сите други граѓани на Република Македонија кои имаат повеќе желба Македонија да се подготви за полноправно членство. И како што гледате, од Извештајот, суштината на Извештајот на Европската комисија се сведува на една реченица: Македонија не е подготвена за добивање на датум за преговори со Европската унија. И тоа е се. Ние можеме сега да се фалиме дека сме направиле тоа и тоа од 33-те поглавја, Македонија само за три има добра оценка. Најголемиот дел од останатите се или нешто приближно добро, или лошо. Според тоа, Македонија не може да каже, односно власта да каже дека се е ОК, само е проблемот со името. И не случајно сега од последниот состанок на Министерскиот совет на Европската унија добивме три многу клучни насоки, сугестии дека на прво место сега ја ставија унапредувањето на добрососедските односи и регионалната соработка. Значи, Македонија мора да гради добри односи со соседите. Видете сега дали навистина одиме во таа насока. На второ место ги ставија изборите. 2009 година мора да имаме совршено добри избори и на трето место, унапредување на политичкиот дијалог. Ајде да видиме еден по еден каде стоиме како држава. По однос на унапредувањето на состојбите со соседите и регионалната соработка, извинете, она што вчера го слушнав премиерот, барем и ова го гледам, денес има извештај во "Време" на втора страница дека Македонија ја поднела тужбата до Меѓународниот суд за правда во меѓу време во Грција да дојдат некои разумни луѓе, или во меѓувреме да се вразумат, тие што сега се на власт во Македонија. Кажете ми дали е тоа обид да се градат добрососедски односи. Која е пораката што ја праќаме, после онака жестока опомена од Министерскиот совет што ја добивме. Јас не сакам да разговрам на начин кој што ќе биде прифатлив од популистички аспект. Колку сакаат нека забележуваат. Вчерашниот настап на премиерот е тоа практично отпочнување на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ за следните локални и претседателски избори, повторно започнува со тезата во Македонија, да се водат на следните избори битка помеѓу предавниците и спасителите на Република Македонија. Зарем тоа сега ни треба кога се договараме како да одговориме на прашањата што се содржани во Извештајот на Европската комисија. И навистина, најмалку нешто што треба овој момент е таа поделба. Видете ја пораката. Пораката на премиерот упатена до опозицијата, не смеат на ефтина основа да се добива политички поени, нам ни е потребно единство.

Да ама како да го изградиме тоа единство. Еве, нели ние се договоривме на Собранието на 3 ноември, ова Собрание да донесе резолуција во која ги задолжи премиерот и претседателот на државата во најкус можен рок да направат стратегија како ќе ја водиме битката за обезбедување на нашето уставно име.

И второ, се договоривме еднодушно бидејќи таа резолуција беше така донесена на преден план да се стави заштитата на националните интереси, македонскиот јазик, македонската култура, идентитетот, да не се доведува во прашање. Зарем не е основа од која треба да се тргне натаму да градиме единство. Меѓутоа, дали слушнавте премиерот или претседателот да покренаа некоја иницијатива од околу изготвувањето на стратегијата. Значи месец ипол дена поминаа. Претседателот на Собранието ја користам оваа прилика бидејќи имавме некоја комуникација писмена, истиот ден, ако на трети ја донесовме резолуцијата на четврти беше испратен текстот на резолуцијата и до премиерот и до претседателот дали некој реагира од нив да ги свика или да почнат да прават некој тим што ќе ја прави стратегијата како ќе ја водиме битката со името. Апсолутно не. А повикува не пропушта прилика да повика на единство. Како ќе го градиме тоа единство ако не седнеме како најодговорни односно ако не седнат како најодговорни луѓе и да почнат да градат стратегија. Затоа ова Собрание тука го донесе, па после говориме дека Собранието и државните институции не функционираат со полн капацитет. Па ве молам, ако премиерот има таков однос кон врвната институција, кон Собранието, ако така игнорантски се однесува како ќе го градиме кредибилитетот на Собранието како врвна законодавна инститиција, нема шанса. Според тоа, неодговорно е однесувањето кон ова Собрание, а ние си продолжуваме бидејќи тоа не е битно, така мисли премиерот.

По однос на вториот односно во овој случај, третата поука што ни ја дадоа од Брисел, дека мораме да организираме фер и демократски избори. Јас одговорно тврдам уште од овој момент кога почнува да се забележуваат нашите пропусти, слабости или како ги исполнуваме ние условите, односно каква оценка ќе добиеме за нашиот прогрес веќе стартуваме со негативни поени. Прво, Законот што го донесовме со измените и дополнувањето на Изборниот законик веќе е фаличен на самиот старт и неделегиримира како сериозна држава да го исполниме тој услов, да направиме фер и демократски избори. Прво го изменивме законот максимално ги партизиравме изборните органи. Второ, го прекршивме законот заради тоа што не

го почитуваме законот околку составот на Државната изборна комисија и членство на структура на жена во состав на Државната изборна комисија. Трето, го прекршивме законот и создаваме услови за корупција во делот кај што се говори дека финансискиот извештај односно извештајот за потрошени пари за изборите ќе се достави дури по донесувањето на одлуката од Собранието за распределбата на средствата меѓу партиите кои што влегуваат во Парламент. Тоа е чиста корупција, тоа ни го укажуваат и од надвор дека како ќе го доставите вие до Комисијата за антикорупција ако Извештајот чека и до Држвната изборна комисија чека и после 6, 7 месеци од составот на Влада. И конечно мислам дека дефинитивно крајно неодговорно се однесуваме кон сите услови што ни ги поставуваат и кон задачите кои што ги земавме сами како Собрание на Република Македонија. Според тоа, уште сега бидете сигурни овие прашања околу изборите веќе ни се забележани и на тоа е додадена оценката на кој начин се менаџираше штајкот на синдикалците. Овие 4 забелешки да сме живи и здрави па да видиме дали нема да ни ги стават во извештајот за следната година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам почитувани малубројни колеги од владеачкото мнозинство, господине заменик претседател на Влада на Република Македонија.

Дозволете најпрво да ја изразам најискрено, својата најдлабока загриженост во врска со денешната собраниска дебата околу Извештајот на Европската комисија. Јас жалам, но тука не гледам ни минимум политичка волја, ни една продуктивна конструктивна дебата која ни беше и цел кога како пратеничка група на СДСМ ја инициравме денешната седница дека навистина сите заедно тука ќе дебатираме што се случува со Република Македонија во последните три години. Требаше одважно, одговорно сериозно секој од нас да придонесе во она што значи сериозна парламентарна дебата околу третиот по ред неуспех на Република Македонија во напредокот кон полноправно членство во Европската унија.

Јас лично сум голем скептик. Јас знам дека добивме по трет пат негативен Извештај кој не не води кон Европа. Ама се плашам дека со ваков индолентен незаинтересиран однос и не само од вас почитувани колеги, дозволете господине вицепремиер скептик сум особено после вашите зборови каде што дозволете ако добро маркирав што рековте, ова значело нов европски демократски пробив на Република Македонија. Јас на овие ваши зборови после овој трет по ред Извештај останувам без зборови. Сега разбрав дека вие ништо не сте разбрале. Сега сфатив дека вие не сакате да сфатите. Дека најмалку се на Република Македонија и траба розови наочари, напротив. Како кажавте господине Боцевски реформската ѕвезда по мене тој термин, кога дебатираме за овој Извештај, дозолете да го наречам за мене најгруб вид на цинизам. И ќе ви кажам зошто. Ќе говорам ококу она што вие го маркиравте како позитивна оцена, а се однесува на делот 2 точка 2 човечки права и слободи. Жалам, господине Боцевски бевте поканет на собраниската седница, не само што не дојдовте, не најдовте за потребно да испратите некој во ваше име да слушне кога правевме анализа, што, каква оценка добивме во поглавје 2 точка 2 и ќе почнам од она што вие се пофаливте. Сте формирале меѓуресорско тело за заштита на човекови права. Срамна е оценката, вака пишува, меѓуресорското тело за заштита на човековите права се состана 4 пати и донесе правилник за работа, ама сеуште не е ефикасно во координација на активностите помеѓу ресорните министерства. Ваш опис и попис господине вицепремиер за евроинтеграции, најслабата оцена ја добивте вие околку ова меѓуресорско тело. И затоа крајната оценка е слаб напредок во заштита и унапредување на човечки права. Прочитавте ли оценката околу тоа дека Македонија има процентуално има најголем број на предмети пред Европскиот суд за човечки права. И ве молам, не говорете за успехот на судските реформи бидејќи овие предмети значат друго недоверба на граѓаните во сопственото судство. И дозволете ние наместо ние да дебатираме, да ја лоцираме причината. Заради тоа, ние одиме на последица.

Господинот Маневски на 10-ти, во инфоцентарот пред Европската комисија најави дека ќе поднел пред Собранието закон за извршување на одлуки на Европскиот суд за човекови права. Тоа е смешно. Ние треба да говориме, да направиме опстојна анализа за тоа што се случува во судството во Република Македонија. Зошто граѓаните пред Европа се жалат дека не можат да ги остварат своите човечки права и слободи. И тоа е тука. Прочитавте ли господине Боцевски каква е оценката околку спречувањето на тортура и деградирачко однесување. Комитетот на Советот на Европа е длабоко загрижен за состојбите во затворскиот ситем. Многу малку е во вашата, како вие ја нерековте скица на активности, во Куманово ќе изградиме затвор. Ама ве молам, проблемот со затворскиот систем вели постои недостаток на професионално раководење, бидејќи службените лица се политички назначени.

“Има тортура во затворите”. Минатата година кога дојде Комитетот за спречување на тортура, ни даде препораки. Ама Владата во која сте вие заменик претседател даде одговор, па при нивната ат хок посета констатираа дека сме дале лажни податоци и не казнија. Требаше овде да говорите зошто оваа Влада буквално ја засрами Република Македонија пред Советот на Европа, доставувајки неточни податоци. И затоа, за прв пат е применет институтот од членот 10. И тоа е срам за Република Македонија. Македонија така не се приближува кон Европа.

На кратко ќе ви кажам што е оценката за Министерството за внатрешни работи. Дозволете ќе прочитам една реченица: “Алфа единиците, не постои ефикасна контрола над специјалните полициски единици. Постојат”, вели “големи потреби за воспоставување на независен, надворешен механизам за следење на злоупотребата од страна на полицијата”. И тоа е констатација. Тоа не е нешто со кое можеме да се пофалиме.

“Медиумите се партиски водени”. Медиумите почнаа да претставуваат оружје за политички притисок кон политичките неистомисленици. И тоа е дел од овој извештај.

За невладиниот сектор, оценката е “вклученоста на граѓанското општество при носење и развој на политики е минимална”. Знаете од кога граѓанскиот сектор во Република Македонија го очекува ветениот закон, што е една од обврските и препораките?

Не постои социјален дијалот, не е донесена и ратификувана конвенцијата за лицата со хендикеп, Законот за антидискриминација е по трет пат маркирано, а вие предлагате дури април 2009 година на влезе во собраниска процедура. Па дозволете, на 15 октомври минситерот за труд и социјална политика вети дека на крајот на ноември Ќе го донесат. Повторно доцниме 6 месеци.

Но она што сакам заедно да го прочитаме, иако гледам дека имате можеби во овој момент и поинтересна тема, знаете ли кога Македонија ќе добие датум за преговори? Во овој извештај господине Боцевски пишува, а вие се пофаливте - многу сме сториле за Ромите, сме поставиле минситер без ресор Ром. Вели вака “Бавно се спроведуваат акциските планови. Бавно се спроведува декадата за вклучување на Ромите”. Обрнете внимание на катастрофалната реченица што гласи “Дискриминацијата против Ромите продолжува”. “Македонија е општество што врши дискриминација, сегрегација и незаконска дискриминација на децата Роми во образованието”. После вакви две реченици, ако не седнеме, наместо ова што јас го нареков не скица за мерки и активности, ова е скица за бегање од одговорност, ова е скица во која повторно за жал гледам. Ниту сакате, ниту можете, ниту имате план како да почнеме од денеска, а требаше да почнеме 40 дена претходно, да работимеочи во очи, да погледнеме на вистинската и реална оценка што ја добивме. А таа гласи, без оглед колклу вие сметате дека е пробив на Република Македонија, таа гласи отприлика вака-Република Македонија по трет пат не разбира што бараме од неа по однос на заштита и унапредување на човечки права и слободи, добиваме очајна оценка.

И знаете зошто не верувам дека нешто ќе нарпавите за Ромите? Бидејќи пред 10 дена, кога го гледавме Буџетот на Република Македонија, оваа етничка група што за жал, според Европската комисија ја дискриминираме, од вашата Влада доби цели 24 милиони денари. Со 24 милиони денари, ако мислите дека ќе успеете да решите барем една препорака што се однесува до Ромите, за што буквално се дефинира Македонија дека инклузија им врши,не се вклучени, не ги вклучуваме во ова општество. За жал, тоа значи дека вие уште од денес мафтате со бело знаменце во поглед на Извештајот за напредокот што треба да го добиеме на 6 ноември идната година. И јас, сериозно жалам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Само кратко дополнување на ова што почитуваната колешка Бендевска го кажа.

Се согласувам дека инклузијата, посебно взаемната инклузија со политичката на Брисел е многу важна работа.

Меѓутоа, вие изразивте скепса почитувана колешке Бендевска и тоа е новитет во интонацијата што опозицијата ја дава на денешнава расправа. Ако е за утеха и евроскептицизмот е европска појава. Ако е тоа за ваша утеха.

Сакам да ве демантирам во едно, Македонија била првенец во број на случаи на Меѓуанродниот суд за правата во Стразбур. Многу често велат нашите пријатели од Брисел - патот до Брисел води преку Стразбур.

Меѓутоа, читајки го нашиот Извештај требаше да ги прочитаме и извештаите што Европската комисија ги пишува и за кандидатите за членки и за самите кандидати, меѓутоа и за своите членови.

На 23 јули Комисијата за борба против корупцијата при Европската комисија, таканречената Комсиија ОЛАФ на 9 страници го напиша најостриот извештај што кон една европска земја воопшто е напишан. Само да не спомнувам, не служи како реклама за таа земја, меѓутоа за неа се вели дека политичарите во таа земја треба да покажат едногласна волја за искоренување на корупцијата во таа земја. И таа земја, според статистиката, има најголем број на случаи каде што нејзините граѓани водат спорови пред Меѓународниот суд за правда во Стразб ур. Земјата е членка на Европската унија од 2007 година. Ова како демант дека Македонија е првенец по бројот на случаи пред Меѓународниот суд за правда во Стразбур.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Ќе ми биде доволно само една реченица.

Колега Шутарев, очигледно не бевте сконцентриран, не бевте доволно внимателен што мене ме упатува дека не сте ни доволно заинтересиран, не ја слушавте мојата дебата. Не говорев за корупцијата, говорев за нешто што е многу сериозно и ќе се согласите со мене верувам, заштита и унапредување на човечки права и слободи во ЕМ. Така што претпоставувам во недостиг на аргументи не влеговте во дебата околу темите што ги отворив, отидовте на нешто што претпоставувам дека сметате дека ќе може за вас да биде поинтересна дебата.

Жалам воопшто, не само од односот што вие конкретно сега го кажавте, туку од односот на сите почитувани пратеници од владеачкото мнозинство. Очекував заедничка дебата, се со едно, ајде да ја споделиме одговорноста за да навистина креираме амбиент во кој што сериозно ќе разгледаме можност за дефинирани мерки и активности што ќе придонесат за подобра оценка за Македонија идната година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Адеми Џевад, повелете.

**Џевад Адеми:** Почитуван господине претседател, почитуван заменик премиер, почитувани колеги пратеници,

Да бидам искрен, за цело време бев во дилема да излезам, да земам збор или да се откажам од правото да говорам од оваа говорница на овој значаен државен орган. Се од една едноставна причина.

Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година забележува позитивни движења. Се спомнуваат постигнувањата, не подржуваат во нашата плебисцитарна определба како политичка класа и како народ на реален начин го отслокува неизвршеното и на крајот, немаме датум за отпочнување на преговорите за членство во Европската унија. Имаме најави, но со големи дилеми за либерализација на визнио трежим.

Прелистувајки ги материјалите од седницата од 2007 година токму по ова прашање, мислам дека се повторуваме. Мислам дека нештата поединечно течеа добро, а во целост немаме решение.

Парламентарната група на ДУИ ја подржува оваа дебата и оценуваме, со голема почит кон Извештајот на Европската комисија, сакаме да бидеме дел од случувањата во Парламентот во оваа наша стратешка определба. Сакаме, исто така, да бидеме дел од исполнувањето на овие стандарди, но дозволете ми да кажам дека како пратеник Албанец, како пратеник на најголемата албанска партија, како пратеник на владината коалиција, би сакал на оваа седница на свечен начин да констатираме дека ги исполнивме сите домашни задачи. На оваа седница свечено да ја солемизираме оваа посветеност на нашата определба, на сета политичка класа во Македонија, без разлика на етничката припадност и политичка провиниенција, но еве вака ни се случува.

Сакам со висока одговорност овде, од оваа говорница да им се обратам на политичарите, на нашите државници, Македонци. Ако вие го почитувате коректниот став, солидарниот, би рекол одговорниот став на политичката албанска класа, независно на кој политички блок припаѓа, ве молам имајте ја во предвид политичката албанска класа.

Не порано, пред два дена се прогласија резултатите од една анкета на една сериозна институција. 69% од испитаниците Албанци се произнесоа дека не ги интересира цената за наше зачленување во Европската унија. Се плашам дека сите ние, како Парламент, Влада, политичари, граѓани влегуваме во еден цајт нот. Секој од нас поединечно или како парламентарни делегации контактираме со наши политичари, колеги од Брисел, Стразбур, Париз. Со жалење го кажувам ова, од ден на ден се намалува, се троши, се исцрпува разбирањето. Велат да, имате право. И овде завршува се.

Од сите нас се очекува да демонстрираме одговорност и да бидеме, како што вели народот, на висина на темата за која што расправаме. Да носиме одржливи документи и тоа сме го правеле, независно од политичките комбинаторики. Ова го правеше и минатиот парламентарен состав. Ќе го правиме истото и воиднина.

Се плашам дека Европа не ги цени толку нашите добри донесени документи. Не знам до кога ќе имаме толеранција и разбирање од страна на граѓаните. Од оваа говорница и од оваа пеланрна седница, од оваа наша сериозна активност сакам да посакам 2009 година навистина да го исполни тоа штоне успеавме да го исполниме во 2008 година. Граѓаните на Македонија, Албанците, Македонците, Турците, Србите, Власите, Бошњаците, Ромите сите немаат друга перспектива освен европската. Таа е наша обврска. Тоа треба да го исполниме.

Не сакам од оваа говорница во својство на пратеникод владиното мнозинство да зборувам за постигнатите нешта. Не сакав да правам телеграфски инвентар на сето тоа што сме го исполниле. Европската комисија на прецизен начин ги има отсликано сите тие нешта. Не треба да останеме овде, да се задоволием со толку.

Можеби некому изгледа деликатно прашање Македонија, ние, Владата, народот треба да го реши спорот со името. Треба да се реши. Тоа значи нема друго решение. Ова го велам од позиција на одговорен политичар албански, што за цело време сме манифестирале разбирање во однос на ова, коректност и подршка на државната политика. Но, граѓаните не прашуваат до кога? Кога е крајот на сето ова? Што треба да се случи за да се случи тоа што го посакуваме сите ние. Посакувам 2009 година сите ние, бидјеки дозволете ми да кажам една моја лична желба

вооднос на европските перспективи на Македонија, овде немаме различни позиции, опозиција-позиција. Овде треба сите и за среќа тоа сме го докажале, да бидеме на една линија истомисленици.

Поздравувајќи го акциониот план на Владата за приоритетите, посакувајќи во 2009 година да го добиеме тоа што го посакуваме за отпочнување на преговорите, посакувајќи во 2009 година на една седница како што е оваа да искажеме сите заедно наша радост, среќа и наша плебисцитарна посветеност за една поинаква Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван колега,

Убаво е да се сфати, меѓу редови или не, не е битно, дека има пратеници од парламентарното мнозинство кои се свесни како денеска се гледа кон Македонија, во споредба со претходниот период и кои разбираат дека денешните, таканречени преговори, што се од суштинско значење за Република Македонија, преговори во врска со разликите околу името, всушност не се случуваат, туку се случува барање на едно оправдување зошто ние никако не можеме, актуелната Влада на Република Македонија никако не може да успее барем малку да ја помрдне напред Република Македонија, односно го спречува она што се случуваше претходно.

Би ценел одговор на моево прашање, бидејќи би сакал да ви кажам дека вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ на кој начин го разбираат целиот овој процес или на тој начин сакаат да го искористат или попрецизно кажано да го злоупотребат овој процес на интегрирање во Европската унија токму користејќи ја вашата партија? Или, како всушност се обидуваат со евроинтеграцијата да го покријат тоа од што бегаат две години?

Вие знаете колкав удар беше за премиерот Груевски тогаш кога мораше да направи коалиција со ДУИ. Се сеќавата како партискиот состанок беше доржан во петок поладне, навечер во Континентал, кога нема медиуми, па како мораше да се сокрие целата работа.

Така, моето прашање гласи, весникот Нова Македонија на 4 јули 2008 година, насловот е огромен, со овие зборови “Европската унија нуди датум за преговори само со Ахмети во Владата”. Внимавајте, ако ДУИ влезе во Владата, однсоно ВМРО-ДПМНЕ мора да направи коалиција со ДУИ е тогаш ќе сме добиле датум за преговори. Гледајте колку интересно спинување на мислењето во Република Македонија. Па вели, весникот дознава од владини извори дека ако сакаме да добиеме датум за преговори на есен, Европската унија инсистира во идната Влада да биде вклучена ДУИ на Али Ахмети, инаку нема да добиеме датум за преговори.

Еве влеговме ДУИ направи коалиција со ВМРО-ДПМНЕ,односно ВМРО-ДПМНЕ направи коалиција со ДУИ. Не гледам дека добивме датум за преговори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам претседателе.

Колега Жерновски, дали ќе ми дозволите на вашето прашање да ви одговорам во 2009 година, кога ќе го добиеме датумот?

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Има збор господинот Горан Сугарески, повелелте.

**Горан Сугарески:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници.

По добивањето на кандидатскиот статус на Република Македонија во 2005 година, ова е трета година по ред, се случува Република Македонија да добие лош или негативен Извештај од страна на Европската комисија. Најмногу ќе се задржам на делот на политичките критериуми наведени во Извештајот. Веднаш сакам да кажам дека клучните оценки односно негативните оценки кои Република Македонија ги доби во овој извештај се околу политичките критериуми.

Како заменик член на Законодавно правната комисија имав прилика да присуствувам кога се разгледуваше Извештајот, добар дел од колегите кои се членови на таа Комисија ме убедуваа дека извештајот бил позитивен. Се прашувам како можел извештајот да биде многу позитивен, а Република Македонија да добие негативен извештај односно да не добие датум за преговори.

Би сакал дел по дел, а прво околу политичкиот дел каде е оценето дека ситуацијата не е розова, а не да велиме дека ситуацијата е добра , извештајот е позитивен, реален или не знам каков.

Извештајот не е реален, извештајот е негативен, извештајот има само еден јасен одговор Република Македонија не доби датум за преговори со Европската унија.

Сакам неколку аспекти да ги разгледам политичките критериуми, а ќе почнам со 9-от критериум кој европскиот комесар Оли Рен на Република Македонија и го даде во март месец, покрај тие 8-те бенчмаркови, значи 9-ти , а тоа беа предвремените парламентарни избори односно организирањето на тие предвремени парламентарни избори.

Веднаш да кажам дека тие предвремени избори беа се само не фер и демократски, поминаа со многу насилства. Тука би потенцирал дека Владата на Република Македонија како главен организатор на тие избори не најде за сходно или по завршување на изборите се повикува на тоа дека се поведени многу кривични пријави против одредени луѓе кои направија насилства на тие предвремени парламентарни избори, дури се

појде до таму да се каже дека и опозицијата е виновна, иако по Законот, не е таа што ги организира изборите, но и таа е виновна, зошто не се организирале фер и демократски избори.

Тогаш СДСМ кога беше во опозиција и кога до последен ден укажуваше дека на Република Македонијане и се потребни предвремени парламентарни избори се со цел да не добиеме критериум со кој дополнително ќе ја усложниме работата за да на 05 ноември да ни дојде ваков негативен извештај, сепак парламентарното мнозинство потпомогнато со ДУИ избоксува предвремени парламентарни избори со кои ВМРО ДПМНЕ доби апсолутна власт која еве на кој начин ја практицира.

Би се осврнал на делот на политичкиот критериум каде имаме негативни оценки во делот на работата на Собранието на Република Македонија каде во периодот на август месец се донесоа стотици закони во ова Собрание без опозиција иако за добар дел, барем праксата покажала дека е потребно да бидат со договор помеѓу позицијата и опозицијата, но се најде начин на кој опозицијата треба да биде надвор од ова Собрание и тогаш брзо потезно без никаква расправа, без да се цени квалитетот на тие закони или да го оценува барем некој од парламентарното мнозинство да каже зошто е добар, зошто не чини овој закон , едноставно се исштанцаа стотици закони кои не гледаме дека во реалниот живот со нивната нормална практична примена или спроведување даваат кој знае каков позитивен резултат, напротив, ниту тогаш граѓаните не можеа да видат дали тие закони се квалитетни, бидејќи по нив не се водеше никаква дебата. Едноставно Владата ги доставуваше до Парламентот, а тој со својата гласачка машинерија ги штанцаше овие закони.

Би се надоврзал на донесувањето на Деловникот кој беше во стандардна шема, тој месец кога практично Собранието работеше без опозицијата, донесен во некое петочно попладне, а вообичаено е Парламентот да не работи во петок, но втора или трета седница во истиот ден беше закажана се со цел што побрзо овој Деловник за кој комплетната опозиција, не само СДСМ, има безброј забелешки, па веројатно на една од наредните седници ќе треба опозицијата да продискутира за сите овие забелешки што ги има во овој Деловник за работа.

Сериозни забелешки во Извештајот се упатуваат и на дијалогот кој се води меѓу власта и опозицијата. Ако го опфатиме периодот кога добар дел во минатиот состав на ова Собрание ДУИ отсуствуваше, по завршувањето на предвремените парламентарни избори најпрвин ДПА, а потоа и СДСМ беа надвор од ова Собрание искажуваа дека ни најмалку не бил добар општествено политичкиот амбиент во Република Македонија .

Би ги искажал и сериозните забелешки кои се упатуват на кохабитацијата помеѓу Претседателот на државата и премиерот, посебно би го искажал она класично лицемерие кое ВМРО ДПМНЕ го направи за време на посетата на Претседателот на државата Бранко Црвенковски во Њујорк кога беше гостин на Генералното собрание на Обединетите Нации и кога секојдневно од страна на ВМРО ДПМНЕ слушавме како да е појден во Њујорк да изврши промена на името и ВМРО ДПМНЕ е во исчекување на одреден предлог кој треба наводно да го донесе од Њујорк, а потоа врз база на него да се оди на некаков референдум.

Видовме дека Претседателот Црвенковски не се врати со никаков предлог од Њујорк, едноставно Метју Нимиц во натамошниот дел од преговорите донесе сет на идеи, како што беше кажано, по кои и Претседателот Црвенковски многу јасно се произнесе по нив.

Би сакал да се произнесам во делот на реформите на јавната администрација, исклучиво негативни оценки за тие процеси кои сигурно не гарантираат добра иднина за државата, се набележуваа вработувања во јавната администрација со многу слаб квалитет , исклучиво на партиска база, нормално главен предуслов е да се биде член на ВМРО ДПМНЕ, инаку колку и да се работи за висок квалитет на луѓе и на оние кои ги исполнуваат максималните услови и критериуми кои ги бара Агенцијата за државни службеници, апсолутно тоа не е главен предуслов, главен предуслов е да се биде член на ВМРО ДПМНЕ и не само во делот на тие вработувања, туку класично каде треба да се изврши унапредување во службата, но, за жал, се случува истото.

За судскиот систем голем дел од колегите дискутираа, дури имаме ситуација каде во еден извештај министерот за правда е назначен дека вршел одредено влијание со своите изјави.

Морам да го опфатам и делот кој максимално е внесен во овој извештај дека е нарушена слободата на медиумите, мислам дека во изминатиот период имавме прилика да гледаме да ни се јави сомнеж кој претпоставувам дека сите граѓани на Република Македонија го гледаат, не сватливо е толку уредници на телевизии или новинари кои биле уредници во одредени приватни куќи да бидат сменувани се со цел во ни еден дел да не биде опфатен делот каде се критикува Владата, секојдневно имаме прилика да гледаме некакви безвезни кампањи од типот “отвори го срцето”, “отвори ја душата” и други. На тој начин не се создава критична новинаска маса која реално би ја оценувала работата на Владата, работата на опозицијата.

Би сакал само уште една реченица, секогаш се повикуваме на тоа кочењето на Република Македонија од страна на Република Грција за приемот или недобивањето на датум за преговори, но, за жал, морам да констатирам дека ние не дојдовме во ситуација Република Грција преку правото на вето кое го има, го искористи да

не даде датум за преговори, но ние не ги исполнивме критериумите кои ни беа зададени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Реплика има господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господине Сугарески.

Со дел од вашата констатација се согласувам потполно, меѓутоа, сакам на овие прашања што ги поставивте доколку сте во можност да ми одговорите на следното:

Прво, што се однесува до судството, но дали знаете господине Сугарески дека судиите во Република Македонија ги биравте во 1996 година кога во овој Парламент не учествуваше ВМРО ДПМНЕ. До ден денес поголем дел од тие судии некаде 80 до 90% и ден денес се судии и си ги бркаат своите работи.

Се согласувам со вас дека одреден дел од судиите имаат огромен број предмети кои 10-12 години ги немаат решено. Меѓутоа, за судството немојте да ја обвинувате ВМРО ДПМНЕ.

Втора работа, спомнавте нешто дека ние сме замерувале што господинот Бранко Црвенковски бил во Обединетите Нации, зборувал нешто таму и ред други работи, но јас би ве прашал нешто друго. Во овие 17 години кога господинот Бранко Црвенковски сте го слушнале нешто да изјави во врска со името Македонија? Сигурен сум дека ќе се согласите со мојата констатација, затоа ги повикувам гостите што се дека за Македонија, без разлика дали се работи за радост или за тага, секогаш се леат солзи. За Македонија секогаш треба да се зборува, каде и да појдеме, со епитет, дека оваа земја нема цена, дека е ова света земја. За Македонија секогаш треба да зборуваме дека проблемите не можеме да ги решиме за шест месеци со името, тие проблеми не се решаваат, треба да поминат шестотини векови и повторно нема да се решат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Горан Сугарески, повелете

**Горан Сугарески:** Не знам од кој дел на контра репликата да почнам, дали од судството, Претседателот на државата, но за жал, гледам дека господин Црвенковски го нарекувате, тоа е многу жалосно за едно парламентарно и владино мнозинство кое го има во Република Македонија. Меѓутоа ќе се задржам на судиите, велите дека сите судии сме ги избрале кога сме биле на власт во 1996 година. Само да ве потсетам, во изминатите 20 месеци откако е ВМРО ДПМНЕ на власт избрани се над 150 судии. Дали тие судии ги избра СДСМ? При изборот на тие судии никогаш не е земено предвид стручноста, компетентноста, извисени се луѓе кои над 12-15 години работеле како стручни соработници. Исто така во непотизмот ако навлегуваме, портпаролот на Министерството за внатрешни работи, неговата сопруга Маја Котевска судија во Основен суд Скопје 2, има и други примери, тука е и претседателот .

**Трајко Вељаноски:** Следен за збор е господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Иако е денес пред нас Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија и за исполнување на критериумите за зачленување во Европската Унија, слушајќи факти и аргументи од страна на опозицијата, но и од парламентарното мнозинство, доаѓаат до израз спротивности и од оваа конструктивна расправа меѓу опозицијата и парламентарното мнозинство, но за жал, не се постигна некоја заедничка точка со која ќе се извлечат заклучоци како понатаму во иднина институциите во државата односно на Република Македонија да бидат подготвени во справувањето со сугестиите и забелешките што доаѓаат од Европската Комисија.

Гледајќи од ова позиција ја разбирам опозицијата која има потполно право да го обвини парламентарното мнозинство, но секогаш во моите дискусии сум барал од опозицијата покрај забелешките да нуди и свои опции за излез од ситуацијата и да се доближиме до разликите што ги имаме во Собранието на Република Македонија како да се разреши ситуацијата.

Ние сме свесни дека Извештајот не е толку лош како што се кажува од опозицијата, меѓу другото се набројуваат и донесените закони од разни сфери на политичката и економската сфера во Република Македонија , се покажува напредокот со години во Република Македонија , а конкретно се зборува за 2008 година. Нормално се кажуваат пропустите кои се извршени во Република Македонија .

Од сето ова мислам да се извлече заклучок за Владата на Република Македонија која носи конкретни одлуки за спроведување на овие сугестии на Европската Комисија и заеднички да излеземе пред Европската Комисија за исполнување на критериумите .

Често се случува како што се случува сега во разни делегации кои произлегуваат од билатерални и мултиратерални средби на Република Македонија со претставници на Европската Унија често ставовите се контрадикторни. Не велам за сите делегации, туку за многу делегации, а меѓународните фактори гледаат и сите овие забелешки ги внесуваат во нивните забелешки како дејствува делегацијата и тоа што го презентираме надвор што се случува во Република Македонија .

Ние сме свесни дека критериумите се дополнети, знаеме многу добро како заврши изборите во 2008 година. Но , треба едно да знаеме како субјект, како претставник на ДУИ во текот на 2008 година на 01 јули кога се одржаа

парламентарните избори завршија како што завршија и најголеми забелешки имаме од Европската Комисија. За ДУИ нормално одговорноста ја имаме, сега се надеваме дека овие сугестии и забелешки кои ни се нудеа од Европската Унија односно Европската Комисија имаме политичка одговорност како партиципиент во Владата на Република Македонија идните избори да бидат праведни, слободни и демократски.

Затоа, секој политички субјект треба да ја земе одговорноста на себе без разлика од која позиција дејствува, од позицијата на позиција, или опозиција, бидејќи одговорноста пред се ја имаме пред граѓаните. Можеби како народни избраници сме во подобра ситуација од тие што не гласале, но треба да мислиме и за тие што не гласале, во овие деликатни ситуации на економска криза и социјална криза. Република Македонија ги има во предвид одговорностите во спроведувањето на реформите во разни области, почнувајќи на пример во сферата на образованието. Во сферата на образованието многу добро знаете дека Министерството за образование и наука и образованието воопшто во Република Македонија претставува конгломерат на дејствување, на општествена дејност, едукативна дејност и научна дејност на Република Македонија со десетици илјади наставници, ученици и студенти. Треба да им дадеме позитивен одговор на барањата на Европската комисија. Тоа се спроведува преку реформи. Ние сме свесни, можеби се забрзани, но тоа се условите и потребите за дејствување во Република Македонија. Многу добро знаеме дека имаме училишни згради каде што воспитно образовниот процес многу тешко се спроведува. Но, тоа не значи во некои рурални места дека немаме минимални услови за спроведување на воспитно едукативниот процес. Република Македонија има за обврска и Владата и било која влада која ќе биде во иднина, во спроведување на реформите, за усогласување на легислативата на македонската легислатива со Европската унија, но и подоборување на условите во сферата на образованието, конкретно зборувам. Вие многу добро знаете дека едно од барањата на Европската унија и Европската комисија се реформите во земјоделството. Иако во последно време има некои реформи во сферата на земјоделството со издвојување на субвенции на државното земјиште, значи за индивидуалните земјоделци. Но, секако Република Македонија не треба да ги укине, без разлика на разните пречки, значи, за стимулирање на земјоделството во Република Македонија.

Од друга страна што се однесува на спроведување на Охридскиот рамковен договор и во Извештајот на Европската комисија има напредна линија, значи има позитивен напредок. Но, и тука имаме неколку застои. Во правичната застапеност на заедниците во Република Македонија, на пример, во Армијата на Република Македонија има воени единици каде ниеден Албанец не е присутен. Тоа можам со име и презиме да ги кажам. Но, секако не треба да застанеме, туку треба да продолжиме со реформите, бидејќи имаме политичка одговорност без разлика на кои позиции, дали од позиција на партиципиенти во Владата, или опозиција. Но, ние како Република Македонија мора да одговориме на тие барања.

На последната средба што ја имавме во структурите на НАТО меѓу другото се разговараше: “Само продолжете со реформите во Македонија. Значи, и честитаме на Република Македонија”. Бидејќи перспективата на Република Македонија е во Европската унија и НАТО. Бидејќи многу лесно од позицијата на напад и одбрана, значи нападот и одбраната сега во ова Собрание да се соединат и да имаат заеднички заклучок со кој ќе бидат во корист на Република Македонија граѓаните на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик премиер, колеги пратеници,

Сакам да започнеме, бидејќи претходниот дискутант, претседател на Комисијата за образование ме инспирираше да почнам од овој дел на Извештајот, бидејќи сме имале доста дебати на оваа тема и треба да се кажат некои работи. Мислам дека е многу потешко од позиција на напад да се кажуваат работите, бидејќи критиката треба да биде аргументирана и издржана за од неа да произлезе некаков ефект. Значи, неспорно е дека она што го дебатиравме во делот на науката се зголемени издвојувањата, меѓутоа сепак сме далеку под оние 3% од бруто домашниот производ и таа работа во наредните години треба да се корегира, ако сакаме да бидеме што е можно поблиску до Европската унија и да ги исполниме стандардите во овој дел. Сеуште се смета дека нивото на приватните инвестиции во науката и истражувањето остануваат симболични. Мора да овозможиме услови да се инвестира повеќе од приватниот капитал во делот на инвестициите во науката и истражувањето, бидејќи тоа е надградба која потоа се враќа повеќекратно на општеството.

Во делот на образованието, донесен е нов Закон за високо образование, отстранети се дел од дискриминациите, условно да кажам во делот на школувањето на граѓаните на Европската унија. Меѓутоа, сеуште и покрај тоа што е зголемен буџетот за образование, цитирам: “не е доволен за да обезбеди соодветна имплементација на мерките на политиките, почнувајќи и од националната стратегија за реформи во образованието за 2005 до 2015 година. Човечките ресурси се неадекватни”. Сето тоа се работи на кои треба во следниот период да се работи дополнително. Го поздравувам тоа што издвојувањето во буџетот за образование се

двојно зголемени во однос на претходниот период. Меѓутоа, мора да се наоѓаат многу поадекватни места за пласирање на овие средства. Значи, не можат во услови кога нашите училишта се наоѓаат во распадната позиција за нас да бидат приоритетни инвестициите во одредени технички средства и помагала кои нема каде да бидат поставени.

Во делот на програмите на заедницата “доживотно учење и млади во акција”, треба понатаму да се работи за да овие програми навистина бидат нешто што ќе ја носи земјата напред.

Во делот на здравството, можам да кажам дека она што е основен недостаток е практично недостатокот на т.н. електронска здравствена картица која мора да ја воспоставиме. Се укажува и во самиот Извештај дека АИТ системот не работи како што треба, нема сеопфатна база на податоци за здравствена заштита. Ако сакаме да бидеме, а сите сакаме и тука нема разлика помеѓу позицијата и опозицијата, ниту пак граѓаните имаат некаков поинаков став во однос на Европската унија, мора да овозможиме што е можно побрза примена на електронскиот систем, така наречените електронски здравствени картици со кои секој пациент, народски кажано ќе може со картица која е слична на личната карта да оди на било кој доктор и сите податоци од неговата историја да бидат веднаш појавени на компјутерот. Вака со оние книшки со кои сега управуваме, бараталме нема да може да се постигне ефект, бидејќи голем дел од тие наоди на лекарите и се губат. И тоа е едно поле каде што треба сериозно да се насочат активностите на Владата, бидејќи по мое мислење е многу поважно од сите оние проекти кои сега се пласираат, да речеме, не потценувајќи го значењето на “ин витро” итн. Меѓутоа, ако одите кај оние стручњаци кои тоа го работат, ќе ви кажат дека практично не постојат луѓе кои имаат проблеми со “ин витро”, а не знаат што е “ин витро”. Така што многу подобро е да се насочи една кампања во делот на градење на ваков електронски систем на електронска здравствена картица. Исто така, да цитирам дел мислењето: “човечките и финансиските ресурси сеуште не се доволни за да овозможат целосна имплементација на законодавството, стратегиите и акционите планови во областа на јавното здравство”. Мора да се работи многу на капацитетите, а особено на човечките ресурси, бидејќи вака како што се поставени таму, целата таа работа не може да биде истуркана напред.

Во делот на превенцијата за поздравување е тоа и нотирано е во Извештајот, одредени нови вакцинации што започнаа. Меѓутоа, сепак исто така е нотирано во Извештајот дека главното поле на активност треба да биде во превенција на ракот. Значи, она што според мислењето и на стручњаците и на сите други во 2010 година ќе биде главниот светски проблем. Тој проблем нема да ја одмине и Македонија.

Во делот на децентрализацијата очигледно е дека има една стагнација која, ако сакаме да бидеме реални, треба да се најдат начини да се отстранат. Беше донесен закон за рамномерен регионален развој. Тој закон не профункционира, тој закон практично беше ставен вон сила. Тие 70 милиони евра, тоа е 1% од бруто домашниот производ кои требаше да бидат насочени во општините преку советите за рамномерен регионален развој, останаа на некој слеп колосек. Тоа се сериозни средства, тој закон беше една од главните причини која беше поздравена и во претходниот извештај на Европската унија и не можеме сега да се доведуваме во ситуација да имаме закон, ама тој закон не се применува во практиката. Значи, одржани се само два состаноци досега на Националниот совет за регионален равој. Тоа е премалку, ако се сака нешто да се постигне. Исто така, елиминирани се планските региони од можност да направат нешто, да инвестираат во развојот на своите градови на сопствените општини. Мислам дека овие совети за регионален развој во осумте региони треба да бидат клучната работа кон која ќе се насочат средствата и тие да детектираат што е важно за одреден град, што е важно за одредена  област, а не тоа да биде Владата по критериуми по кои често знаеме да ги одбираме на разно разни пријателски, партиски основи, а за тоа сме добивале многу пати критики и од Европската унија. Исто така, она што е очигледно дека во изминатата година нема никаков директен напредок во финансирањето на општините и експлицитно точно така е наведено во Извештајот. Значи, она ниво на издвојувања кои одат во локалните самоуправи е на најниско ниво на Балканот. Ако сакаме да одиме напред и ако сакаме ефективни локални самоуправи, или ќе побараме зголемување на ДДВ, или ќе побараме зголемување на персоналниот данок. Нешто мора да се направи, ако сакаме да имаме равој во градовите. Инаку, на тој начин нема да можеме да влијаеме ниту на подобрување на условите за живеење на граѓаните, ниту ќе можеме да влијаеме на подобрувањето на заштитата на животната средина, на некои други области во кои и општините како и Владата имаат свои надлежности.

Она што исто така сакам да го критикувам е немањето политичко водство во Министерството за локална самоуправа долго време, значи некаде 8 месеци таму немаше министер. Сега гледаме дека повторно има проблеми. Тоа е преважна институција за еден сериозен проект како што е децентрализацијата за да биде маргинализирана соработката помеѓу ЗЕЛС и Министерството за локална самоуправа како што е во овој момент.

Во делот на она што го истакна и вице премиерот Боцевски, сакам да истакнам дека пратениците лобираат секаде каде што одат. Ние сме биле во

бројни делегации и никогаш немало различен став помеѓу нас претставници на различни политички партии со сестринските партии, со сите оние со кои сме можеле сме разговарале Македонија што побрзо да добие и датум за преговори и да се тргнат визите, да се тргне ѕидот за патувањето на нашите граѓани. Мора да се работи, знаејќи како се донесува таа одлука. Неспорно е дека критериумите и со граничното управување и со биометриските пасоши и со договорите за реадмисија се исполнети. Одлуката е политичка, се носи со 2/3 мнозинснтво и лобирањето треба да се насочи од сите страни на градење пријатели, за да не ни се случи еден дефект кој може да се случи, а тоа е Грција преку своите пријатели таа одлука да ја изблокира. Затоа потребно е напорите да се насочат во тој дел, а ние како опозиција сме спремни да го дадеме својот придонес како дел од Парламентот во сите оние делегации каде што одиме и сите оние делегации кои ги предводиме да го дадат својот придонес во таа насока, граѓаните на Република Македонија, не ние, не Владата, не опозицијата, тие да ја остварат својата цел, а тоа е Европската унија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

За реплика се јави госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Само накратко, повеќе во насока на дополнување на дискусијата на почитуваниот колега за сегментите кои што ги спомна во неговото излагање. Значи, кога јас лично го гледав Извештајот на Европската комисија посебно обрнав внимание, она што значи заклучоци од извештаите од претходните години и какви се заклучоците подредените сегменти и министерства во овој Извештај.

Што се однесува околу она што беше потенцирано во делот на образованието, во самиот заклучок јасно и недвосмислено е забележано дека имаме добар напредок. Потоа, беше споменато во делот на здравството и напредокот постигнат во тој сегмент. Исто така, во заклучокот потенцирано е дека постои добар напредок во областа на заштитата и проширувањето на здравствената заштита. Би сакала да потенцирам она што беше споменато околу децентрализацијата дека тука не смееме да ги заборавиме мерките кои што ги презема Владата во таа насока како што беше на пример, изменувањето и дополнувањето на Законот за градежно земјиште со кој што ние предвидовме на некој начин поинаква распределба во самиот закон за средствата кои што се прибираат од земјиштето под закуп во корист на самите општини. Едно ќе се согласам со почитуваниот колега дека и она што самиот го кажа всушност во неговата дискусија, мораме сите да се согласиме дека овој Извештај е објективен и споредбено со останатите извештаи од изминатите години Република Македонија има забележано напредок. А исто така, ќе се согласам во делот на неговото излагање каде што и самиот кажа, нас на сите како релевантни субјекти без разлика од која страна доаѓаме, дали како претставници од власта, или претставници од опозицијата, на сите во наредниот период приоритет треба да ни претставува лобирањето на Република Македонија. И она што значи забелешка, односно работи кои што треба дополнително да бидат остварени, сите заедно да се заложиме да бидат реализирани. Само така со заедничко лобирање и со заедничка цел ние ќе ја постигнеме крајната цел што се надевам дека е интерес на сите нас Република Македонија да стане полноправна членка на Европската унија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Александар Спасеноски, повелете.

**Александар Спасеноски:** Почитуван заменик претседател на Владата, почитувани колеги пратеници, дами и господа.

Извештајот на Европската комисија, почитувајќи го неговиот квалитет и значење претставува реален приказ за состојбите во нашето општество. Тој е меѓник кој го бележи постигнатото во претходната година, ја поставува проекцијата за нашите активности во следните 365 дена. Тој е еден од ретките документи зад кои со своите ракописи подеднакво стојат и владеачките и опозициските партии и меѓународната заедница и домашните политичари. Македонија како и во минатото и оваа година имаше серија позитивни резултати, особено во економијата, човековите права, земјоделството, културата, или пак во делот на судските реформи, како и дел помалку добри резултати особено во делот на исполнувањето на политичките критериуми чиј што носечки столб беа изборните нерегуларности. Како и за се во животот, така и во однос на овој Извештај на Европската комисија негативностите како да доминираа над позитивните делови во него за кој денес расправаме. Инцидентите во македонскиот законодавен дом од минатиот мандат доминираа на пример над резултатите во привлекувањето странски инвестиции. Бојкотот на некои партии во работата на Собранието доминираше на пример, над признанијата на нашите европски пријатели за реформите кои ги правиме во земјоделството. Носењето на законите по итна постапка пак доминираше над позитивните оценки во спроведувањето на судските реформи итн. Врз основа на истакнатото, ако треба да дадеме систематизиран осврт, можеме недвосмислено да заклучиме дека и во делот од Извештајот за политичките критериуми и во делот за економските критериуми и во делот во однос на капацитетот на Република Македонија за преземање на обврските од членството, наведени се серија постигнувања, поздравени се серија направени чекори, дадена е позитивна оценка за напредокот на државата во повеќе сфери.

Меѓутоа, можеме да видиме и забелешки, незавршени работи и проекти кои треба во иднина да ги реализираме. Оттаму треба да се поздрави оваа седница, како и седниците на работните тела на македонското Собрание каде беа анализирани соодветните поглавја од Извештајот на Европската комисија.

Последното, затоа што верувам дека на тој начин ќе влијаеме уште повеќе во насока на јакнење на свесноста на сите сегменти од општеството во однос на неопходноста Македонија што поскоро да стане дел од Европската унија, во насока на зголемување на знаењето на граѓаните за постигнувањата на државата во европските интеграции, како и во насока на јакнење на одговорноста на сите, на надпартискиот, надетничкиот и надконфесионалниот карактер на нашата европска и евро-атланска перспектива.

Почитувани колеги, Извештајот на Европската комисија е добар односно лош онолку коку што се посветени, односно непосветени сите актери во целото општество за развој на европските интеграции на нашата татковина. Извештајот на Европската комисија е добар односно лош онолку колку што се искрени односно неискрени сите политички лидери кога говорат за Брисел, за Унијата, за Македонија како дел од неа. Извештајот на Европската комисија е добар односно лош, онолку колку што се обединети односно необединети сите политички фактори независно од нивното политичко или етничко потекло. Единствено преку споменатите параметри можеме да ја најдеме основата преку која ќе се цениме себе си, нашата посветеност кон Европските интеграции, односно напредокот на Македонија после секој изминат ден, после секој изминат месец и после секоја измината година.

Во однос на динамиката со која се одвиваат европските интеграции на нашата татковина треба да истакнеме најмалку две нешта.

Прво, дека зголемениот праг на оценувањето на Европската унија е во крајна линија наша придобивка, бидејќи реформите во економијата, во земјоделството или во судството на пример ги правиме пред се за нас самите и второ, дека независно од сите предизвици со кои се соочуваме и квантитетот на работата која треба да ја завршиме, сепак подобра оценка во сегашниот Извештајот на Европската комисија има во делот на економијата.

Неспорен е фактот дека Република Македонија има постигнато значаен напредок во европските интегративни процеси. Доказ во оваа смисла, освен во Извештајот каде се констатира тоа, можеме да заклучиме доколку го компарираме сегашниот извештај во два дела. Прво, во однос на минатите извештаи на Унијата за Република Македонија и второ, доколку направиме споредба на нашиот со напредокот на останатите држави кои имаат европска перспектива. Во оваа смисла, доколку ги спородиме извештаите, ќе забележиме дека наспроти позитивните констатации во делот и сверите каде што се однесува Извештајот за напредокот на Република Македонија, има наведено послаби резултати најмалку во однос на два сегмента. Прво, во делот на политичкиот развој поврзан со целосното остварување на избирачкото право на граѓаните и второ, во однос на капацитетот на јавната администрација, која треба да се подобрува уште повеќе. Од друга страна, доколку ги споредиме забелешките што Европската комисија им ги даде на останатите држави со европска перспектива, ќе забележиме дека станува збор за проблеми кои Република Македонија или ги совладала или ја одминале. Колку за споредба, само ќе наведам дека во Извештајот на Европската комисија за разлика од другите држави, за нас никаде не е наведено дека на пример државата врши дискриминација на националните малцинства, никаде не е наведено дека нема никаков напредок на полето на усогласувањето на нашите закони со европското законодавство. Никаде не е наведено дека државата не соработува со Трибуналот за воени злосторства во Хаг итн.

Почитувани колеги пратеници, кога говориме за годинашниот Извештај треба да бидеме до крај искрени и да кажеме дека за разлика од минатите години напредокот на Република Македонија во европските интеграции за 2008 и 2009 година се одвива во специфични околности. Македонија за разлика од минатата година во годинешната своја европска политичка историја ја пишува под влијание на исходот на Самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година. Оттаму, треба да бидеме искрени и да кажеме дека меѓу нас присутни се дилемите дека можеби и нашите аспирации во Европската унија би биле успорени заради доминацијата на аргументот на силата над силата на аргументите. Во секој случај, наспроти сите недоследности, знам дека најважно од се е да не дозволиме да не напушти оптимизмот, бидејќи членството на Македонија во Европската унија е наш врвен стратешки интерес, приоритет кој има надпапртиско и надетничко значење, цел за чие остварување вреди целата енергија која ја вложуваме низ годините до денес, исто така и цел која не обединува нас самите додека оствaруваме, а потоа откако ќе се интегрираме ќе не обедини со напредниот свет со кој се поистоветуваме.

Почитувани колеги пратеници, на самиот крај, во однос на следните 365 денови ве повикувам многу埋реално и многу поискрено да ги поставиме македонските европриоритети, бидејќи за сега најновата македонска европска историја се пишува во светло на три други состојби, кои го отежнуваат временското поставување на приоритетите за кои се залагаме, какви што се: немањето излез на нашите европски партнери како ќе се развива Европската унија по негативниот Ирски референдум за новиот договор кој треба да ги постави основите на проширувањето. Јунските избори за членовите на

Европскиот парламент во 2009 година, заради што се намалува извезноста да се носат значајни политички одлуки во услови на неконсолидирана нова политичка власт, како и економската криза која силно погодувајќи ја европската економија природно ги тера нашите европски партнери многу повеќе да се занимаваат со себе отколку со другите.

Почитувани колеги пратеници на самиот крај сакам да ја потенцирам подготвеноста и посветеноста на Република Македонија за развој на односите со Европската унија се до нашето полноправно членство. Верувам дека со усвојувањето на Резолуцијата, за која многу лесно се договоривме со колегите од сите партии, да испратиме сигнал за нашата посветеност, единство, искреност, желбата за интегрирање на Македонија во Европската унија. Ова го велам не заради унијата сама по себе, туку пред се заради Република Македонија. За нас реформите значат подобар живот и посреќни граѓани, а чинот на формалното членство во Европската унија е потврда за патот кој го одиме и за напредокот кој го остваруваме. Во таа смисла би заклучил дека патот на Република Македонија кон окончувањето на процесите на стабилизација и на демократизација е трасиран, а свесноста и одговорноста за соочување со приоритетите е на многу високо ниво, што упатува на заклучокот дека Македонија која неспорно и припаѓа на Европа има капацитет да го добие датумот за почеток на преговорите за членство што поскоро и што поскоро да и биде доделено признанието од европските институции за сите демократски исчекори што ги правевме низ годините до денес, особено во однос на укинувањето на визите за нашите граѓани. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега, на почетокот да го кажам тоа што сум го кажал неколку пати и секогаш ќе го пофалам конструктивниот однос кој што го имате во овој Парламент и реалниот однос кон темите за кои дискутирате. Меѓутоа, нема никогаш да дозволам, барем јас лично, без разлика кој е на власт, откако станавме земја кандидат за членство да ги делиме извештаите на позитивни и негативни, на бели и розови, на проценти поголеми или помали. Уште еднаш ве уверувам дозволете ми да ве уверам, кога сте земја кандидат следниот чекор е датум за преговори, или имате датум за преговори, или немате датум за преговори. Ако сте добиле датум за преговори, тоа значи дека државата успеала да оди чекор понапред, целокупната состојба на ддржавата, во сите сегменти и така се добива тој чекор. Ако немате датум за преговори, не сте успеале.

Ја разбирам желбата ваша и на вашите колеги да се подздскрие тој факт со наводни успеси во одредени сегменти, но и овде нема успеси. Јас кажав и на Комисијата за Европски прашања дека таму каде што има напредок го поздравуваме сето тоа, меѓутоа, на моменти не потсетувате на тоа што вицепремиерот Боцевски го кажа, кој не е тука во моментот, на истата Комисија за Европски прашања, кој вели, цитирам: и покрај немањето на јасна експлицитна препорака за добивање датум за преговори, значи нема јасна и експлицитна препорака, ама тука е тој, само не можеме да го видиме. Значи не е јасно, ама тука е, само не можеме никако да го видиме како граѓани на Република Македонија.

Она што сакам да ви го сугерирам најконструктивно е малку да се задржиме на работата на нас како пратеници или она што го нарекуваме парламентарна демократија. Таа функција што сега ја обавувате копретседател, претседател на македонскиот дел на Мешовитиот парламентарен комитет, јас ја обавував кога бевме ние парламентарно мнозинство. Дозволете ми да ви укажам критички на една работа. Нашата средба со колегите од Европскиот парламент се одржа по извештајот. Барем тогаш инсистирав и го правевме тоа средбата да се одржува пред добивањето на датумот и тоа беше поентата во тие средби и во завршните изјави, вие знаете дека тоа е официјалниот документ, стоеше како нашите европарламентарци ги повикуваат да добиеме датум, да станеме земја кандидат. Верувајте одржување на тие средби во Брисел и во Скопје откако ќе помине добивањето на извештајот се повеќе или помалку неплодни, не во онаа мера во која сакаме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Спасеновски Александар, повелете.

**Александар Спасеновски:** Му благодарам на колегата Жерновски за репликата.

Ќе се обидам во овие 50 секунди што ми преостануваат да дадам одговор на дилемите кои ги истакна во однос на Извештајот, како на овогодинешниот, така и на минатите, никој, ниту јас во мојот одговор, не верувам и мнозинството од моите колеги, се обидуваат да ги класифицираат извештаите кој е подобар, кој е помалку добар. Извештаите претставуваат еден одраз за едно време, едни прилики кои владееле во една година од страна на Европската комисија и факт е дека согласно препораките дали се остваруваат или не се остваруваат приоритетите ќе се детерминира и оценката на граѓаните во однос на тој извештај. Меѓутоа, јас кажав дека треба да водиме сметка дека за разлика од минатите години, пишувањето на годинашниов извештај се одвива во специфични околнисти, пред се како резултат на Самитот во Букурешт, како резултат на внатрешните состојби во Европската унија, особено по неуспешниот Ирски референдум.

Во однос на мешовитиот парламентарен комитет, нагласувам дека сте во право, меѓутоа, изборите во Република Македонија и претстојните избори во Европскиот парламент си го направија своето. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги, денешнава тема на дневен ред е многу значајна, меѓутоа, со оглед на отсуството на седницава на пратеници очигледно е дека пратениците од ова парламентарно мнозинство ниту за европскиот извештај не се доволно заинтересирани и оттука полупразната сала зборува колку ние како Парламент или вие како парламентарно мнозинство држиме до оваа тема, колку сакаме она што јавно го декларираме навистина да се оствари.

Очекував денес на оваа седница не само да биде присутен господинот Ивица Боцевски, јас мислев дека краен момент е денес на оваа дебата да присуствува целосно Владата, затоа што тука заедно со парламентот со пратениците требаше заедно да направиме агенда за идно натамошно делување, за интеграција на нашата држава, за добивање датум за отпочнување на преговорите. Меѓутоа, очигледно во моментов не само што ја немаме Владата, туку го немаме тука присутен и господинот Ивица Боцевски. Можеби отишол нешто да подработи инспириран од дебатата денс, да приврши некоја обврска за позитивен извештај за 2008 година, да се надеваме затоа што никогаш не е доцна. Шалата на страна.

Верувајте, навистина јас не бев со сериозно внимание цела дебата мислам дека со исклучок на двајца-тројца пратеници од парламентарното мнозинство, претежно носители на оваа дебата беа пратениците од опозицијата. Јас мислев дека на денешнава седница ќе имаме избалансирани настапи, затоа што во јавноста, пред камерите велиме приоритет на сите нас, без разлика дали сме во опозиција или позиција, е зачленувањето во Европската унија и добивањето на поканата за отпочнување на преговорите и ако е така, требаше сите денес дас ги искажеме сопствените аргументи, прво по извештајот и извештајот да го разгледаме онака реално, да ги фокусираме слабостите, за да на крајот најдеме излез од ситуацијата во која се наоѓа и ќе се наоѓа по се изгледа Република Македонија.

Почитувани колеги, три години ги слушам истиве дебати, три години за жал граѓаните на Република Македонија ја слушаат истата дебата во овој парламент по ова прашање. За жал, три години Република Македонија добива негативен извештај. Некој ќе каже дека извештајот бил позитивен. Позитивен извештај значи добивање датум за отпочнување преговори, позитивен извештај значи исполнување на сите услови кои и се ставени на Република Македонија за добивање на овој датум. Ако со внимание го погледнете извештајот, ќе видите дека единствено позитивно е тоа што Република Македонија го усогласила до некаде сопственото законодавство со европското законодавство, но само го усогласила сопственото законодавство, а имплементацијата верувајте отсуствува.

Што можеме од тука како заклучок да извлечеме?

Прво, дека колку толку споредено со останатите институции кои имаат обврска за напредок на државата Собранието на Република Македонија ги извршило своите обврски, но не извршило една значајна обврска, а тоа е надзорот над имплементацијата на законите. Затоа постојано како опозиција викаме, дајте Парламентот да ја зајакне својата надзорна позиција над извршната власт. Дајте да дадеме таква надлежност на комисиите да можат она што како закон го донесуваме подоцна да побараат повратна информација од Владата што е исполнето. Сега, за разлика од стварност каде што Собранието навистина исполнило поголем дел од своите обврски, ќе видите на анкетите Собранието има најмал рејтинг пред граѓаните. Што знажи тоа? Тоа значи дека некој упорно кој што треба да ја сноси одговорноста, а тоа е извршната власт, ја префрла својата одговорност на било кој, само не на себе. Ја префрла одговорноста на Собранието, ја префрла одговорноста на опозицијата, ја префрла одговорноста на надворешни непријатели, ја префрла одговорноста на внатрешни непријатели.

Почитувани колеги, јас повторно ќе се осврнам на улогата на Собранието и оценката Европската комисија за работата на Собранието, значи начелно.

Прво, сакам да кажам дека на страница 2 според мојот извештај е констатацијата дека потребни се значајни натамошни заложби во однос на политичкиот дијалог. Политичкиот дијалог се одвива на различни нивоа. Политичкиот дијалог може да се огледа исто така во односите на различни нивоа. Кога размислував околу политичкиот дијалог, немањето на политичкиот дијалог кој е констатиран во Извештајот може да го конретизираме во две поенти, во две поенти. Првото е непочитување на опозицијата во целина и не почитување на Парламентот како целина. Околу непочитувањето на опозицијата доволно е јасно кажано дека самиот факт со начинот на кој се однесуваше ова парламентарно мнозинство и целата Влада, практично се доведе во ситуација извесен период ова Собрание во целина да работи без опозиција и тогаш беа донесени, замислете, 170 закони, меѓу кои и најважното правило за игра во овој Парламент, а тоа е Деловникот. Ова е максимално непочитување на опозицијата во целина, да се донесе Деловник без присуство на ниту еден преставник во Парламентот од опозицијата, значи целосно непочитување на опозицијата.

И понатаму начинот на кој се одвива работењето или постапките кои се зацртани во Деловникот за донесување на закони, значи отсуство на дебата, значи непочитување на опозицијата, значи немање сила или не сакање да се слушаат поинакви мислења, несакање да се слушаат поинакви аргументи.

Околу непочитување целосно на опозицијата според овој Извештај парламентот има значајна улога во приближувањето кон Европската унија и добивањето на датум. Секако, откако ќе ги спротивставевме аргументи требаше да донесеме Акционен план за работа.

Значи, Собранието да си донесе сопствен Акционен план, секако во соработка со Владата, затоа што не можеме поинаку и да си ги утврди приоритетите на дејствување.

Она што денеска јас го разбрав на оваа седница, замислете координатор на пратеничка група, Владата утврдила наши активности, на Собрание, што треба Собранието да работи во престојниот период во насока на приближувањето на Европската унија. Е, ова е почитувани колеги тотално непочитување на институцијата парламент, тотално непочитување на пратениците на ова Собрание. Јас очекувам и мислам дека барем во најмала рака Владата ќе се извини и дека ние пратениците ќе си ги преземеме обврските сами, белки имаме доволно знаење да ги фокусираме слабостите и да направиме сопствена агенда на работа со која што ќе си ги извршиме обврските.

Сакам малку да дебатирам околу политичката волја или околу тоа кој колку одговорност носи околу негативниот Извештај или околу состојбата во која што се наоѓа Република Македонија. Секако дека сите ние сносиме одговорност, секако знаете дека нешто многу повеќе носи одговорност парламентарното мнозинство. Зошто, еве сега ќе ви кажам зошто.

Затоа што обврската за децентрализиран систем за финансирње на сите свери, вклучително и образование паѓа на Владата. Опозицијата нема механизми тука да делува, затоа што забелешката дека во Република Македонија раководните работни места често се потполнети со надворешни лица без доволно почитување на професионалните квалификации и искуства, што значи во заграда читај политички, пополнување на работни места. Сигурно опозицијата нема механизам да делува и сигурно дека опозицијата не може тука ништо да стори.

Дотолку повеќе, како што се констатира тука, бројот на нелегални унапредувања и деградирања се зголемени во годината која што е предмет на опсервација и секако се знае од кои причини ова се прави.

Дека министерот за Правда дал бројни изјави во врска со одлуките за именување на судии и дека може да се свати како обид за прекумерно влијание врз судскиот систем, секако почитувани колеги не може да падне товар на опозицијата, а судското си е посебна приказна.

Сакајќи да правиме реформи во судството, да изградиме независно судство, практично сега судскиот Совет и Советот на јавните обвинители станаа истурена експозитура на владеачкото мнозинство. Погледнете само што ни се случува при изборите на судсии, каде што нема објективизирани критериуми, туку заедно со министерот за Правда практично се мнозинството при изборот на судии.

Советот на јавни обвинители, исто така е посебна приказна. Погледајте што ни се случи на последниот избор на јавни обвинители во Одделението за организиран криминал. Политичкиот дел во Советот на јавните обвинители, тоа се оние членови на јавни обвинители кои што се избрани овде во Собранието на предлог на парламентарното мнозинство и министерот за Правда избираат, или спротивно на ставот на јавниот обвинител враќаат назад повторно јавни обвинители во Одделот за организиран криминал. Дали тоа повторно значи подготовка за изборите во Република Македонија? Дали тоа значи враќање на структури кои што добро си ја знаат и знаат да одработат во Република Македонија за владеачкото мнозинство. Значи имаме ситуација која што навистина колку сакате да разговарате и да давате аргументи не можете поинаку да дадете претстава и слика.

Околу волјата и оптимизмот јас почитувани колеги сум оптимист.

Во 2002 година до 2006 година направивме невозможен подвиг, од зема во конфликт ние добивме кандидатски статус. Но, нажалост сега овие три години оваа Влада не сака да работи затоа што не и е приоритет. Дали е приоритет ако премиерот по повод Извештајот вели јас не сум ја прочител таа порака, кога ќе ја прочитам ќе дадам коментар. Единствено што знам уште од поодамна е дека оваа година нема да добиме статус. Дали знае и за идната година дека нема да добиеме дату. Сигурно доколку вака работи, или Извештајот го примивме денеска и треба да го разгледаме, но откако ќе го прочитаме во детали ќе одговориме дека е во ред, бидејќи ако одговориме спротивно може да си направиме проблем.

Што мисли почитувани колеги дека работи премиерот? Мисли дека работи за интеграција на нашата држава, или мисли да работи само на сопствениот рејтинг? Кас мислам второто, а тоа верувајте нема да го простат граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам,

За реплика се пријави г-динот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам г-ѓо потпретседателке

Сакам да реприцирам на дел од дискусијата на пратеничката Цветанка Иванова, прво околу самостојноста на судскиот систем.

Реформите или стратегијата на судскиот систем беа подготвувани во времето кога беше на власт СДСМ, при што сите натамошни активности за избор на Судски совет, членови на Судскиот совет, избор на Советот на јавни обвинители се одвиваше согласно уставните промени и јас се согласувам дека можеби не му е местото на министерот за Правда во овие два органи, но тоа е уставно решение и при изборот на сите овие членови на Судскиот совет, на сите овие јавни обвинители е почитуван Уставот и законските решенија.

Меѓутоа, мислам дека требаше почитуваната пратеничка да искаже одреден став и околу тоа дека токму оваа пратеничка група, нивната пратеничката група или партијата, постојано, постојано има коментари и ставови околу работата на судството во целина, дури и закани дека ќе ја преиспита или препрочита работата односно одлуките на судот итн. Практично, тоа е директно вмешување во работата и во независноста на судскиот систем во целин. Мислам дека тука затоа треба да расправаме.

Понатаму, околу изборните нерегуларности јас имав сосема добар предлог, при услови на такви нерегуларности да има одговорнст и за лидерите на политичките партии, нивна политичка одговорност, суспензија од политиката, суспензија на политичките партии во изборниот или политички живот, но таква поддршка не видов дека постои од страна на СДСМ.

Инаку сум за тоа да се создаде единство или концензус околу Евроинтеграционите процеси, но најверојатно тешко до тоа ќе дојдеме и што е најбитно, за што мислам малку зборувавме денеска е околу состојбата за медиумите кои што повеќе од јасно е дека и тука треба да отвориме една расправа, дали се тие под силнни политички, сопствени или други влијанија и дали тие помагаат во овој процес на Евроинтеграција на Република Македонија.

Инаку се залагам да има Акционен план во кој што ќе бидат набележани обврските на сите, почнувајќи од претседателот на државата, Владата, парламентот, веројатно и медиумите, невладиниот сектор и сите ние да партиципираме со свои идеи што треба да содржи тој Акционен план. Некаде во мај месец да разговараме што од тој план е реализирано, завршено. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контрареплика има г-ѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке

Јас незнам дали г-динот Павле Трајанов на Влада реприцира или на СДСМ. Инаку, се знае кој во моментот преиспитува судски одлуки. Ние не сме ниту во позиција, ниту можеме тоа да го правиме, ниту сме го правеле, ниту ќе го правиме. Инаку, за тоа колку е судството под принципите на ова парламетнарно мнозинство сакам само уште еднаш да потенцирам.

Михајло Маневски, министер за правда, негова сопруга Филимена, претседател на Кривичниот совет во Апелациониот суд. Кој може таму повеќе од нив да делува?

Иво Котевски, потпарол на ВМРО, сопругата Маја Котевска судија во Основен суд.

Љубинка Муратовска-Марковска судија на Врховен суд, пензионирана, сега во Комисијата за антикорупција и нејзина ќерка исто така судија во суд.

Трајко Вељановски, претседателот и неговиот кум Јован Вангеловски.

Повеќе и да не читам, мислам дека навистина кога ги правевме реформите во судството мислевме дека ќе работиме во нормални услови, а не во вакви ненормални, преплетени со интересни услови.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика има г-динот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам г-ѓо потпретсе-дателке.

Почитуваната колешка Иванова не прозва нас пратениците од парламентарното мнозинство и тоа е сосема нормално.

Колку да ја потсетам, сите претставници од парламентарното мнозинство кои што учествуваат во работата на комисиите даваат свој допринос, оценка на Извештајот што го добивме од Европската комисија и наша констатација, најчесто наша, потцртувам беше дека Извештајот е реален, динамичен и добронамерен процес како патоказ или како одограм што нашата заедница треба во иднина да го изоди кон утврдување на датум за преговори.

Да сакаше Европската комисија Извештајот да го оценува од еден до десет лесно ќе го оценеше. Да сакаше описот да го оценува со бои истото ќе го направеше, меѓутоа една наша европријателка, европарламентарка, голем пријател на Република Македонија, вели не ја гледајте салата сега дали е полна или полупразна, не го гледајте Извештајот, не го гледајте Извештајот како полуполна или полупразна чаша гледајте овој Извештај до година да биде заедничка полна чаша во која што и позицијата и опозицијата рака под рака, а тоа и Евроамбасадарот често ви го потенцира на вас како опозиција заедно да работиме на реформите и да имаме полна чаша за заедничка здравица до година.

Околу Собранието, ако овој Извештај го гледаме одвоено од извештаите што ги добија другите земји, овој Извештај можеме да го препознаеме дискурсот на вас како опозиција, ќе го препознаме дискурсот на одредени заедници, на невладиниот сектор, на здруженија и тоа е многу вредно. Но, ако посебно интерпретираме позади ролетни, да

го гледаме само тоа што сакаме да го видиме навистина не ни оди во прилог заради тоа што од првичната интерпретација што овој момент ја имаме ние веќе влегуваме во Извештајот за следната година. Барем вие како координатор на најголемата опозициона партија многу добро го знаете.

Во врска со мислењата за Собранието погледнете само што вели Европската комисија за Српското Собрание или за Босанското Собрание.

Колку за споредба не е колега во Србија се променети околностите ако застанете вие за време на Милошевиќ времето тоа е ваш проблем. Значи Извештајот не е ни догма ни сентиш и треба да гледаме во ниеден Извештај од земјите аспиранти за кандидатски статус и кандидатски статус. Никаде така не ја апострофираме опозицијата како што сте вие апострофирани, излезени надвор од институциите и пораките и кон вас се ----- рака под рака со позицијата во имплементација на реформите кои ви стојат кон патот на Европска унија. Благодарам.

Благодарам и јас.

Контра реплика г-ѓа Цветанка Иванова, повелете

**Цветанка Иванова**: Повелете.

Благодарам потпретседателке,

Значи навистина многу сум оптимист и сакам да ја гледам полуполна чашата.

Ние за разлика од нив 2005 година добивме кандидатски статус кога тие беа надвор и кога носеа со различни работи, буџети и триста чуда, но тоа е поминато време.

Многу ми е жал што Србија и денеска еве Црна Гора читам веќе станале пред нас, колегата Шутаров знае јас долго време сум пратеник и знам како не пречекувале претставниците на Меѓународната заедница пред три години, како не пречекуваат сега и навистина жал.

И многу сакав г-дине Шутаров денеска заедно да поразговараме. Како ќе ги решиме проблемите од типот дека медиумите се и понатаму под силно политичко влијание.

Дали денеска ќе донесевме една одлука, или сопствениците на медиумите да се откажат од медиумите или да не бидат во парламентарното мнозинство, затоа што така треба да ги решаваме проблемите, а не само со напади. Конкретно проблем по проблем да ги отстрануваме отука. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи г-ѓица Мехмети Ермира е отсутна го губи правото на збор.

Има збор г-динот Догани Бесим.Повелете.

**Догани Бесим:** Ви благодарам г-ѓо потпретседателке.

Со оглед на тоа дека секогаш сум велел и велел дека нештата треба да се набљудуваат во од, во иднината, а не назад ќе се потрудам и мојот осврт за овој Извештај да го дадам засновувајќи го на идеи во однос на една подобра иднина.

Треба да констатирам дека за жал излезе тоа што ние сме го рекле. Со месеци сме рекле дека ќе имаме еден реален Извештај, Извештај кој многу повеќе содржи негативни елементи отколку позитивни елементи.

Жалам што најнапред треба да констатирам дека 2009 година Македонија и граѓаните на Македонија ќе ги најде за жал далеку од Евроатланските интеграции.

Граѓаните на Македонија ќе ги најде многу посиромашни, многу понесигурни, многу помалретирани, тортурирани и како што знаете кај ланцот секогаш пука најслабата верига во едно општество и во едно општество страда најнезамарениот дел односно албанскиот дел на Македонија. Ова е албанското население кое последиците ги дожиувува и ќе ги доживува врз својот грб доколку набрзо не се преземат чекори за да се подобри оваа состојба.

Состојбата е уште полоша доколку ние сме добри и ја надгледуваме состојбата во регионот. Ја набљудуваме, ги надгледуваме и државите во регионот и ќе констатираме, сигурно, јасно дека Албанија како прва соседна држава, но и Хрватска со која бевме во иста група, А3 во процесот на Евроинтеграции односно за НАТО ќе видиме дека одат брзо кон Европа, кон НАТО, се реформираат, се развиваат, инвестираат, создаваат прозападни полити, додека Владата ВМРО-ДУИ со нивната постапка за жал, велам повторно отвори посигурни патеки кон отцепувањето од нашиот Евроатлански пат и кон само изолација, која е несакана и штетна за самите граѓани на Република Македонија.

Невниманието за светската финансиска криза, за енергетската криза, посебно за одлучноста на Владата или на челникот на државата за неизнаоѓање компромис околу името со Грција, загрозува Македонија да остане во куларите на НАТО и Европската унија и уште полошо Македонија да се избрише од вниманието на релевантните светски сили.

Ова не го велам само јас, ова го рече со консеквентност партијата која ја застапувам, ДПА, но сега ова ни го велат се повеќе и политичари од меѓународниот фактор со нивното влијание.

Ова го рече министерот за надворешни работи на Република Чешка ова ни го рече Џејми Мишеј од НАТО, ова ни го велат сите. Злото е дека ова трвдоглавост создава сегрегација на нашето општество Албанците со Македонците сакаат но не можат да очекуваат до бескрај за нивното легитимно право да живеат паралелно со другите европски народи таму каде што им е местото. Ќе се потрудам да гледам напред и кога ќе го анализирам Извештајот јасно се гледа дека овој Извештај има позитивни делови кои говорат за реформите во нашата легислатива и усогласување со акикомунитер, но има нивна

слаба имплементација, нешто е сосема јасно, а тоа е дека регресијата и непостапувањето или скршнувањето во постапките од евро атланскиот пат почна пред пет месеци. Ќе се задржам да го разгледам делот во однос на Парламентот. Велам законите донесени по итна постапка без јавна расправа, воопшто без расправа, без добиено мислење на експрети, без почитување и без присуство на опозицијата во Парламентот. Овие факти говорат јасно за слаби демократски капацитети на парламентарното мнозинство односно на целата земја. Се критикува парламентарното мнозинство и некој од парламентарното мнозинство рече дека се критикува опозицијата која што не учествуваше во Парламентот. Што може да направи опозиција кога не се почитува, нормално се критикува мнозинството кое не виде попатно да ја покани опозицијата за консезуални размислувања, не ја покани опозицијата за многу закони кои ги донесе на механички начин. 170 закони се донесени на овој начин по итна постапка со соминтелен квалитет, или слаб квалитет. Во оваа постапка поминуваат закони, кои за жал не се ниту во солгасност со акикоминитерот на Европа, тие се закони според желбата на парламентарното мнозинство. СДСМ бојкотираше од 17-ти јули, до 4-ти август, нормално незадоволен од нивното непочитување. ДПА бојкотираше од почетокот до октомври кога се воспостави еден од условите од ДПА, покрај евроатланскиот пат, кој ќе го следи Македонија да се занимава и со прашањето на Албанците во Македонија, бидејќи, ова прашање дами и господа, не е затворено во Македонија. имавме закон, наречен закон за употреба на албанскиот јазик, како што го нарече ДУИ, но за жал, ние еве и Извештајот укажува дека е задоволен од овој закон, бидејќи овој закон ги исплнува сите европски услови во однос на реагионалните закони, или закони на малцинствата, или заедниците.

Го прашувам ДУИ, дали почитувани колеги ви беше целата да не вратите во малцинство или во заедница и да но дадете јазик на малцинство. Ви благодарам.

Очекуваме од вас, ако не вие, ние сме спремни да го измениме овој закон и да одиме напред. На механички начин се донесуваше законот во однос на администрацијата на Парламентот, но како и сегкогаш недостасуваа финансиски средства и имплемнетацијата на овој нов сектор, затоа што во овој сектор требаШе да се вработат повеќе Албанци. Се говори повеќе за преведувачи Албанци, но интресот е слаб, а вината се знае каде е.

Децентрализацијата е една од клучните постулати, или основи на Охридскиот рамковен договор и има незадоволителен прогрес. Законот за реагионален развој стапи во сила први јануари 2008 година, легислативниот дел се заврши, додека кога дојде акцијата постапката и спроведувањето, немаме резултати. Јас не знам што правеше Владата во оваа половина година. Не знам што правеа партиите од парламентарното мнозинство. 57 општини влегоа во втора фаза, но нема ниту еден финансиски напредок во непосредното финансирање на ингеренциие кои што им се доделени на општините. Ова не го вели само ДПА, го вели и Извештајот на Советот на Европа. Дајте им ингеренции на општините, а не ги финансирате, не им давате пари. 2% е буџетот на општините за оваа година, посебно за албанските општини.

Охридскиот рамковен договор е правно во кое се говори за видлив напредок во имплементацијата на Охридскиот договор. Секретаријатот за имплементација на Охрдискиот договор, зголемувањето на буџетот и отпочнување на имплементација на начелото на правичната поделба на буџетот и правичната и соодветна застапеност на Албанците. Но за среќа за вас, бидејќи во времето кога се изготви буџетот не се знаат некои податоци. Ова е дел кога беше ДПА на власт. Сега во Советот на Европа ги информиравме писмено. Во идниот извештај ќе пишува буџетот на Секретаријатот се намалува многу кратно. Партизацијата на јавната администрација го постигна можниот максимум, политичките одмазди се секојдневие. Деградацијата на работниците во адимистрацијата се редовна работа на партиите на власт. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани**: Благодарам.

Верувам дека господин Догани треба да има предвид дека овој годишен Извештај на Европската комисија не е месечен извештај.

Прво, не е месечен Извештај туку е годишен извештај.

Второ, мислам дека постои дефиниција која вели дека секогаш некое движење се определува во однос на друго тело и ако се зборува за некои прашања треба да се врши споредба со вашата двегодишна активност во периодот од 2006 до 2008 година.

Вие треба да знаете дека ДУИ е веќе пет месеци на власт и одговорноста за годишниот Извештај на Европската комисија е одговорност и на бившата владина коалиција, ВМРО ДПМНЕ, ДПА.

Што се однесува на Законот кој го донесе ДУИ, ќе ви кажам како се вика, ќе го прашате вашиот претседател кој го потипишал документот на Охридискиот рамковен договор. Од друга страна вие треба да знаете еден факт дека вие за работа на Парламентот каде исто така сте во коалиција со ВМРО ДПМНЕ, предложивте Деловник за работа на Собранието, каде се предвидува како да се употребува албанскиот јазик. Вие тоа не сте го предвиделе. Вие знаете дека кога бевте во коалиција со ВМРО ДПМНЕ не предвидовте албанскиот јазик да се употребува во собраниските тела. Вие бевте две години на власт

и за да се види колку сте направиле, треба да го коментирате тоа вие што сте направиле за децентрализацијата во 2006-2008 година за да се споредите со ДУИ и да кажете дали нешто направиле или не.

Што се однесува до буџетот, исто така ќе кажам дека Секретаријатот за имплеметацијата на Охридскиот рамковен договор, буџетот е ист од 2006 и 2008 година. Ако ги немате статискичките податоци, вие ќе ги споредите, нема проблем , но треба да имате предвид, дека овој е годишен извештај и треба да знаете дека 9 - та точка од критериумите на Европската унија е тоа што се наметнале ВМРО ДПМНЕ и тоа секако е одговорност на владините органи и институциите на државата, кои не го оправдуваат законот кој овозможи изборите во Република Македонија да бидат насилни. Секако, главна одговорност во сите демократски земји се државните институции.

**Светлана Јакимовска:** За реплика се јави господинот Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани**: Јас сфаќам тоа што треба да се брани да се брани. Но вие господине Тахир, рековте да не се враќаме назад. Арбен Џафери беше ваш претседател за периодот за кој зборувате.

Второ, во однос на албанскиот јазик, вие го донесовте тој закон кој нема име. Ве прашав како се вика законот, вие не знаевте. Нормално дека не знаете. Во однос на децентрализацијата ви реков во делот кога бевме на власт, го дадовме законскиот основ за регионален развој и многу други нешта. Вие не го предложивте и тоа е ваша вина. Ве молам, почнете да работите. Муса Џафери не учествува во ЗЕЛС и никој ништо не го прашува.

Во однос на изборите, кој има 4 пратеници обвинети, кој има ранети. Јас немам обвинителен акт за изборите. Нема ниту Имер Алиу. Буџетот од 140 милиони беше во 2007 година. За имплемнатација на Охридскиот договор сега се 240 милиони во 2008 година. Имате право, сега го враќате во 2007 со 170 милиони во однос на буџетот.

**Светлана Јакимовска:** За реплика се јави господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири**: Почитувана потпрестедателке, почитувани пратеници, почитуван Догани,

Нормално дека опозицијата секогаш има претензии да го напаѓа парламентарното мнозинство. Значи секогаш со моите говори дека ако некого напаѓаш треба да имаш аргументи, впрочем аргументо како треба да се разреши таа ситуација. Значи, мене ми е јасно но ќе се поврзам со еден мал историајта за да имате појаснување. Ние го донесовме Законот на албанскиот јазик во Република Македонија. Без оглед на се ние ги поставивме основите на еден јазик и ако се сеќавате на некои ваши лидери со Фрчковски кога рече дека кога е основан Тетовскиот универзитет, рече дека е новороденче и вие рековте е кокошарник,сега е државен Тетовски универзитет.

Второ, вие знаете многу добро дека два факултети ги основавме во Куманово. Исто така признавањето на Република Косово кога вие рековте дека ние кога се вративте, така рече ДПА, но секогаш првата иницијатива ја гласаше Парламентот на Република Македонија. и едан друга работа треба да знаете, гопсодине. Ако се сеќавате 2001 година ДПА во Влада го потпиша Меѓуграничниот договор меѓу Македонија и Србија тогаш ДПА беше во Влада. Сега демаркацијата се извршува во времето на ДУИ кога е во Влада. Ние одиме институционално ако има потреба, ако не со сила или со ----- . Значи вие исто така извршивте насилство во Универзитетот во Тетово, значи Исламаската верска заедница така постапи и мислам дека треба знаете некои работи пред дејствувате и да завршам. Што се однесува на овој извештај, многу негативен како што велите вие, вие многу добро знаете кој ги зкрвави демократските гласови 2001 година, многу добро пишува во Извештајот Рефет Елмази беше командант на полицијата во Тетово, тоа се ваши луѓе господине.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани**: Господине Сафет јас сум верник и велам ишала да се подобрите, но нема такви знаци. Во однос на ДУТ се знае кој придонесе најмногу за тој Универзитет се знае кој физички го бранеше тој универзитет. Има и понова информација којани ја даде претседателот на државата Бранко Црвенковски. Рече јас го направив ДУТ со моја иницијатива. Али Ахмети немаше намера да го побара тоа. Тоа јавно го кажа. За тоа во медиумите ќе видите. Повторно беше иницијатива на друг, за многу закони и други аспекти за кои и ден денес немате интерес. Немавте интерес, но еве, за признавањето на Косово, кога цела свет ве критикуваше за ова, требаше да има притисок на ДПА, требаше да се направи притисок од САД и да дојде до признавањето. Отворена борба на ДУИ со Исламската заедница забележуваат сите весници денес, вчера, завчера. И повторно ќе спомнам 4 пратеници од ДУИ се со обвинителни акти за предвремените избори.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Диневски Менде, повелете.

**Диневски Менде:** Благодарам.

Извештајот на Европската унија за напредокот на Република Македонија навистина ја отсликува реалната состојба во Република Македонија. И на денешната седниц а кој како сака да го толкува, може да го чита, може да дава свое мислење по однос на извештајот, но едно е ајсно Република Македонија не доби датум за преговори.

Во Извештајот особено карактеристично е делот каде што се дадени политичките критериуми, каде што се оценува дека навистина Република

Македонија е вратена неколку години наназат. Навистина во Извештајот е изразена загриженост заради нефункционирањето на политичките институции. Остро се критикувани донесувањето на 170 закони по итна постапка, со што се заобиколува нормалната демократска процедура. Сеуште опстојува проблемот со политичките чистки и незаконско унапредување во администрацијата како и вклучително се критикува политичкото влијание врз медиумите и владините кампањи.

Исто така во делот на економските критериуми за кои сакам многу малку да се задржам, навистина дадена е остра критика за немање на приоритети, зачестеното нетранспарентно дискреционо трошење на буџетските средства.

Исто така констатиран е недостаток на капацитетот на Владата за реализирање на инвестиционите проекти, и само за едно мало потсетување, сакам да напоменам дека мислењето на Европската унија за 2005 година кога Македонија доби кандидатски статус е оценета како успешна во остварувањето на политичките критериуми и тогаш беше оценета дека е на добар пат да стане конкурентна и подомија во делот на економските критериуми.

Но во моето излагање навистина не сакам да се задржувам на овие критериуми, ќе поразговарам или ќе проговорам малку во делот на здравството за кое и на седницата на Комисијата за здравство говоревем токму за постигнувањата во Извештајот. Значи, дефинитвно и во економските критериуми се посочува дека реформите пред и по изборите се закочени. Но како и многу мои колеги навистина денес не треба да трошиме време како многу мои колеги не треба да трошиме време и да бараме виновници кој е виновен за сето ова што се случи бидејќи знаеме дека ВМРО ДПМНЕ минатата година ја водеше Република Македонија и навистина енергијата треба да ја насочиме кон изнаоѓање на грешките, нивното подобрување и імаплементирање на тоа што е напишано во самиот Извештај. Во областа на здравсвото колку и да сакаме да разговараме во однос на тоа што се случило и со самата промена на министерот не добивме ништо спектакуларно. Нема ден во медиумите, осовено во електронските и во печатените медиуми, да не имаме сторија по однос на тоа што се случува во здравството. Не знам, од тоа дека клиниките се караат за парите од приватните операции. Друго дека власта ќе отпишува долгови вредни колку еден цел тендер за лекови, од дека во здравството ќе му секнат проектите заради неиспочитување на договорот за кредит со Светската банка за кое мислам дека медиумите особено на големо пишуваат дека во делот на парите кои досега се потрошени, навистина биле во делот на пакетот на здравствени услово кои се уште се енигма. Се посочува односно не се обелоденува колку средства отидоа на обука на манџерите на болниците, на тренинг во странство каде што беа 80-тина контролори од Фондот вклучително како медицинската мапа која со шпанските консултанти доживаја фијаско. Остана не завршен проектот за и нформатичкиот систем во болниците за што и покасно ќе зборувам по однос на Извештајот, воведувањето на семејната медицина итн, за тоа дека во последниот период со што се соочуваа пациентите, реакцијата по строгата примена на Законот за рецептите, во што ни се претворија лекарите во изминатиот период, а тоа е дека од рецепти не можат да се видат вклучително и тоа дека министерот не знаел дека ги оставил болните без лекови итн.Со еден збор навистина една драматична состојба што се наоѓа во здравстото.

Сепак, сакам да посочам одредени написи што ги имаме по однос на Извештајот за јавното здравство. Навистина во Извештајот се посочува дека во јавното здравство се распределени значителни суми за набавка на нова медицинска опрема за клиниките и јавните здравствени установи во реконструкција. Тука навистина сакам да го отворам прашањето каде е тендерот или до каде е реализацијата на тендерот што се објави во висина од 40 милиони евра за набавка токму за ваква медицинска опрема. Тој тендер, колку што ми е мене познато три пати по ред се поништува и ние зборуваме дека во здравството, навистина, се даваат значителни суми на пари, а реално пациентите, вклучително и здравствените установи немаат видено ништо од тие пари. Односно, таа медицинска опрема сеуште не е дојдена таму каде што треба да дојде.

Исто така, посочено е дека се финансираат 15 програми од јавното здравство. Но, сепак, ресурсите што се лоцирани во болничкиот сектор сеуште се повисоки од оние кои што се во јавното здравство, во примарната заштита и вклучително спроведувањето на програмите во јавното здравство сеуште е попречено поради немање соодветна оперативна структура и адекватни финансии. Навистина, поради тоа треба да се грижиме, бидејќи и по пет градови, со тоа што беше воведен системот за рано предупредување, но и таканаречениот ИТ систем, за што пред малку зборував, сеуште не работи. Навистина немеме сеопфатна здравствена база на податоци за здравствена заштита.

Исто така, во европскиот извештај во делот на менталното здравје, навистина е спомнато дека немаме доволно или адекватно обучен кадар, но и доволно финансиски средства, вклучително и во делот на институционалната грижа за социјално ранливите и инвалидизирани лица, не е подобрена. При ова сакам да напомнам дека навистина, на три места во Извештајот на Европската унија по однос на напредокот на Република Македонија, на три места е напомнато дека Република Македонија, односно Собранието на Република Македонија сеуште ја нема ратификувано конвенцијата за посебните права на лицата со посебни права, што вклучително

беше еден од заклучоците што се обидовме како Комисија за здравство да го доставиме до претседателот на Собранието. И како пратеничка група на СДС, пред десетина дена упативме барање до претседателот на Собранието, како надлежен за ратификација на еден ваков закон, тоа е токму Владата, да извршиме влијание да конечно Владата ја донесе оваа конвеција во Собранието да се ратификува.

Тука не сакам повторно да се враќам или да посочам дека нема никакви случувања во превенцијата со претерано консумирање на алкохол во областа на здравјето и животната средина, за што навистина сметам дека требаше да ни се случат серија на протести, јавно собирање на граѓаните за да конечно видиме дека навистина состојбата со ОКТА е сериозна и дека навистина таму се случуваат негативни работи. До ден денес ниту Владата освен од притисокот што го имаа од страна на општините Илинден и Скопје никој не кажа кој ќе ја понесе одговорноста за штетните последици по здравјето на овие луѓе. Никој не кажа зошто до сега и дали профункционирала пречистителната станица итн. Но едно е јасно дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ не само што не ја санкционираше ОКТА заради непочитување на македонските закони, туку им дозволи на грчките газди да произведуваат еколошко штетни, неквалитетни и скапи горива.

Но, делот не е само во ОКТА во однос на животната средина. За тоа говорев и на седницата на Комисијата за здравство, тука е делот и во РЕК Битола, каде и по три години, вклучувајќи ги и 2007, 2008 и 2009 година трите општини што се во близина на РЕК Битола сеуште не можат да изготват проекти конечно и тие финансиски средства што се одобрени од државата, во висина од околу 400 иљади евра да можеме да ги добиеме и да ги распределиме со тоа што на некој начин ќе ја подобриме ситуацијата.

За крај, сакам да завршам, со оглед на времето, во заклучокот што е даден во однос на заклучокот стои дека човечките и финансиските ресурси сеуште не се доволни да обезбедат целосна имплементација на законодавството, стратегијата и акционите планови во областа на здравството и мислам дека навистина во овој дел треба посериозно да поработиме. Бидејќи и оној циркус што го имавме со двајца директори со два врзани потписи, гледаме дека веќе не функционира. Тие не понесоа никаква одговорност поради тоа што скоро пред не цели две недели имаме порамнување во сите здравствени установи. Така што до денес не е битно кој колку работел, кој колку добро или кој колку лошо, туку е битно дека сите се на нула. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Покрај она што ве вели во Извештајот дека имеме напредок во економските реформи, во неколку области што се набројани се вели дека имаме напредок.

Една од тие области што е спомнато дека имаме напредок е областа на здравствената заштита. Тоа е моментот на кој што најмногу се задржа господинот Диневски во својата дискусија. Јас не се согласувам со многу искази што беа искажани од негова страна. Ќе ги спомнам поединечно.

Беа донесени многу закони што се оценети како добри и вродија со ефекти. Еден од нив што беше донесен во изминатиот период беше Закон за лекови, закон поздравен од сите граѓани на Република Македонија, за тоа што со него граѓаните добија лекови многу поефтини. Со самото намалување на ДДВ за лековите од 18% на 5%, со самото воведување на единствена цена на лекот и со самото тоа што Фондот за здравство склучи договори со голем број на аптеки што ќе издаваат рецепти на позитивна листа, сега имаме една слика сосема спротивна од онаа од пред две години. Ако пред година ипол или две имавме турканици пред самите аптеки за набавка на лекови на рецепта, сега имаме една обратна ситуација. Во аптеките имаме изобилие на лекови што граѓаните можат во секое време да одат и да го набават сопствениот лек на позитивен рецепт. Тоа е едниот момент од Законот за лекови.

Втора работа, беа спомнати 15 програми каде Министерството за здравство финансира, додели огромни финансии, се зголемуваат од година на година и стануваат се поголеми. Наброени се токму во Извештајот и позитивно е оценето.

Една од програмите што е спомната како позитивна е Програмата за карцином на дојка, односно рано откривање, детекција и лекување на карциномот на дојка, каде што во 2007 година за прв пат беа доделени 3 милиони денари за оваа програма. Во 2008 година, со известувањето што го добивме беа одделени дополнителни вкупно 10 милиони денари. Така што со овие пари се опфаќа голем дел на пациенти што можат своите прегледи да ги вршат бесплатно.

Опфатени се и голем број на пациенти кои можат да направат ПАП бесплатно. Понатаму, воведени се и нови вакцини како што е вакцината против хемофилис инфлуенца тип Б, а од друга страна почетно воведување вакцината против ХПВ.

Од друга страна е почетно воведување на вакцината против ХПВ. Се на се, реформите во здравството беа присутни, тие се присутни и дадоа големи финансиски бенефити за самиот систем на здравствена заштита во Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика се пријави господин Димевски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Навистина не знам кому реплицираше господинот Пачемски заради тоа што за се што говореше во репликата, навистина не говореше за тоа што јас го кажав во мојата дискусија.

Јас искажав се што е напишано во Извештајот. Ако некој сака да го чита Извештајот, може да го чита. Ако не сака да го чита, ние не можеме да му помогнеме.

Спроведувањето на прогрмите во јавното здравство е сеуште попречено заради немање соодветна оперативна структура и адекватни фунансии, тоа стои во Извештајот.

Дека во пет градови е воведен систем за ранопредупредување, но ИТ системот не работи како што треба и ја немаме сеопфатната здравствена база итн.

Имплементација на Стратегијата на безбедноста и квалитетот на крвта исто така го нема.

И, на крајот на краиштата знаете со што се занимававте како Министерство во минатиот период, единствена работа со што е оптоварен министерот за здравство и директорот на Фодот е за тоа кој ќе ги преземе набавките за здравствените установи. Само тоа ве интересира како да го распределите профитот. Ништо друго.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Кадриу Фљора, повелете.

**Фљора Кадриу:** Благодарам почитувани.

Кога треба да се донесат ставови, одлуки за иднината за граѓаните на нашето општество, ставови и одлуки што се во врска со големи прашања за општеството и за сите граѓани, без оглед на етничката припадност, националната припадност или верската припадност, тогаш политичките партии, политичките субјекти се тие што треба да одлучуваат. Треба да имаат стабилни ставови. Не променливи ставови, константни ставови. Ова се токму ставовите на ДПА што секогаш, кога се работи за граѓаните, нивните интереси, за иднината, за животот, подобриот живот за идните генерации, тогаш донесува одлуки и ставови константни, непроменливи, стабилни за доброто на сите, дека иднината на овие граѓани е токму во НАТО Алијансата и во Европската унија.

Од овој аспект ДПА се ангажирани секогаш да придонесе максимално во реализацијата на сите обврски што Република Македонија ги има кон овие евроатлански структури.

Кога зборуваме за Извештајот за Европската комисија за 2007 и 2008 година, јануари 2007 - јануари 2008, тогаш како некои претходни говорници кои го сочинуваат парламентарното мнозинство, кои велат дека не се работи за добро и лошо, туку се работи за реалност и дека оваа реалност е тука внатре во Извештајот, проценките се јасни, реални и објективни. Мнозинството самото рече дека се согласува со забелешките, со позитивните и негативните критики. И сите вие знаете, почитувани, дека токму овој Извештај се состои од вовед, од политичките критериуми, економските критериуми и од способноста за спроведување на обврските за зачленување на Република Македонија во Европската унија.

Сите вие многу добро знаете дека токму негативните проценки од политичките критериуми дека се многу значајни и претставуваат столб на демократијата. Кај овие критериуми се работи за предвремените избори, се работи за политичкиот дијалог и секако, исто така, се работи за јавната администрација и предвремените избори. Фактички, овие избори беа подарок од ДУИ за Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија и со полно право институциите на разни држави, како што е Словенскиот институт, со една анализа именувана со “Каде оди Македонија”, со полно прави врши карактеризација на политичкиот субјект на власта како партнер што нема сила да се спротивстави на губителната политика.

Втора работа е што Македонија губи во времето. Сега доби плус критериуми од оние што беа од Брисел. Сето тоа, токму како подарок, како што реков, од ДУИ, што ги иницираше предвремените избори. Ова е вистина.

Нема ништо од ветувањата, нема ништо од пензии за борците, нема службена употреба на албанскиот јазик на државно ниво, нема амнестија за делата од 2001 година. Оваа работа не ја шокираше ДУИ, исто како што не ги шокираше ни Декларацијата на Оли Рен за немаше датум за зачленување на Република Македонија во Европската унија. Оваа работа не ги шокираше, бидејќи функционерите трчаа одговорноста да ја пренесат на другата партија.

Се разбира со ова дејствување, со дејствувањето на пренос на одговорноста, со оваа дејност на ДУИ се гледа дека таа е свесна за одговорноста што ја има, но настојува да ја острани од себе. За тоа сведочи и дискусијата на претставниците на малку понапреднати, на оваа парламентарна група кога рекоа дека имаше закрвавување за време на изборите. Се разбира, имаше и обвиненија токму за вашите лица кои сега се пратеници во Собранието на Република Македонија.

Што се однесува до политичкиот дијалог, каде се опфатени и човековите права и заштита на овие права, како и правата на ентитетите, културните права, се работи со донесување на законот за јазикот. И вие го спомнувате лидерот, господинот Арбен Џафери. Знаете дека господинот Арбен Џафери, пред се, за да се спомне треба добро да се размислува, бидејќи се работи за една личност со голем багаж зад себе. За еден политичар кој е заслужен не само во Македонија, и не само од граѓаните кои живеат во Македонија туку и надвор од границите на Македонија. Тоа што господинот Арбен Џафери го потпиша беше членот 7 алинеа 2 од Уставот на Република Македонија, сите граѓани што сочинуваат најмалку 20% во

Република Македонија имаат право да зборуваат на својот мајчин јазик. Со тоа албанскиот јазик треба да биде службен јазик на државно ниво.

Вие донесовте делумно решение, како што секогаш носите такви делумни решенија за Албанците во Република Македонија. Рековте дека ние сме биле подготвени да донесеме деловник врз основа на кој употребата на албанскиот јазик ќе биде така како што вие го донесовте. Дали е тоа вистина? Зошто вие кога бевте на власт не го донесовте тој деловник, каде е албанскиот јазик ќе се употребува на тој начин, како што го донесовте вие, така што потпретседателот, кога председава со пленарна седница, сега нема право да зборува на својот мајчин јазик. Жалам, потпретседателот од редовите на ДУИ, иако не е тој виновен, не го зборува добро албанскиот јазик, бидејќи е нормално, бидејќи е албанец и го зборува албанскиот јазик, значи тој настојува да зборува албански, но не е виновен што во некои моменти мора, треба да ја води на македонски јазик иако ја нема таа можност.

Ова е вистина за која зборуваат дека се донесе овој Закон за употреба на албанскиот јазик, вие рековте дека физичкиот процес предвидува за определено движење, врз основа на друго тело ние определивме и создадовме правилни политики за албанскиот народ, создадовме разни институции, но вие не ги подвиживте тие создадени политики. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Господине Имер Алиу за реплика сте или за процедурална интервенција?

За реплика е господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитувана госпоѓо Кадриу, до колку господинот Бесим Догани ми постави прашање, требаше и вам да ви постави прашање што го нагласивте претходно. Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија е изгласан во 2001 година, гласан е од пратениците на ДПА и на ПДП. За тој амандман за кој говорите зошто децидно не се употребува албанскиот јазик, ќе ви го прочитам иако не е преведен на албански јазик, ќе ви го прочитам децидно. “Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните е исто така службен јазик и негово писмо, како што е определено со овој член”.

Значи, овој амандман од Уставот на Република Македонија го изгласавте вие како албанска политичка партија и вие имате двојни критериуми.

Второ, вие треба да ги знаете историските настани кои се одвиваа во 2001 година, кој наметна измени на преамбулата на Уставот, За тоа не треба да имаме двојни критериуми. Во оваа преамбула јасно се знае како е дефинирано и се реагираше кога требаше да регираат политичките албански партии. Тука вели: “граѓаните на Република Македонија, Македонскиот народ како и граѓани кои живеат во нејзините граници кои се дел од Албанскиот народ”, вие немојте да правите двојни критериуми и оценки, туку да прифатиме една заедничка реалност како што ја прифативме во едно историско време. До колку е ваша вина и наша, тогаш сите Албанци треба да промениме една состојба. Не говорам за тоа што прашавте каде се спомнува албанскиот јазик, говорам за ова што сте го изгласале вие амандманот 5 и 7 од Уставот.

Ќе ви кажам уште нешто. Вие треба да знаете дека во сите досегашни анкети најреалната оценка за една политичка партија направија граѓаните и последната анкета говори дека 11% со 3% во полза на ДУИ.

На крајот на краиштата сакам да го нагласам фактот дека ДУИ е на почеток на своето владеење, на почеток на своето пренесување на власта, а успесите ќе ги докажеме подоцна. Треба да ви биде јасно дека во Битола и Скопје се одржа централна манифестација во однос на битолскиот конгрес. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика за госпоѓа Фљора Кадриу, повелете.

**Фљора Кадриу:** Господине, вие признавте дека за 6 месеци ништо не постигнавте, значи ВМРО-ДПМНЕ одлучува, а вие само признавате.

Друга работа, не можете ништо да направите во интерес на Албанците. Имавте други 4 години, се виде што можевте да направите, ние имавме 18 месеци и добро знаете што направивме во областа на образованието и културата за Албанците.

Кога зборувате за преамбули, за членови, за алинеи и добро читавте, вие сте конфузен самиот на себе, вие фактички читате, а не знаете што читате, зборувате дека имаме двојни критериуми. Кои се двојните критериуми, дали тие што вие ги донесовте? Делумен Закон за употреба на албанскиот јазик во Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Процедурално бара господинот Тахир Хани,

**Тахир Хани:** Сакам да интервенирам процедурално, бидејќи се знае критериумот воспоставен на координацијата со координаторите на парламентарните групи и на Претседателството на Парламентот со што не може да има реплика од иста парламентарна група. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине Тахир Хани, морам да ви кажам бидејќи не бев на координација, не го знам овој договор, се прифаќа тоа што го кажавте.

Процедурално господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** За каква координација говориш Тахир Хани? Кога сме се договориле дека не може да има реплика кон претставникот на иста партија. Јас бев на координација, не се договоривме за тоа. Вие сте конфузен и настојувате истото да го пренесете и кај граѓаните албанци. Вие сте конфузен. Го цитирате членот 7 став 2 од Уставот

каде вели дека друг јазик кој го говорат најмалку 20% од граѓаните.

(потпретседателката го опоменува да интервенира процедурално, а не на говорот на господинот Тахир Хани).

Значи, вашата конфузност ја пренесувате и кај граѓаните или настојувате да ја пренесете. Процедуралното е токму од овој аспект, бидејќи господинот цитира член 7 став 2 од Уставот каде вели дека секој друг јазик кој го говорат најмалку 20% од населението е службен јазик. Ова значи дека и албанскиот јазик е службен јазик. Врз основа на Уставот каде се овде двојните критериуми, ве молам, во однос на ова. Решението кое со Закон настојувате да го кажете како успех, не се пренесува овој дух од Уставот. Каде е овде нашата конфузност?

**Светлана Јакимовска:** Повелете господине Хани, вашата процедурална забелешка.

**Тахир Хани:** Госпоѓо потпретседателке, добро се знае на некои седници кога сме имале реплика спрема истата парламентарна група, сите сте биле присутни, во кој случај претседателот на Парламентот господинот Трајко Вељаноски не им даваше збор за реплика на пратениците од СДСМ. Ова беше на координација иако ДПА не се согласува со тоа,нека го постави на координација која ќе ја имаме утре или задутре.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам госпоѓо потпретседател,

Со внимание ја сослушав, но по се изгледа некои наши колеги на неучтив начин говореа, можеби е професионална деформација од театарот, но ова е нејзино право, не сакам да интервенирам, сакам да ја смирам госпоѓа Кадриу дека секогаш кога спомнува предвремени избори само што не заплакала. Но, како и да е се покажа реалноста дека предвремените избори се одржаа, но вината не е кај нас. Фљора Кадриу го знае ова, нејзиниот лидер господинот Тачи во медиумите рече дека ќе се случи касапана, касапана не рече ДУИ, а најмалку Али Ахмети, тоа го направи нивниот лидер, но би ја потсетил госпоѓа Кадриу нека ги следи анкетите дека моментално анкетата е таква, Тахир погреши, 11,8, за ДУИ, а само 3 за ДПА.

Се поставува следното прашање, зошто народот не гласа за ДПА, зошто ДПА никогаш немаат добиено на парламентарните избори. Во 1998 година доби 12, ПДП 14, во 2006 година добија 11 пратеници, ДУИ 18 пратеници, но тие влегоа во власта.

Сега се поставува прашањето каква позиција,какви двојни критериуми или десетоструки има ДПА заедно со Флора Кадриу. Овие работи треба да се анализираат и да се види која е нивната позиција. Од друга страна го спомна образованието. Тука го спомна и господинот Догани, тој рече дека се изврши силување во ДУТ, 18 месеци имавте на располагање многу нешта да направите и поправите, ние за 4 месеци успеавме колку вие за 40 години. Нашиот мандат е на почеток, верувам дека многу нешта ќе реализираме и спроведеме. Но, за другите нешта за кои имате носталгија, жалам затоа што лек за оваа болест нема. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам .

Контра реплика за госпоѓа Фљора Кадриу, повелете.

**Фљора Кадриу:** Професионалната деформација што вие ја откривате, вие кажавте дека имате афинитет и добра желба за филозофирање, но и тоа не ви оди ни како историчар, ни како политичар. Ако вршите клевети, а ние сме научени со тоа, тоа што сакам да го кажам е да не ги озборувате лидерите, најмалку вие го имате тоа право и морална храброст, бидејќи во Арачиново што се случи сите знаеме и како се случи убиството на младиот човек во Арачиново. Тоа го знаат сите.

Што се однесува до легитимноста сите знаат што правите вие за граѓаните албанци, тоа е вистина. Сите што рековме ниту јазик, ниту пензии за борците, ниту амнестија, ништо. Кога го спомнувате Косово иницијативата беше на ДПА, да не беше ДПА... (помина една минута од нејзината реплика, претседателот и го одзема зборот).

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господине Боцевски.

Во последно време навистина често пати голем број на граѓани знаат да кажат дека работите во Република Македонија не се онакви какви што ги посакуваме.

Меѓутоа, истовремено во последно време можеби најчесто слушана фраза е дека клучен или врвен приоритет на владиното работење се евроинтеграциите на Република Македонија. Без оглед на тоа или на дипломатскиот јазик и културата на изразување преку честите формулации кои ги среќаваме во овој Извештај од типот ја поздравуваме намерата, забележува напредок, охрабрува и слично, јас како пратеник и граѓанин на Република Македонија, почитувани колеги, навистина сум загрижен од состојбата која е предмет на извештајниот период.

Ако добивањето на датум за почеток на преговори за полноправно членство сериозно и искрено се смета како врв на приоритетите во Република Македонија, нормално е да прашаме, како е можно три години по ред да добиваме оценки од кои не сме задоволни. Или треба да се правиме дека ништо не се случува, дека ништо не било, ќе ги затвориме очите пред фактите кои зборуваат

дека Република Македонија нема розова но бледа и неизвесна европска иднина.

Почитувани колеги пратеници, генерална оценка која произлегува од читањето на овој Извештај е дека после 2006, 2007 година на конто на нашата држава добивме уште една пропуштена година во напорите за ЕУ интеграциите на Република Македонија, односно дека вкупниот процес на евроинтегрирање на нашата држава после две години стагнација можеби сега навлезе во една друга фаза, а тоа е сериозна криза.

Останува фактот дека и овој пат Владата и власта во која спаѓаме и ние почитувани колеги, како да не сакаме да ги разбереме дипломатски срочените, но сепак негативни оценки на Европската комисија. Ако по трет пат не реагираме соодветно на веќе вклучениот аларм, јас верувам дека ќе влеземе во еден извесно подолг период на стагнација на сите наши демократски, би рекол, аспирации и очекувања.

Ваквото однесување, имајќи го во предвид токму денешниот Извештај, ни дава за право да сметаме дали тоа трет пат по ред случајно добиваме несакани негативни оценки, трет пат се сопнуваме од ист камен, дали е тоа навистина од незнаење, од невнимание или можеби во прашање е нешто друго.

Затоа, многу очекував и се надевав дека денешната расправа по овој Извештај, освен по милионити пат изговорена фраза дека е навистина врвен приоритет за сите граѓани и за Владата на Република Македонија, барем овој пат ќе донесе и размислување, би рекол отворено признавање на слабостите и јасен сигнал дека сите што треба во Република Македонија, вклучувајќи го и овој Парламент сме го разбрале јазикот, сме ги разбрале пораките на нашите пријатели од Брисел и Европа.

Слушајки дел од дискусиите, за жал, сепак се отвора можност и до година можеби ако не ги сфатиме и разбереме пораките, да се соочиме со слични оценки.

Почитувани колеги, законодавните домови во земјите членки на Европската унија работат на принцип на парламентарна демократија, принципот на константно отворен дијалог помеѓу власта и опозицијата. Принципот на дебата во која копјата се кршат околу различни аргументирани мислења и ставови се до заеднички донесениот изграден конечен став Кај нас ситуацијата е спротивна. Нема демократија дури ни во храмот на демократијата. Нема дебата, дијалогот е сведен на исклучивост на различно мислење и итноста е најчесто применуваната процедура. Се разбира дека никој од нас не смее и не треба да биде задоволен од тоа.

Има многу нешта за кои би можеле да зборуваме, кои ги има во Извештајот, меѓутоа, верувајте почитувани колеги, јас сметам дека Република Македонија има капацитет да ги надмине евидентираните слабости.

Почитувани колеги чувствувам за потребно како претседател на Собраниската Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство да потенцирам неколку особено важни моменти. За жал, тоа што многу пати го укажувавме јас и дел од моите колеги по повод носењето на некои закони од оваа сфера не наиде на разбирање, се разбира, иако има многу примери, ќе се послужам со неколку кои ги сметам за најспецифични.

Со овој Извештај Европската комисија јасно и недвосмислено вели дека нема да дозволи Република Македонија да троши европски пари без закон, без никакви критериуми, без ред и поредок. Меѓутоа, Европската комисија јасно кажува дека знае зошто кај нас не се носи законот за државна помош заради тоа што до колку се донесе, тогаш ќе се стави ред во субвенциите, ред во наградите кои се делат по критериуми секој понеделник во Владата.

Зошто не се донесени дузина, би рекол, во некои случаи и над дваесет подзаконски акти и зошто не се прават обиди да се применат веќе донесените закони од оваа дејност. Не сакам да зборувам за имплементацијата на стратегијата за развој на органското производство од 2007 до 2011 година, бидејќи навистина е посебна приказна. На еден убав и културен начин Европската Комисија ни кажува дека многу добро и се познати сите овие лоши работи, овие аномалии во еден значаен сегмент како што е земјоделието.

Господинот Драги Димитриевски декан на Факултетот за земјоделски науки и храна вели: Извештајот е многу реален и ја отсликува состојбата на она што се случуваше минатата година и нема сомневање дека има напредок во некои сегменти, но има уште многу , многу за работење. Слабостите нотирани во извештајот се реални зошто Министерството има слаб капацитет во однос на човечкиоте ресурси исто како и минатата година.

Почитувани колеги, јас жалам што и оваа година Република Македонија ќе ги изгуби средствата за земјоделски и рурален развој од европските предпристапни фондови од ИПАРД програмата. Со потпретседателот на Владата верувам дека ќе имаме реплика , па ќе ни каже зошто тоа не е така. Меѓутоа, ако Европската Комисија упорно ни го кажува и културно она што треба да го знаеме, меѓутоа не сакаме да го прифатиме како наша реалност, пред се зошто можеби не ни одговара на нашите политички желби и потреби.

Почитувани колеги, дозволете ми на крајот, добро е што денеска не е во домен на нашите надлежности да го усвоиме, или да не го усвоиме овој извештај, туку само да расправаме за истиот, ценејќи ги се разбира во него позитивните и негативните забележани работи, прифаќајќи ги се разбира добронамерно сите критики. Меѓутоа, ако беше да треба да усвојуваме или да го усвојуваме овој извештај, знаеме и сами како парламентарното мнозинство ќе го изгласаше ова.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Панче Дамески.

**Панче Дамески:** Ви благодарам претседателе.

Би му реплицирал на колегата Ќуркчиев во неколку сегменти, пред се како претседател на Комисијата за земјоделие би му препорачал да ги прочита уште еднаш заклучите кои тој ги донесе и ги предложи и едногласно беа усвоени на Комисијата за земјоделие. Зошто во заклучоците не ги истакна овие ставови сега кои ги кажа на говорницата. Не ми е јасно во еден дел од Извештајот на Европската Комисија каде што од областа на земјоделието скоро буквално во сите сегменти сме пофалени, значи донесени се законите, зајакнат е капацитетот на платежната Агенција, зголемена дирекна поддршка во земјоделството во 2008 година која изнесува 41,3 милиони евра, бројни проекти во ветерината.

Во однос на тоа што кажа за органското производство, значи Комисијата известува за напредок во органското производство, имплементацијата на стратегијата за развој на органското производство за 2008 година напредува. Незнам зошто таму каде што недвосмислено Европската Комисија кажа дека Македонија направи напредок каде имаме напредок во сите сегменти од земјоделието, колегата Ќуркчиев сака да го претстави тој напредок во едно друго светло.

И на крајот како што реков, можеше како претседател на Комисијата да даде заклучоци кои сега ги кажа на говорницата. Меѓутоа сите заклучоци кои ги дадовме, кои ги усвоивме на Комисијата за земјоделие беа во поддршка на Министерството и понатаму да продолжи со работата која ја започна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Никола Ќуркчиев

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе,

почитуван колега еве накратко само да прашам, бидејќи јас навистина сум претседател на Комисијата за земјоделие, меѓутоа не сум чул дека Република Македонија никаде, ниту пак сум сретнал дека во некоја продавница продава специфицирано органско производство со македонско лого, сите знаеме како изгледа тоа, ниту сум чул во која земја колкави количини и кои производи ги извезува. Тоа е првата работа.

Втора работа, како претседател на Комисијата, јас стојам зад сите заклучоци што ги донесе Комисијата. Комисијата и тоа едногласно. Тоа е едната работа. И третата работа околу тоа дали Македонија ќе ги добие, или не, средствата од ИПАРД програмата? Јас прочитав на Комисијата што кажал господинот Перо Димшоски, советник во владиниот Секретаријат за европски прашања. Тој тврди дека од таа работа нема ништо.

**Трајко Вељаноски**:

Има збор Соња Мираковска.

**Соња Мираковска :** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, во неколку работи се согласуваме сите и од денешната дискусија и од дискусиите во комисиите. Значи нема човек во Република Македонија кој не в ерува дека заслужуваме да бидеме дел од европското семејство, а и околу Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија сите сме согласни дека тој треба да биде наш патоказ за идните чекори кои Македонија треба да ги направи за да се движиме со побрзи чекори во правец на влез на Македонија во Европската унија. Сега незнам само како ќе успееме да го користиме Извештајот како патоказ, ако го читаме на сосема дијаметрално спротивни начини во зависност од тоа дали сме позиција или опозиција. Но, навистина овој извештај бара од нас да бидеме самокритични, мораме да признаеме дека Извештајот е негативен, дека претставува реална слика за нашата заложба за нашиот капацитет, за нашата организираност, за реализацијата на приоритетите и дека претставува одраз пред се на заложбата на оние кои се најодговорни во моментот за напредокот на Република Македонија, а тоа е позицијата, тоа е владеачкото мнозинство, притоа не изземајќи ја опозицијата во делот на својата одговорност. Што ни се случи во овој извештаен период, ќе се осврнам само на неколку сегменти од извештајот и тоа пред се во делот на политичкиот дијалог. Во десет минути не е возможно не знам колку да се каже . Факт е дека со лошо организираните и лошо спроведените избори си додадовме уште еден критериум, тоа не врати значително назад во процесот на приближување до Европската унија. Кажаа овде некои од колегите дека е постигнат консензус помеѓу поголемите политички партии за измени во Изборниот законик во согласност со препораките на ОБСЕ и ОДИХР, со што покажавме добра волја за сериозни напори во правец на наредните локални и претседателски избори да ги организираме во духот на меѓународните стандарди. Еве, да се согласам дека ова претставува добра основа. Но, само пред неколку дена кога во ова Собрание се носеше Одлука за избор на членови на Државната изборна комисија се случи кршење на Изборниот законик. Ова Собрание со консензус помеѓу четирите поголеми политички партии гласаше спротивно на одредбите на Изборниот законик. И од тој момент веќе ништо неможе да биде исто. Тоа е преседан во овој законодавен дом. Во тој момент ние ја напишавме првата негативна страна од извештајот за 2009 година и ставивме дамка на изборниот процес на претстојните локални и претседателски избори и наместо да ја засилиме улогата на Државната изборна комисија што беше наша обврска и тоа е заложба во Извештајот, препорака во извештајот, ние на почетокот му ја одзедовме силата, затоа што Државната изборна комисија избран спротивно на Законот во старт е нелегитимен.

Што се однесува до оценката на работата на Собранието веќе неколку пати е кажано. Во ова собрание се донесоа 170 закони по итна постапка без присуство на опозиција, без поширок дијалог, а тоа значи без транспарентност што неможе да гарантира квалитет на законите. Дали од ова извлековме некаква поука? Не. Повторно и со новиот Деловник се оди со предлагање на закони по скратена постапка и тоа најверојатно ќе стане пракса. Многу лесно се објаснува зошто мора да бидат по скратена постапка. Како што веќе спомнав во овие денови во овој период беше донесен новиот Деловник без консензус со опозицијата. Деловникот претставува правила на игра, на однесување и работа на ова Собрание.

Ќе се осврнам, нема да го коментирам целиот Деловник, туку само на член 157 од Деловникот кој ги дискриминира и ги исклучува пратениците кои не се членови на пратенички групи кои според овој член од Деловникот не се во состојба да го презентираат своето мислење, затоа што во скратените постапки пред се нема јавна расправа. Што значи дека во ова Собрание имаме сега една нова појава , пратеници од прв и пратеници од втор ред. Во таков амбиент сеуште неможеме да зборуваме за политички дијалог.

Во делот на граѓанските и политичките права, она што се однесува на слободата на изразување констатирано е дека имаме некаква законска рамка. Но, што се случува во пракса? Советот за радиодифузија без доволно ресурси, без финансиска реализација, Закон за радиодифузија донесен во летниот период во тоа брзање кој дозволува по најитна постапка јавниот радиодифузен сервис да биде однесен во стечај и ликвидиран. А тоа отвора можност целото пеесетгодишно национално богатство создадено во МРТВ да се уништи. Тоа колеги, не го прави земја која се бори за докажување на својот идентитет, без разлика пред кого. Целта е само силен притисок врз јавно дифузниот сервис за да биде сервилен како што е во моментот.

И на крај ќе се осврнам за нешто што мислам дека е исклучително важно, а тоа е оценката на јавната администрација која треба да понесе огромен терет околу имплементацијата на законите, акито, националните стратегии. Јасно покажува дека во тој сегмент имаме огромни проблеми, пред се оценката на Извештајот. Имаме силна партизација на јавната администрација, поготово на раководните места. Имаме несоодветен административен капацитет за управување со човечките ресурси, имаме недоволен капацитет во процесот на припрема на законите, а такви закони доаѓаат во Собранието, без да имаме можност овде да ги корегираме како што треба. Имаме недостаток на соодветни човечки и финансиски ресурси за имплементација на акито, непостоење на сеопфатна обука на државните службеници. Зошто сето ова го сметам дека е многу важно и зошто е важна силна јавна администрација? Затоа што таму се креираат законите, таму се имплементират и таму можеме да обезбедиме сеопфатен ефектен, ефикасен и обврзан систем кој хоризонтално и вертикално ќе ја креира брзината со која ќе можеме да се движиме во правец на Европската Унија, а тоа претставува цел на 98% од населението на оваа земја. Затоа е по требна многу голема сериозност, затоа е потребно многу добро и долго да го читаме овој Извештај и да се обидеме, а сметам дека Македонија има таков капацитет и да обезбедиме политички дијалог и да обезбедиме Извештај кој ќе значи напредок кон Европската Унија.

**Трајко Вељановски:**

Има збор господинот Игор Ивановски

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Денеска реално очекував дека Собранието на Република Македонија барем за момент кога дискутира за Европската унија ќе биде во најмала рака европско, па ќе обезбеди присуство на пратениците од владеачкото мнозинство. Ама очигледно дека и во овој случај ја пропуштивме шансата. Клупите на пратениците од владеачкото мнозинство се празни, од Владата нема никој, освен оној што мора проформа најчесто да биде задолжен за задолжување околу делот на европската проблематика . И за жал, владеачкото мнозинство почнувајќи од премиерот Груевски, завршувајќи со вицепремиерот господинот Боцевски, одлучува да дискутира на темата интегрирање во Европската унија, или НАТО алијансата, или економијата, само на емисиите кои што се најчесто полтронско партиски од типот на онаа кај Слободан Томиќ или кај Јанко “јади бурек”, Реална дебата, ова Собрание за многу клучни теми нема, ја пропушти таа шанса и вечерва. Патем речено СДСМ ако не побараше да се расправа за овој Извештај, Вие господине претседателе, или ВМРО ДПМНЕ, или Владата немаше да почувствува ниту еден процент.

**Трајко Вељаноски:** Грешка сте.

**Игор Ивановски:** Се извинувам.

Значи, без претседател на Собранието, го повлекувам зборот. Владата и ВМРО ДПМНЕ немаше да има потреба воопшто пред нас пратениците да разговара за оваа тема. Македонија ги гледа и каналите од соседните држави каде што гледа дека и за помалку крупни теми во собранијата може да ги види премиерите на сооветните држави, клучните министри каде што има реална дебата, а уште повеќе реални заклучоци. Во Македонија имаме празна сала и очигледно дека министрите се прават наопаку. Кога поскапуваат производите ги немаше на пазарите, се криеа во глувчешка дупка. Сега кога не треба да бидат на пазарите, тие одат. Кога требаше да се лобира за Европската Унија, тие пак шетаа по пазарите, кога дојде негативниот Извештај од Европската унија, нив пак ги нема овде, кога треба да разговараме за Европската

унија. Затоа и државата ни е во вакво дереџе што би рекол народот, затоа и денеска не треба да се чудиме, зошто имаме ваков извештај. И затоа почитувани пратеници, некој може да го чита извештајот на англиски, некој може да го чита извештајот на македонски, некој дури може да го чита и по арапски, од десно на лево. Ама во него без разлика на формулациите, без разлика на било кој речник, бординг, како сакате наречете го, единствениот критериум по кој што се цени дали тој е позитивен, односно успешен, е дали Македонија добива датум за преговори. Одговорот е, не. Македонија октомври 2006 нема датум за преговори, ВМРО ДПМНЕ е на власт, ноември 2007 , ВМРО ДПМНЕ е на власт, нема датум за преговори, ноември 2008 , ВМРО ДПМНЕ е на власт, нема датум за преговори, ноември 2009 дали ќе биде ВМРО ДПМНЕ на власт, ќе биде прашање, ама датум за преговори пак нема да имаме. Сума сумарум имам чувство дека и тоа го кажав во ноември 2006 година кога имавме министер за надворешни работи на таа дебата, сега го нема, имавме друг вице премиер, сега ја нема, дека концептот на интегрирање на Република Македонија во Европската Унија за ВМРО ДПМНЕ е товар. Едноставно не сакаат да го имаат. Тоа е нешто што мора да се направи, ама така страно , така чудно, така недопирливо, или неприфатливо за нив. ВМРО ДПМНЕ може да зборува со единствениот збор во македонскиот речник кој што има најголема употреба во изминативе три години "ќе". Ама да зборува за сработено , или извршено, апсолутно ниту знае, ниту има намера. Притоа, формулациите во овој извештај се дури и добри. Тие се благи, бидејќи Европската унија, сепак има високо ниво и дури и во оценките кои што ги дава оние најпозитивните е блага и умерена. Дополнително затоа ќе речам, единствениот критриум по кој што треба да се суди, или цени овој извештај е дали Македонија има датум за преговори ,или не? Бидејќи нема и трета година по ред од власта на ВМРО ДПМНЕ ние имаме негативен извештај односно доживуваме пораз во делот на нашето интегрирање во Европската унија. Заклучно со овој Извештај Република Македонија има пет негативни извештаи во делот на Европската унија, три на Европската комисија, два на Европскиот Парламент.

Негативни извештаи во делот на Европската унија три, на Европската комисија два, на Европскиот парламент, заклучно со овој Извештај во овие три години на ВМРО-ДПМНЕ на власт ние немаме ниту една добра позитивна вест, позитивен факт во делот на нашето интегрирање во Европската унија. Или со други зборови, ништо не се мрда, Македонија стои, тапка во место. Јас не можам да ја разберам потребата на Владата, на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да не споредуваат со Црна Гора која што во оваа трка влегува последна. Не можам да ја разберам потребата да не споредуваат со Србија или со Босна и Херцеговина, но на крајот ако веќе толку сакате - еве господине Боцевски, или почитувани колеги од владеачкото мнозинство, Македонија во овој момент дефакто е зад Србија, дејуре ќе биде уште повеќе зад Србија следната година ова време, кога Србија ќе добие кандидатски статус, ќе ги нема визите и ќе има датум за преговори. Македонија следната година со вас на влас пак нема да има датум за преговори, визите ќе ни бидат поцврсти, и тоа е сега факт, за тоа нема да ни биде виновна ни Грција, нема да ни бидат виновни ни соседите, најмалку ќе ни бидат виновни претставниците на Европската комисија во Брисел. Бидејќи господине Боцевски, да расчистиме една единствена клучна работа: ние бараме да отидеме во Европската унија, тие не не канат. Ние бараме да бидеме дел од тоа семејство и треба да ги почитуваме правилата на игра на тоа семејство.

Она што Македонија во изминатите три години прави е што директно ги крши правилата на игра на европското семејство. Наместо да организира фер и демократски избори што се буквата "А" во демократијата, Македонија организира на чело со вас пакитански избори. Наместо полицијата да ги апси тие што полнат кутии, дел од полицијата партизирана ги полни кутиите. И после очекувате дека ќе добиете награда! Македонија има директна последица во делот на политичките критериуми, има политичка нестабилност, нема дијалог генерално, не само меѓу власта и опозицијата, помеѓу власт и бизнис, во власта нема дијалог. Вие имате проблем во релациите ВМРО-ДПМНЕ-ДУИ, имате проблем во релациите внатре во вашата владеачка коалиција. Секојдневно ја гледаме "Шпанската серија" за препукување меѓу вашите партии во владеачката коалиција, очекуваме таа да се зголеми и дополнително да ја забавува македонската јавност. Имаме Деловник што е Устав на ова Собрание донесен без учество на опозицијата, имаме штанцање што би се рекло на брзи и лоши закони кои сега не може да се применат. Последна е епизодата со Законот за пушење, кога никој во оваа држава не знае што треба да прави. Имаме судство под притисок, имаме партизирана администрација. Но клучната работа е што кога зборуваме за лоши последици во делот на вашата работа и делот на интеграцијата на Македонија во Европската унија, паѓа на делот на економијата, кога ние трета година по ред немаме датум за преговори, фирмите одлучуваат што размислувале да инвестираат во Македонија да одат во Бугарија, да одат во Грција, да одат во Албанија, да одат во Србија, ама само да не дојдат во Македонија, бидејќи велат ова подрачје е политички и економски трусно, може да има секој момент политички земјотрес. Одлучуваат да ги откажат нарачките спрема оние фирми со кои соработуваат и велат ќе го селиме нашиот бизнис надвор од границите на Македонија, бидејќи овде не се исплати да се води бизнис, нема предвидливост, напротив, може да ни ја земат фирмата, може да не оданочат најчесто како што

се случува повеќе отколку што треба, едноставно не знам како ќе го менаџирам својот бизнис. Затоа во делот на економијата е констатирано дека немаме инвестиции, дека невработеноста останува зголемена, дека има лоша деловна клима, дека реформите од типот на рамен данок не даваат никаков ефект бидејќи тие се џабе или немаат никакво влијание на реалниот сектор кога политичката ситуација, кога генералниот амбиент едноставно паѓа во вода.

Клучната лага во оваа година за вас е визната либерализација. Ветивте дека ќе ги нема визите од следната година, излажавте. Визите ќе бидат поцврсти, поприсутни и македонските граѓани ќе бидат уште поизолирани во однос на тоа кое што го имавме. За жал, продолжува оваа Влада да ја третира европската интеграција како нешто што мора да се направи, како нешто лошо, наместо целосно да се посвети и на тој начин оди спротивно на барањата на граѓаните кои во 98% велат дека Македонија треба да влезе во Европската унија.

На крај, сакаме да лобираме и како опозиција тоа го правиме. За жал, опозицијата лобира повеќе за својата држава отколку што тоа го прави власта, бидејќи на крајот на краиштата ние како СДСМ велиме Европска унија и НАТО веднаш односно сега, вашиот премиер вели можеме без Европската унија, можеме за 5, 6, 10 години. Јас мислам дека најсреќен ќе биде ако Македонија не влезе во Европската унија бидејќи тогаш дефинитивно ќе владее царството на криминалот, корупцијата и хаосот во кој што тој заедно со своите пријатели најмногу се снаоѓа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

После ваква дискусија се поставува прашањето кога Република Македонија го пропушти главниот и најголем воз за Европската унија. Тоа е возот во кој што отидоа 10 или 11 држави од Централна или Источна Европа, од Балтичките преку Вишеградската тројка, заклучно со некои Централно европски држави, вклучувајќи ја и Словенија од Бивша Југославија. Кога го пропуштивме тој воз? Во 1997 година кога Европската унија ја објави Агендата 2000. Во 1997 година и Словенија и Полска и Чешка и Унгарија и Литванија и Естонија и Латвија, сите тие земји одеа кон европските принципи и европските критериуми. Но за жал, во 1997 година Бранко Црвенковски ни го приреди ТАТ. Ние наместо да имавме министри кои одеа во Брисел, ние имавме министри во тренерки. Наместо да имаме економски раст од 5%, 6%, нам во Македонија како голем успех ни се претставуваше економски раст од 1% или 2% или врвните 3% кои ги имаше Никола Поповски како министер за финансии.

Кога сме веќе кај економијата, а вие ја спомнавте, кажете ми со да или не, дали 2007 година е година во која Република Македонија имаше најголем економски раст во овие 17 години. Да или не? Апсолутно да. 2007 година е годината во која имавме најголем економски раст, недоволен да ги реши сите проблеми, но многу подобро од сето она што сме го имале ние. Така што сите ваши дискусии тука се сведуваат на гола демагогија и обично кажување на намери, затоа што шансата која што ја имавте, вие ни приредувавте економски растови од 2% или 3%.

Која е годината кога Македонија имаше најголем пад во својата економија? Тоа се годините во кои имавме транзициони профитери 1992, 1993, 1994, 1995 година, кога знаеме колку имаше фри шопови и кога знаеме кој беше исходот на македонската економија.

Кога зборувате за избори, кажете ми кога во Република Македонија имало повеќе уапсени и затворени со пресуди, а знаеме што се се случуваше на овие избори.

Има уште многу работи да се кажуваат, јас само ќе ви кажам една работа од оваа недела, а тоа е повеќе од јасно, Грција не сака договор со Република Македонија. Кажете на кој начин може да се направи тој договор. Пред 4 дена бев во Брисел и она што беше кажано е директно најнедвосмислено, а тоа е дека Грција не сака компромис ниту со името на Република Македонија, ниту со идентитетот, односно сака да не понижи и за името и за идентитетот. Не ги лажете македонските граѓани за оваа работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Ѓорчев, вие бевте средношколец кога во 1996 и 1997 година Македонската Влада потпиша Договор за соработка, што беше првиот чекор на интеграција на Македонија во Европската унија. Тогаш започна реалната интеграција на Македонија во Европската унија. Ама затоа дојде 1997 година во која нашите евро партнери тогаш видоа дека има млади јастреби во ВМРО-ДПМНЕ на чело со вас и сегашниот министер за надворешни работи кои велеа "Гасни комори за Албанците" и тие пораки завршија во Брисел, велаат овде нешто не ќе е на арно. Дојде 1998 година и дојде цунамито на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, заврши со војна, за да дојде 2002 година да добиеме и кандидатски статус и да ја донесеме Македонија пред портите на Европската унија и НАТО алијансата.

Затоа господине Ѓорчев, во животот можеби сте пропуштиле многу шанси и вам ви е сеедно дали за 4 или 5 години Македонија ќе оди напред или не. Мене не ми е сеедно, секоја минута ми е драгоцена, како и на сите граѓани во оваа држава Македонија, побрзо да дојде во Европската унија. Но очигледно вие сакате да бидете повеќе во

коалиција со некои блиско источн и и азиски држави каде што владее хаосот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседтеле, почитуван потпретседателе на Владата, почитувани колеги пратеници,

Би сакала да дадам кус осврт на Извештајот на Европската комисија од аспект на родовата еднаквост. Ова го разгледувавме на Комисијата за еднакви можности и таа беше свикана со присуство на претставници на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања, УНИЦЕН и УНИЦЕФ кои не следат во нашите активности, Македонското женско лоби и Европската комисија. Заедничка беше оценката дека Извештајот е напишат со видлив стремеж за објективност и добронамерност во укажувањето на она што не е направено и довршено.

Констатациите што се однесуваат на родовата еднаквост се главно реални, со исклучок на констатацијата за зголемување на проблемот со семејното насилство. Имено, последнава година има зголемување на бројот на пријави на семејно насилство, но нивното споредување не е сосема релевантно, затоа што до скоро не постоеше систем за борба со него, па ни соодветна статистика. Зголемените пријави се главно резултат на повисоката свест на граѓаните и службените лица за овие појави, постоењето организирано прифаќање и заштита на жртвите, како и законска можност за казнување на насилниците. Сето ова значи дека поранешниот молк за семејното насилство е заменет со отворена борба со него. Борбата треба да се засили со одредени подобрувања на законите и подзаконските акти, носење протоколи меѓу различните сектори, вклучување повеќе лица во центрите за социјална работа и нивна обука, понатаму вклучување на локалните комисии за родова еднаквост и слично.

Сето ова беа и заклучоци на јавната расправа за состојбите со семејното насилство што ја организираше Комисијата за еднакви можности на мажите и жените во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Македонското женско лоби, УНДП и Холандската амбасада.

Во дискусијата на Комисијата при разгледувањето на Извештајот на Европската комисија беа исто така спомнати и други активности во кои учествуваше Комисијата за еднакви можности во изминатиот период. Како пример би ги навела следниве: кампањи за превенција и рано откривање на цервикалниот рак и ракот на дојката, заедно со Министерството за здравство и Македонското женско лоби. Ова се како што знаете владини мерки, меѓу кои и ХПВ вакцината за млади девојки и жени.

Понатаму во расправата споменавме дека Комисијата имаше исто така активности во рамките на паневропската кампања за борба против семејното насилство и во неа со јавни расправи, дебати, посети на шелтери и социјални центри, беше иницирано буџетирање по мерка на децата во соработка со УНИЦЕФ и слично. Како значаен придонес беа спомнати некои мерки од популационата политика што значат можност за жените за урамнотежување на мајчинството.

Се вкупно во заклучоците што едногласно беа донесени се согласивме дека се реални оценките за состојбите со родовата еднаквост, со исклучок за семејното насилство, за кое даваме и објаснување, а исто така беше и забележано дека во Извештајот не се земени предвид некои области и мерки кои значат напредок на полето на родовата рамноправност.

Она што мислам дека исто така беше важно беше согледувањето што го направи Комисијата дека ни треба една подобра координација меѓу претставниците на различни сектори во државата што работат на унапредување на родовата рамноправност. Уведена беше од сите потребата од подобро информирање и максимална отвореност на сите институции за прашањата од родовата еднаквост кон поединци и организации од нашава земја и од странство. Ова го заклучивме поради укажувања на одредени претставници и на невладиниот сектор, а и на претставници на мисии кои работат во земјата дека не секогаш може да ги добијат сите податоци поврзани со родовите односи кои ги побарале и затоа сметавме дека е во наш интерес како држава институциите максимално да се отворат и со вклучување на професионалци во таа комуникација со странство, да ги извлечеме сите добри работи кои сме ги направиле, меѓутоа, да бидеме отворени и за критика, за да можеме да се подобруваме во од кога некаде нема да исполниме одредени стандарди.

Севкупно, знаеме дека Република Македонија со години беше најдобра во Југоисточна Европа на планот на родовата рамноправност. Најпрво тоа беше благодарение на невладиниот сектор, кој што од почетокот на самостојноста многу активно работи на овој план, а потоа од 2000 година преку Македонското женско лоби, каде што се направи едно обединувањ на силите на женските организации, независно дали се работи за невладиниот сектор, политичките партии, владини структури, локална самоуправа и други. Она што беше постигнато беше резултат на одредени принципи за кои се имавме договорено и успешноста се базираше пред се поради критичната маса жени од различно потекло кои беа обединети околу таа заедничка идеја за да се испрати една родова рамноправност во земјата. Тоа заедничко лобирање за подобрување на статусот на жените за изградба на подобри релации меѓу двата пола се должеше на надминување на разликите, понатаму на одењето чекор по чекор со аргументи, понатаму создавањето сојузници и меѓу жените и меѓу

мажите и на едно воздржување од злоупотреба на политичките позиции, независно кој каде се наоѓа. Долги години успевавме на тоа да одолееме, меѓутоа, се разбира не е секогаш лесно, политиката создава свои турбуленции во општеството и има одредени ситуации кои веројатно треба во иднина да ги избегнуваме или да не ги повториме.

Јас би сакала да се осврнам, чувствувам обврска да кажам за неодамнешната одлука за формирање на Државната изборна комисија, која се изгласа во Собранието затоа што изминуваше рокот за тоа и секое одложување на донесувањето на таа одлука ќе значеше и одложување на изборите кои беа закажани, кои исто така со закон ги утврдивме како рок. Мене ми е многу жал што не бев присутна на расправата, кога за тоа се расправало. Не можеме сите да знаеме во кој момент која точка ќе дојде на дневниот ред. Мене ми е исто така многу жал што ниеден колега или колешка од Комисијата за еднакави можности не ме побара некако па да сугерираше иницирање, свикување на Комисијата за еднакви можности, каде што можоеби, велам можеби ќе успеевме да укажеме на некои недоследности во спроведувањето на законите и родовите квоти од 30%. Меѓутоа, нема работа што не може да се поправи, па така и оваа, како што најавив седница на Комисијата за еднакви можности ќе се одржи до крајот на оваа недела. Минатата недела околу 30-тина пратеници беа отсутни од државата и не беше коректно да се закажува при големо отсуство на колеги што потенцијално би биле заинтересирани за една вака специфична тема. Верувам дека ќе треба да го разгледаме севкупно начинот на спроведување на сите закони каде што се опфатени родовите квоти, затоа што понекогаш можеби срамежливо, меѓутоа, еве, се случува повторување на инцидентни случаи, како што беше на локалните избори, поднесување на изборна листа на кандидати за советници без 30% жени, како што беше донесувањето на одлуки за избирачки одбори без 30% вклученост на двата пола на изминатите неколку избори и како што беше оваа одлука за составот на Државната изборна комисија каде што не е запазена родовата квота. Мислам дека ќе треба сите заедно да поразмислиме како да се утврдат механизми кои ќе бидат ефикасни и кои нема едноставно да дозволат тоа да се случи.

И уште една работа, мислам дека голема одговорност и сериозност треба да покажат тука пред се најголемите политички партии, бидејќи тие ја имаат моќта за најголемо влијание врз овие работи. Тие и најмногу помогнаа за да се дојде до вакви квоти и до воспоставување на напредок во родовата сфера до сега, меѓутоа, тие и сега ќе бидат оние кои ќе треба да помогнат за да ги истераме работите до крај и да не дозволиме да ни се случуваат поединечни инцидентни случаи. Благодарам.

За да се дојде до вакви квоти и до воспоставување напредок во родовата сфера досега, меѓутоа тие и сега ќе бидат оние кои што ќе треба да помогнат за да ги истераме работите до крај и да не дозволиме да ни се случуваат поединечни инцидентни случаи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Госпоѓа Лилјана со сета почит и респект за вашата досегашна борба на планот на родовата еднаквост. Јас знам што во овие изминати пет години вие заедно со ваши колешки имате направено.

Но вашето однесување во последно време во овој план за мене е неможам поинаку да го изразам освен чудно.

Прво, вие зборувате за изборот на Државната изборна комисија,а вие гласавте за носење на таа одлука и тука оправдување нема особено од ваша страна. Вие можете да реагирате на самата седница, можете да реагирате како претседател на Комисијата за родова еднаквост, вие имавте во раце механизам, за тоа да го направите, а вие не го искористивте и не знам дали сега после ова што веќе се случи можете да одреагирате соодветно. Токму за тоа бевте повикани од страна на пратеник на НСДП, ако не сте во состојба и понатаму да се залагате за борбата за родова еднаквост, да се откажете од тоа место и да го отстапите на жена која ќе може таа Комисија да ја води посоодветно.

До вас јас се обратив, кога станува збор за семејното насилство како човек кој сметав дека има сенс за таа борба, за санирање практично намалување на семејното насилство со четирите амандмани кои беа дадени од стран ана НСДП за Буџетот на Република Македонија, а се однесуваа токму на борбата на семејното насилство, не беа случајно направени, беа врз основа на јавните расправи кои вие ги организиравте т.е. Комисијата ги организираше и врз основа на нашите посети видовме, имавме прилика да видиме што се случува. Вие исто така неодреагиравте соодветно.

Исто така, многу благо ја искритикувавте Владата и ја поттикнавте да размислува повеќе за поголеми капацитети, во центрите за социјални грижи, што сметам дека не е доволно. Сметам дека вие навистина можете и морате да направите посериозни чекори на тој план. Од вас тоа се очекува како претседател на Комисијата за родова еднаквост.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке, ние имавме успех во женското движење затоа што бевме солидарни и бевме коректни една кон друга. Токму за тоа јас само затоа би ве потсетила дека јас ги поддржав вашите четири

амандмани и дека и на Комисијата за еднакви можности разговаравме дека даваме поддршка за такви амандмани и се заложивме во разговор со министерот Трајко Славески. Конечната одлука се разбира е на министерот.

Јас би ве молела вистината да ја кажувате, а исто така да ја кажувате вистината зошто не ме побаравте претходниот ден кога се дискутирало за ова за да може вистина суштински да се интервенира.

Значи, немојте да си ја префрлуваме вината, не е убаво, како жени ќе си требаме уште многу години затоа што сето ова што се случува со обид за избегнување на родовите квоти ќе не допира сите нас. Јас ве молам, за солидарност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Колешката Лилјана Поповска моли за солидарност и ние дента кога ја гласавме Државната изборна комисија молевме за солидарност од парламентарното мнозинство особено од жените на парламентарното мнозинство затоа што ние како политичка партија свесни за законот го исполнивме она што се бараше од нас. Предложивме од двајца можни кандидати една жена. Значи 50% од предложените кандидати се од помалку застапениот пол.

Аргументот на колешката Лилјана Поповска дека не можело да се одложи донесувањето на таа одлука не држи, затоа што ние побаравме, јас како координатор на најголема парламентарна група во опозиција од име на цела парламентарна група да се врати предлогот повторно пред Комисијата за избори и именување и да се уреди предлогот согласно изборниот законик. Меѓутоа, не бев поддржана и бидејќи бевме однапред осудени дека сме ние тие како парламентарна група кои што ќе ги бојкотираат изборите мораше дел од Парламентарната група да гласа за Државната изборна комисија .

Дека требало да ја потсетиме колешката не држи, затоа што колешке ние сите сме пратеници и треба да следиме што се случува во овој Парламент, особено вие бидејќи сте вие во парламентарното мнозинство и таму вие треба да лобирате за женските права. И таму вие треба да лобирате за она што заеднички како што кажавте поради нашата солидарност не го постсигнале.

За жал Република Македонија во вашето коалицирање во ова парламентарно мнозинство жената доживува удар врз своите права, затоа што ова, или изгласувањето на една ваква Државната изборна комисија значи уназадување на женските права, значи намалување или губење на веќе едно стекнато право и јас многу живо ме интересира како правник, како пратеник на кој начин вие мислите да ја поправите оваа одлука за Државната изборна комисија. Кажете го овде пред пратениците јас ќе бидам првата која ќе ве поддржам, затоа што јас јасно и гласно и на координација и пред претседателот на Собранието и тука од говорница кажав дека оваа одлука, иако сум координатор на најголема парламентарна група во опозиција нема да ја поддржам затоа што е кршење на законот и пред се уназадување на женските права, за кои што како што кажавте солидарно сме се бореле.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке Цветанка Иванова, вие сте координаторка на СДСМ на едниот од двата најголеми блока во државава. Вие преговаравте и договоривте со колегите да се изгласа таква одлука во таков состав каков што беше. Значи, не може сега вие што сте договориле како координатор сега друго да зборувате овде. Немојте, како велите вие правниците контрадикцио инадекто е ова. Навистина не е во ред, јас разбирам политички поени се собираат, меѓутоа сепак да си бидеме меѓусебе коректни и една работа.

Мене не ми треба некој да ме потсетува, туку едноставно требало да ме побара, затоа што јас сум еден човек и јас не можам да бидам во секое време секаде присутна. Бев во Скопје, но не бев во Собранието тој ден кога овде се дискутирало. Можеше било кој од вас да ме повика јас ќе дојдев.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Пратеничките, а дефинитивно пратениците се солидарни дека после тој настан со Државната изборна комисија пратеничката треба или да се разреши Лилјана Поповска или да си поднесе оставка бидејќи непринципиелно не застана во одбрана на родовата застапеност, за која што само декларативно, наместо практично се залага. Тоа е многу јасно. Притоа, тука не треба посебно да се дискутира.

Јас се уште се надевам дека ќе го дочекам денот кога нешто конкретно од пратеничката Лилјана Поповска. Уште сум оптимист. Бидејќи и денеска тоа не се случи сакам да зборувам многу конкретно и да и упатам неколку прашања.

Госпоѓо Лилјана Поповска дали вие како т.н. борец за женските права денеска реагиравте за влошените права на вработените текстилни работнички во Република Македонија, кои што во овој момент заради лошата политика на Владата, непрогресирањето кон Европската унија, финансиската криза за која што Владата и вие не убедувавте дека не постои ја губат својата работа, добиваат намалени примања, немаат придонеси за здравствено осигурување и не можат да ги прехранат своите деца.

Зошто госпоѓо Лилјана Поповска не реагиравте за смртта на една текстилна работничка во Битола и

за претепувањето на текстилните работнички во Кочани. Тогаш молчевте, а тоа се се одразува во пишувањето на извештајојт на Република Македонија во делот на правата, почитувањата, стандардите, принципите, како саскате наречете ги во Република Македонија.

Не чув од вас збор зошто жените и младите девојки и децата во Миладиновци сеуште се трујат со благослов на Владата на Република Македонија за да грчките газди и некој од Владата на Република Македонија, дали во ВМРО ДПМНЕ или во ДОМ, не знам, профитираат и заработуваат на грбот и здравјето на македонските граѓани. Колку пари чини здравјето на македонските граѓани. Ајде да ве чуеме госпоѓо Лилјана Поповска, зборувате за промена. Доста веќе со класични флоскули со кои што 17 години не убедувате, а притоа немате направено ниту една конкретна работа.

СДСМ во делот на Државната изборна комисија даде една жена од два предлога, во превод 50%, вие госпоѓо Лилјана Поповска со вашите коалициони партнери дадовте нула проценти и ниту една жена. Јас очекував ако вие сте дотолку принципиелни, сега ќе барате да дадете предлог за измена на составот на Државната изборна комисија и предложете се вие. Изгубете го пратеничкиот мандат, бидете до крај принципиелна и на нештото на Ване Јосифовски предложете ја Лилјана Поповска или Соња Лепитковска. Тогаш ќе можеме да ви веруваме во вашата принципиелност. Дотогаш на вашата принципиелност веќе никој не ви верува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Колку лесно ви оди господине Ивановски муабедот, само да се зборува, зборува. Знаете некои други работат и веруваат. И јас и Соња Лепиткова работиме конкретни работи во кои што има ефекти и се гледаат. Сега не е прилика во оваа една минута тоа да го редам, не би ни собрало ни многу многу повеќе време а камоли една минута.

Инаку, во вакви одлуки и јас ги гледам како една игра на зборови каде што од страна се гази се друго. Вас ви е лесно да газите околу вас се, ароганцијата не ви недостига, меѓутоа тоа е ваш избор, ваша желба како ќе настапите. Мислам дека на тој начин не се освојуваат поени и не се доаѓа до вистината. Добро би било сите да поразговараме како да се најдат одредени механизми за да не се изигруваат родовските флоти и големите слонови да не ги изигруваат помалите околу себе на овој начин, како што вие тоа го правите и како што вие се согласивте да го правите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван потпретседателе на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денес ја разгледуваме работната верзија на Европската комисија за напредок на Република Македонија за 2008 година. Впрочем тоа е дел од редовните извештаи, воспоставена пракса од 2002 година наваму за земјите од регионот на Западен Балкан.

Извештајот според мене претставува прецизна опсервација на состојбите во државата на планот на исполнувањето на политичките критериуми, економските критериуми и капацитетите на државата за преземањето на обврските од членството.

Би сакал на самиот почеток да истакнам дека прашањето за евроинтеграциите е премногу значајно за да се дозволи луксуз по ова многу значајна тема да се прави, ниту да се прави политички паркетинг, ниту да се бара дежурен виновник бидејќи цената ја плаќа Република Македонија во целина.

Впрочем, евроатланските интеграции се консесуална одлука на сите политички партии во државата.

Со други зборови оваа работна верзија на извештајот треба да се разгледува објективно, добронамерно и да се изнесат аргументи во однос на одредени оценки на Комисијата, по донесените одлуки, закони, или преземените мерки.

Длабоко сум уверен дека ниту преголемите критики на опозицијата, ниту пак одбрана по секоја цена од страна на парламентарното мнозинство не оди во прилог на Република Македонија од причина што исполнувањето на критериумите за членство во Европската унија не е задача на Европската комисија, туку на Република Македонија. Згора на тоа и искуството од досегашниот пат на Евроинтеграциите посебно на примерот на Република Македонија покажа дека нема сентименталност, дека се вреднува секоја област од општественото живеење и дека нема бегање од обврски.

Впрочем, самиот факт што Владата на Република Македонија подготви акционен план за евроинтеграциите каде се нотирани обврските и прецизни ирокови за исполнување на истите покажува спремност објективно да се вреднува овој документ и спремност целосно да се исполнат преземените обврски.

Општа е констатацијата и на седниците на работните тела и воопшто во јавноста дека изборните нерегуларности од 2008 година фрлија сенка на евидентниот напредок направен во повеќе области, што е и објективно нотирано во извештајот.

Колку некој тоа и да не сака да го види сепак направен е евидентен напредок во многу области, кои јас ќе се обидам да ги нотирам во

натамошниот тек на излагањето, се разбира таксативно, бидејќи Деловникот не ми овозможува пошироко да го елаборирам извештајот на Европската комисија.

Би сакал да истакнам додека сум овде дека и покрај негативните оценки на изборниот процес за 2008 година важно е да се нотира дека во извештајот се потврдува дека од административен аспект изборите беа спроведени релативно добро. Ова не случајно го наменувам, бидејќи Државната изборна комисија работеше транспарентно и на ефикасен начин и дека голем број на одлуките на Државната изборна комисија беа потврдени од страна на Врховниот суд.

Реков, ова не случајно го напоменувам бидејќи во порнешниот период беше пракса за изборните нерегуларности да се обвинува Државната изборна комисија . За среќа овој пат тоа не е случај, бидејќи согласно констатацијата на Европската комисија Државната изборна комисија ефикасно и професионално си ја изврши својата работа.

Во тој контекст со цел превенирање на изборните нерегуларности на наредните избори Собранието ги прифати измените на Изборниот законик со кои се изменети најголемиот дел од препаратите на ОБСЕ, ОДИХР и токму во тој контекст, со цел да се обезбеди поширок консензус околу измените на Изборниот законик претставниците на помалите етнички заедници прифатија прашањето околу гарантираните мандати да биде проследено по локалните и претседателските избори 2009 година

Би сакал да истакнам дека во овој меѓу период се донесени голем број на закони, како Закон за јавно правобранителство, Закон за јавно обвинителство, Закон за совет на јавни обвинители, основан е новиот Управен и Апелационен суд во Гостивар, Закон за Комитет за односи меѓу заедниците, основан Национален совет за Евроинтеграции, и да не набројувам, сето тоа се услови кои што ги имаше поставено Европската унија.

Во извештајот е констатирано дека во летниот период голем број на закони беа донесени по итна постапка и без согласност на опозицијата. За жал во тој период опозицијата го бојкотираше Собранието и во интерес на вистината дел од тие закони беа предмет на расправа и во претходниот мандатен период, меѓутоа од најразлични причини не беа донесени и постоеше ризик доколку тие закони не бидат разгледани, а во услови на бојкот опозицијата не ги испочитува роковите за нивно донесување тоа неминовно ќе се одразеше на Извештајот на Европската комисија. Тогаш независно чија ќе беше одговорноста цената повторно ќе ја платеше Република Македонија. Тоа е господо вистината по ова прашање.

Во извештајот се констатира и напредок во сферата на децентрализацијата. Вкупно 57 општини влегоа во втора фаза на фискална децентрализација, но паралелно со тоа се напоменува дека треба да се обезбеди напредок во директното финансирање на надлежностите пренесени од централната власт на општините.

Во истиот тој период меѓу другото е констатиран напредок и во спроведувањето на Законот за државни службеници, зголемени се средствата за функционирањето на институцијата Народен правобранител и подобрена е соработката на народниот правобранител со државните институции.

Зголемен е бројот на вработените во Европската унија секторите и согласно изештајот завршен е процесот на реструктуирање на Секретаријатот за Европски прашања.

Направен е напредок во реформите на полицијата и согласно извештајот посебно во сферата на децентрализацијата на полицијата.

Како генерален заклучок евидентиран е напредок во реформирањето на државната администрација со напомена да се даде приоритет на воспоставување на јавна администрација која ќе биде способна, професионална и ослободена од политички влијанија.

Во поглавјето за судскиот систем откако се лоцирани направените реформи во заклучокот стои дека е направен добар напредок во стратегијата за реформа во судството, Судскиот совет нормално функционира, ако функционира и новиот Управен суд и Апелациониот суд во Гостивар.

Се препорачува натамошно јакнење на независноста, ефикасноста, човечките ресурси и буџетската рамка на судството. Така прецизно стои во извештајот.

Во поглавјето за Антикорупциската комисија, како генерален заклучок се констатира напредок во спроведувањето на антикорупциската политика, се констатира дека е зајакната правната и институционалната рамка на антикорупциската политика и се констатираат одредени резултати во спроведувањето.

Европската комисија препорачува дека е потребно да се продолжи со таа политика со посебен осврт кон транспарентното финансирање на политичките партии и изборните кампањи. Впрочем, во тој правец уследија измените во изборниот законик.

Во поглавјето за човековите права и заштита на малцинските права детално се елаборира сферата на граѓанските права, се ублажуваат лошите услови во одредени закони, се укажува на одредени проблеми во функционирањето на институцијата Народен правобранител, се констатира дека правната рамка и слободата на изразување, вклучувајќи ги медиумите што претставуваат поголем број на меѓународни стандарди, се забележува недостиг на ресурси

заради недостиг на системот за наплата на радиодифузната такса.

Исто така, се констатира дека е зајакнета правната институционална рамка за правата на жените, децата, социјално ранливите лица и лица со посебни потреби, а напредок е остварен и во делот на работничките права и синдикатите и како генерален заклучок стои дека земјата делумно ги исполнила своите цели во оваа област.

За поздравување е што за прв пат што во еден Извештај на Европската комисија се анализираат состојбите околу правата на етничките заедници, се поздравува донесувањето на Законот за јазиците кој ги исполнува меѓународните стандарди, но се констатира дека има недоволен опфат на јазиците на помалите етнички заедници, се констатира дека е усвоен Законот за заштита на правата на помалите заедници и формирана е Агенција, која согласно изјавата на Владата ќе профонкционира со полн капацитет во првиот квартал во 2009 година.

Бидејќи времето не ми дозволува да го елаборирам економскиот дел од овој Извештај, во Извештајот како генерално се инсистира на поефикасно владеење на правото и зајакнување на капацитетие на институциите, за да се обезбеди еднакво правило на игра за пазарните учесници. Се на се по мене е реално проектирана состојбата за која Владата покажа спремност да ги инкорпорира во Акциониот план.

Од друга страна, мораме да бидеме свесни дека после проблемот со усвојувањето на највисокиот правен акт на Унијата е исклучителено тешкиот пат на менаџирањето на настанатата ситуација и проблемот што го имаме со Република Грција околу зачувувањето на уставното име на земјата, неминовно се заостри диоптријата низ која се проценува подготвеноста на една земја за членство во Европската унија. Тоа се објективни околности, кои ниту смеат да се занемарат, ниту пак да послужат како алиби кон патот за евроинтеграциите. Јас се надевам дека наредната година ќе обезбедиме и статус за преговори и ќе обезбедиме безвизен режим за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас

Има збор г-ѓа Радмила Шекеринска, повелете

**Радмила Шекеринска:** Г-дине претседателе, колеги пратеници,

Јас да продолжам таму каде што Кенан заврши. Неговите последни зборови беа дека еве очекуваме и ќе сработиме следната година да почнеме со преговори и да се ослободиме од визниот режим.

Почитуван, колега, оваа иста реченица ја слушаме веќе трет пат во истото Собрание. Затоа, јас не се согласив со една трибина, која се одржа пред еден месец на оваа тема кога некој од учесниците велеа дека правиме скок во место. Не правиме скок во место. Правиме трискок во место. Три години по ред, ни се случува буквално, истото сценарио. И во Владата и во медиумите и во Македонското Собрание. И три години по ред ниедна од лекциите не е научена. Денеска еден од колегите спомна дека Македонија мора да продолжи по истиот пат и покрај тоа што не добивме датум за преговори. Меѓутоа, ако тој пат пред три, четири, 6 години, велевме патот кон Брисел води преку Охрид, патот кон Брисел води преку Љубљана, кога имаше Словенец претседател. Денеска некој спомна патот кон Брисел води преку Стразбург. Според она што ни се случува, 12 месеци изгледа некој се обидува да не однесе во Брисел, ама преку Абудаби. Затоа ни оди така мачно. И така, не стоиме во место, туку се враќаме назад. Навистина и самата се прашувам што се случи за релативно кратко време, Македонија од пример, да стане проблем на Балканот. И не ни помага тезата која се повеќе ја слушам од многу Влади и пратеници, претставници на власта дека Косово е поголемиот проблем, се разбира дека е и дека за да се спаси Меѓународната заедница од проблемите кои допрва ја чекаат на Косово, можеби за Македонија ќе отвори некоја мала врата.

Почитувани колеги, пратеници, играта ни е многу лесно прочитана и во Вашингтон и во Брисел. И таа игра и тоа ново алиби, верувајте не поминува. Македонија стана земја пример, заради тоа што се трудеше дома да си ги решава сопствените проблеми и на тој начин да му помага на регионот. Сега Македонија станува земја проблем, заради тоа што надодава на проблемите во соседството. Денеска, не знам дали некој спомна дека Црна Гора ја поднесе апликацијата за членство во Европската унија. Прочитајте какви пораки добија од претседателот на Европската унија. И помислете, барем вие кои имате поголемо политичко искуство и знаете да ги читате и политичките и дипломатските пораки, зошто такви реченици не слушаме веќе за Македонија. Еден експерт, кој се обиде да зборува со Владата, ама немаше никој присутен, па немаше ни кој да чуе, вака кажа: Секогаш има проблеми. Никој во Европската унија не очекува Македонија да нема проблеми. Ама очекуваме да има некои реформи и некои резултати. Тие кај вас веќе одамна не ги гледаме. Пред само еден месец, кога за прв пат го прочитавме резимето на Европскиот Извештај, требаше да не загрижи главната реченица: Не ги задоволуваме политичките критериуми. Да ве потсетам, тоа се истите тие критериуми, кои во 2005 година, бидејќи ги задоволувавме, ни го донесоа кандидатскиот статус. И не функционира алибито дека 70 или 80 закони ги донесовме во лоша демократска, односно недемократска процедура, затоа што ако не ги донесовме ќе не критикуваа. Па дајте да бидеме искрени. Законот за генетски модифицирани производи, немаше да биде причина Македонија да не почне преговори, ама изборите, ама Парламентот кој функционира, како што функционира лошо, може да биде причина да не се добијат преговори. Затоа, верувајте,

станавме земја проблем, од земја пример, заради тоа што во Македонија и надвор од Македонија, ова Собрание се доживува како гласачка машина, а Владата се доживува како комбинација на рекламна агенција и главен и врховен уредник на сите вести во нашата држава. Со такви поделени улоги, Македонија не може да ги задоволи политичките критериуми.

Меѓутоа, јас би сакала да кажам нешто што мислам и се надевам дека ќе биде корисно, бидејќи често пати ја слушам истата реченица од неколку претставници на Владата и пратеници. Таа реченица оди вака: Многу е полна со оптимизам и заради тоа ни се допаѓало во нормални околности, но сега веќе сме оптимисти со искуство. За жал, овие три години со лошо искуство. Таа реченица оди вака: Уште утре Македонија може да почне преговори. Ова е неодговорен и неаргументиран оптимизам. Јас сметам дека Собранието не смее да падне во замката на таквиот неоправдан оптимизам, кој само служи за покривање, а не за охрабрување. Еве да претпоставиме дека утре Европската унија ќе се разбуди и ќе каже заборавете се што сме зборувале за Македонија, Македонија утре почнува со преговори. И ќе седнеме на маса. Тие ќе ни го постават прашањето, ајде да видиме како вие утре ќе организирате фер и демократски избори. Еве да преговараме за тоа, иако за тоа нема преговори. Но треба да претпоставиме. Знаете ли што ќе им каже нашата Влада. Тоа што ни го кажува и во Собранието. Ние ќе преговараме со партиите и ќе ги убедиме да влијаат на одржување на фер и демократски избори. Со тоа, Владата кажува дека не сака да ги прочита пораките од Извештајот. Во Извештајот главниот проблем не е само што некој пукал и некој бил жртва, што е срамота за било која држава која сака да се нарекува демократска. Знаете ли кој е најголемиот проблем, што во Извештајот буквално, такаречи со имиња и презимиња стои фактот дека полицијата е таа која што учествуваше во нерегуларностите. Со кого ќе разговарате полицијата да биде коректна. Со претседателите на опозицијата, со кого? Со медиумите, со невладините организации? А тој што носи командна одговорност тој ќе седи упорно, или таа ќе седи упорно од оваа страна и ќе ни се заканува приватно кој кажал, кој ја критикувал полицијата. Тоа прашање на преговори, ако утре ги почнеме, нема да знаеме да одговориме. Еве едно друго интересно прашање. Денеска видовме нов комерцијален оглас од серијата комерцијални огласи на Владата, која вели дека Европа не е ниту датум, ниту рок, Европа е начин на живеење. Мене ми се допадна рекламата и особено ме трогна пораката дека на патот кон Европа тргни од себе. Јас велам ќе тргнам од себе. Пред една недела добив покана за суд, заради тоа што тужителот Република Македонија, Министерството за внатрешни работи многу се навредило од тоа што за време на кампањата било критикувано. Јас тргнав од себе и ги почитував институциите на оваа држава и отидов на суд. На тој суд и пред таа институција, оние кои не тргнале од себе, а тоа е министерот за внатрешни работи, платен од наши пари не се појави. Ајде сега кажете ми како јас да го сфатам ова другото што пишува еднаквост пред законот, па уште полицаец стои како доказ. Зошто јас не сум еднаква пред законот со Гордана Јанкулоска, која во моментот е случајно министер за внатрешни работи. Или можеби, еднаквоста пред законот ја сфаќаат на ово начин. Кога Иво Котевски потпаролот на Министерството ќе треба да оди на суд, тогаш Гордана Јанкулоска го правда зошто не дошол. А кога таа нема да се појави на суд, потпаролот на Министерството ќе излезе и ќе ја смени приказната зошто министерката не си ја почитува сопствената судска инстанца. Тоа на преговори не поминува.

Трето, се надевам интересно за претседателот на Собранието, бидејќи зборуваме многу често за администрацијата, а тоа е една од точките од првата до последната страница не критикуваат, јас ќе го замолам да се распраша за начинот за кој што според повеќе информации бил спроведуван конкурсот за повеќе луѓе кои треба да работаат овде во Собранието на тема Европска унија и да се распраша како е возможно во саботата половина од кандидатите да дошле со фотокопии од тестот и се разбира, пишани одговори. Откако ќе ја задоволи љубопитноста и моја и своја и откако ќе казни некој и ќе чуеме кој ќе биде тој за таквото однесување, тогаш ќе му кажам дека дел од прашањата му биле ЕУ неписмени и за тоа се надевам, ќе се консултира и со Владата.

Мене ми изгледа, според се ова што ни се случува последниве месеци дека Владата ја следи логиката за која е критикуван Ричард Никсон кога бил претседател. Неговите критичари велат вака: кога два минуса, две зла немаше да му направат плус, тој правеше трето. Така и Владата, не и беше доста што нема политички дијалог и кохабитација, не и беше доста што институциите се распарчани, туку мораше да напише уште еден минус, катастрофалните избори од кои неможеме да се извадиме. Затоа почтувани колеги, очигледно е дека лекциите не се учат и дека наместо преку Абудаби, ако Владата продолжи по ист пат, во Брисел ќе одиме преку Сингапур. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

Реплика има г-дин Хасипи Кенан, повелете

**Кенан Хасипи:** Благодарам г-дине претседател,

По две три прашања ќе искоментирам, она што по мене е причина што ние доцниме на патот кон Евроинтеграциите.

Прво, во контактите со било кој меѓународен претставник, постојано ни префрлувале дека бојкотот не е начин на функционирање на една политичка партија. Ова важи за сите политички

субјекти, бидејќи во изминатиот период сме имале прилика дека буквално сите политички партии во одреден период го бојкотирале Собранието. Значи, тоа не е начин кој што од страна на Меѓународната заедница се прифаќа како начин на водење на политика и тоа треба сите да го прифатиме.

Втора работа, јас лично сметам дека Македонија направи грешка што задоцни со апликацијата за членство во Европската унија. Само да се компарираме со земјите од соседството во кој период и под какви услови аплицирале за Европската Унија ќе видиме дека сме задоцниле и еднаш во Париз од страна на словенската делегација ни беше префрлено, доколку оваа година не аплицирате, вие ќе го изгубите и последниот воз за Европската Унија. Сакаат да инплицираат да веруваме повеќе во себе и да бидеме со позитивна енергија во тој правец.

Трето, општа пракса е во Република Македонија дека кога е на власт одредена политичка групација сите проблеми сака да ги префрли на опозицијата. Од друга страна, опозицијата сета одговорност сака да ја сведе на Вкадата или парламентарното мнозинство. Вистината е дека и за љубов и за кавга се потребни двајца. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам.

За контра реплика г-ѓа Шекеринска Радмила.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Јас жалам што г-динот Кенан Хасипи кој е пратеник веќе во трет состав, ако не се лажам, не беше толку гласен за поддршка на апликацијата тогаш кога требаше. Кога јас бев под критика на некои кругови од страна на ВМРО ДПМНЕ дека брзаме со апликацијата. И кои тврдеа дека тоа е само сеење на магла и давање лажни ветувања.

Во 2005 година, кога дојде кандидатскиот статус, не сам, туку затоа што беше изработен, тогаш нагло сите тие скептични политичари станаа промотори на нова европска филозофија. Тогаш ми требаше повеќе поддршката на г-динот Кенан Хасипи, отколку што му паѓа на памет за таа епизода средба со Словенците. Инаку, во 2005 година имавме бојкот на две опозициски партии. Во ниеден момент не ми падна на памет да се вадам ако не дојде кандидатскиот статус на опозицијата. Ќе ја носев одговорноста така како што секоја нормална партија и секој нормален политичар би ја носел. Затоа немојте да ја браните толку власта, која не може ни сама да се одбрани.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Има збор г-динот Ивица Боцевски, вице премиер.

**Ивица Боцевски:** Почитувани дами и господа,

Токму моја е синтагмата дека Република Македонија го има неопходниот политички, институционален, административен и граѓански капацитет уште утре, уште во овој момент да започнат со преговори. Оваа реченица го отсликува и сатвот на Владата, го отсликува и мојот личен став, ја отсликува и реалноста во Република Македонија. Патот на Македонија кон Европската Унија ќе тргне и ќе заврши тука во Скопје, онаму каде што му е местото, а се разбира дека ние целата наредна година ќе ја посветиме токму на тоа да ги разоружаме и најголемите скептици. Нашата стратегија ќе биде многу едноставна, да не дадеме ниту едно алиби, да не дадеме ниту една причина за оние кои што се скептични, резервирани, да го блокираат натамошнот тек на Република Македонија и натамошниот пат на Република Македонија кон Европската Унија. А точно е дека патот кон Европа, почнува од нас самите и од тие причини јас сум подготвен да ја преземам својата одговорност врзана со функционирањето на Република Македонија и на Владата на Република Македонија во текот на идната година во сферата на европските интеграции и апелирам уште еднаш до сите политички чинители во Република Македонија и до сите граѓански чинители, да ја понесеме секој својата обврска на патот кон македонските евроинтеграции. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена г-ѓа Шекеринска Радмила.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Ова ќе беше добар настап да се сочуваше во 2006 година. И можеби ќе не убедевте дека имате намера, имате план, имате знаење, имате капацитет.

Г-дине вицепремиер, вие сте вицепремиер на иста Влада која е во континуитет три години. Три години ни ги сервирате истите ветувања и Македонија не ја мрднавте од место. По политичките критериуми ја вративте назад. Убав е оптимизмот, ама од оптимизам не се живее. Се живее од конкретни резултати. Бидејќи три години живеете и сте платени од истата Влада, го носите со себе товарот на две години неуспех. Овој е трет Извештај во кој Македонија не го добива тоа што Никола Груевски ветува. За жал, трите години се три изгубени години не само за вас, туку и за нас и за секој македонски граѓанин. За тоа одговорност во овој момент треба да понесете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

По повод Извештанот на Европската комисија, пратениците: Цветанка Иванова, Андреј Жерновски, Силвана Бонева, Тахир Хани и Имер Алиу поднесоа Предлог на резолуција за приоритетите во 2009 година, за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија кој ви е поделен.

Го ставам Предлог на резолуцијата на гласање.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да поминеме на гласање.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 64 пратеници, може полногласно да гласаме. Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници. За Предлогот на резолуцијата гласаа сите 66 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Соранието ја донесе Резолуцијата за приоритетите во 2009 година за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Процедурално, Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Требаше пред гласањето да ми дадете процедурално, затоа што според Деловникот имам право да ми дадете право на збор во моментот кога ќе побарам. Процедуралното го барав за да реагирам на односот на парламентарното мнозинство на денешната дебата и секако на чинот на гласање.

Очигледно е дека ова парламентарно мнозинство, колкава доверба да добие од граѓаните, повторно не е тука и за гласање, дури и за една ваква важна точка, како што е Извештајот за Европската унија. Побаравте предвремени избори и баравте поддршка од граѓаните, за да добиете поголемо мнозинство, за да не се кочи преродабата. Очигледно дека кочничар на самата преродба сте самите вие, затоа што ние сме тука, заеднички ја донесовме оваа Резолуција и мислам дека сме тука за гласање, освен парламентарното мнозинство кое секогаш има поважни работи од она што е предмет на дебата во оваа собраниска сала. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 35-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

За утре е закажана нова седница во 11,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 20,30 часот)